# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 20/2023
## 29.12.2023 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Финансиски извештај на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино за периодот од 01.01.2023 до 30.09.2023 година**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Финансиски извештај на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино за периодот од 01.01.2023 до 30.09.2023 година ,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **27.12.2023** година.

**бр.09- 1012/1**
**29.12.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ( Сл. Весник на РМ“ бр. 5/02 ) член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија ( Сл. весник на РМ 38/96...64/18 Сл.весник на РСМ 35/19...89/22) и член 79 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **27.12.2023** година го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**за усвојување на Финансиски извештај на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино за периодот од 01.01.2023 до 30.09.2023 година**

### Член 1

Советот на Општина Неготино го усвои **Финансискиот извештај на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “** Неготино за периодот од 01.01.2023 до 30.09.2023 година со бр.**02-544/3** од **16.11.2023** година .

### Член 2

Овој Заклучок влегува во сила со објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр.08-977/3**
**27.12.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседавач,**
**Пепица Ѓорѓиева**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Решение за давање согласност на Финансиски план и програма за работа за 2024 година на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино бр. 05-464/1 од 16.11.2023 година**

Се објавува **Решение за давање согласност на Финансиски план и програма за работа за 2024 година на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино бр. 05-464/1 од 16.11.2023 година,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **27.12.2023** година.

**бр.09- 1012/2**
**29.12.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( „ Сл.весник на РМ “ бр .5/02) и член 79 став 1 точка 30 од Статутот на општина Неготино ( Сл.гласник на општина Неготтино “ бр .3/06, 2/11, 6/11, 16/12, 16/14 ,13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **27.12.2023** година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за давање согласност на Финансиски план и програма за работа за 2024 година на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино**

**Член 1**

Се дава согласност на **Финансиски план и програма за работа за 2023 година на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино** бр. 05-464/1 од 16.11.2023 година донесен од Директорот на **ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “** Неготино.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во „ **Службен гласник на Општина неготино “** .

**бр.08-977/4**
**27.12.2023 година**

**Совет на Општина Неготино**

**Претседавач,**

**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Програма за работа на Општинскиот совет на безбедност на сообраќајот на патиштата за 2024 година**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Програма за работа на Општинскиот совет на безбедност на сообраќајот на патиштата за 2024 година,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **27.12.2023** година.

**бр.09- 1012/3**
**29.12.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( Сл. Весник на РМ“ бр. 5/02 )и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14, 13/20 и 3/22), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **27.12.2023** година го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Програма за работа на Општинскиот совет на безбедност на сообраќајот на патиштата за 2024 година**

**Член 1**

Советот на Општина Неготино ја усвои Годишната програма за работа на Општинскиот совет на безбедност на сообраќајот на патиштата за 2024 година.

**Член 2**

Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр.08-977/5**
**27.12.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседавач,**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Програма за работа на ЈКП Комуналец Неготино за 2024 година**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Програма за работа на ЈКП Комуналец Неготино за 2024 година,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **27.12.2023** година.

**Бр.09- 1012/4**
**29.12.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( Сл. Весник на РМ“ бр. 5/02 )и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14, 13/20 и 3/22), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **27.12.2023** година го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Програма за работа на ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино за 2024 година**

**Член 1**

Советот на Општина Неготино ја усвои Годишната програма за работа на **ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино за 2024 година**.

**Член 2**

Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр.08-977/6**
**27.12.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседавач,**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за давање согласност на Одлука бр. 02-838/10 од 25.12.2023 година на УП на ЈП „Комуналец“ Неготино за утврдување на тарифа на вода за пиење и тарифи за собирање и одведување на урбани отпадни води за регулиран период 2024-2026 година**

Се објавува **Решение за давање согласност на Одлука бр. 02-838/10 од 25.12.2023 година на УП на ЈП „Комуналец“ Неготино за утврдување на тарифа на вода за пиење и тарифи за собирање и одведување на урбани отпадни води за регулиран период 2024-2026 година,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **27.12.2023** година.

**Бр.09- 1012/5**
**29.12.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. весник на РМ “ бр.05/02,) чл. 11 ст.1 т. 5 од Законот за јавни претпријатија ( Сл. весник на РМ 38/96...64/18 Сл.весник на РСМ 35/19...89/22) и член 79 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Неготино (,, Сл.гласник на Општина Неготино ,, бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **27.12.2023** година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање на согласност на Одлука бр. 02-838/10 од 25.12.2023 година на Управниот одбор на ЈП „ Комуналец “ Неготино за утврдување на тарифа на вода за пиење и тарифи за собирање и одведување на урбани отпадни води за регулиран период 2024 – 2026 година**

**Член 1**

Се дава согласност на **Одлука бр. 02-838/10 од 25.12.2023 година на Управниот одбор на ЈП „ Комуналец “ Неготино за утврдување на тарифа на вода за пиење и тарифи за собирање и одведување на урбани отпадни води за регулиран период 2024 – 2026 година** донесена од страна на Управниот одбор на ЈП „ Комуналец “ Неготино.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино “ .**

**бр.08-977/7**
**27.12.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседавач,**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за работа на Советот на општина Неготино за 2024 година**

Се објавува **Програма за работа на Советот на општина Неготино за 2024 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **27.12.2023** година.

**Бр.09- 1012/6**
**29.12.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( „ Сл.весник на РМ “ бр.5/02), а во врска со член 79 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Неготино ( „ Сл.гласник на Општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 6/11, 16/12 , 16/14, 13/20 и 3/22) и член 133 од Деловникот на Советот на Општина Неготино ( „ Сл.гласник на Општина Неготино “ бр.3/06 и 2/11 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **27.12.2023** година ја донесе следната

## П Р О Г Р А М А
## за работа на Советот на Општина Неготино за 2024 година

## ВОВЕД

Програмата за работа на Советот се базира на надлежностите на Советот пропишани со Уставот на РСМ, Законот за локална самоуправа и другите закони кои се однесуваат на функционирањето на локалната самоуправа, како и Статутот на општината и Деловникот за работа на Советот.

Програмата овозможува насоки по кои ќе се раководи Советот во своето работење во текот на една календарска година.

Со истата се обезбедува траспарентност, но и простор за нејзино проширување и дополнување од овалстени предлагачи и други заинтересирани субјекти и поединци.

## С О Д Р Ж И Н А

**Период: Јануари-Март**

1. **Квартален извештај за извршување на Буџет на Општина Неготино за 2023 година – Четврти квартал;**

   Предлагач: Градоначалник на Општина Неготино
   Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

2. **Информација за состојбата со јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на подрачјето на општина Неготино за 2023 година;**

   Предлагач: ОВР Неготино

3. **Годишен извештај за работата на Општина Неготино за 2023 година**;

   Предлагач: Градоначалник на Општина Неготино
   Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

4. **Годишна сметка на Буџетот на општина Неготино за 2023 година;**

Предлагач: Градоначалник на Општина Неготино
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

5. **Годишен извештај за работа за 2023 година на ЈП „ Комуналец “ Неготино;**

Предлагач: ЈП „ Комуналец “ Неготино

6. **Годишен извештај за работа за 2023 година на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино;**

Предлагач: ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино

7. **Годишен извештај за работа за 2023 година на ОУ „ Музеј на град Неготино “ - Неготино ;**

Предлагач: ОУ „ Музеј на град Неготино “

8. **Годишен извештај за работа за 2023 година на Локална библиотека „ Страшо Пинџур “ Неготино ;**

Предлагач: Локална библиотека „ Страшо Пинџур “ Неготино

9. **Годишен извештај за работа за 2023 година на Отворен граѓански универзитет - Неготино ;**

Предлагач: Отворен граѓански универзитет - Неготино

10. **Годишна сметка/ Финансиски извештај за 2023 година на ЈП „ Комуналец “ Неготино;**

Предлагач: ЈП „ Комуналец “ Неготино

11. **Годишна сметка / Финансиски извештај за 2023 година на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино;**

Предлагач: ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино

12. **Годишна сметка / Финансиски извештај за 2023 година на ОУ „ Музеј на град Неготино “ Неготино ;**

Предлагач: ОУ „ Музеј на град Неготино “

13. **Годишна сметка / Финансиски извештај за 2023 година на Локална библиотека „ Страшо Пинџур “ Неготино ;**

Предлагач: Локална библиотека „ Страшо Пинџур “ Неготино

14. **Годишна сметка / Финансиски извештај за 2023 година на ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино**
Предлагач: ООУ „ Гоце Делчев ’ Неготино

15. **Годишна сметка / Финансиски извештај за 2023 година на ООУ „ Страшо Пинџур “ Неготино**
Предлагач: ООУ „ Страшо Пинџур “ Неготино

16. **Годишна сметка / Финансиски извештај за 2023 година на СОУ „ Св. Кирил и Методиј “ Неготино;**
Предлагач: СОУ „ Св. Кирил и Методиј “ Неготино

17. **Одлуки за донесување на Детални урбанистички планови ( по добиени согласности )**
Предлагач: Градоначалник на Општина Неготино
Изготвувач:Одделение за урбанизам

18. **Годишен Извештај за работа на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2023 година;**
Предлагач: Центар за развој на Вардарски Плански Регион

19. **Извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2023 година;**
Предлагач: Центар за развој на Вардарски Плански Регион

20. **Извештај за работа на Совет за превенција од детско престапништво на општина Неготино за 2023 година;**
Предлагач: Совет за превенција од детско престапништво на општина Неготино за 2022 година

21. **Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Неготино за 2024 година;**
Предлагач:Градоначалник на Општина Неготино

Изготвувач:Сектор за финансиски прашања

22. **Одлуки за донесување на Детални урбанистички планови ( по добиени согласности )**
Предлагач: Градоначалник на Општина Неготино
Изготвувач:Одделение за урбанизам

**Период Април – Јуни**

23. **Квартален извештај за извршување на Буџет на Општина Неготино за 2024 година – Прв Квартал**;
Предлагач: Градоначалник на Општина Неготино
Изготвувач:Сектор за финансиски прашања

24. **Извештај за работа за период од 01.01.2024 - 31.03.2024 година ЈП „ Комуналец “ Неготино;**
Предлагач: ЈП „ Комуналец “ Неготино

25. **Извештај за работа за период од 01.01.2024 - 31.03.2024 година ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино;**
Предлагач: ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино

26. **Одлуки за донесување на Детални урбанистички планови ( по добиени согласности )**
Предлагач: Градоначалник на Општина Неготино
Изготвувач:Одделение за урбанизам

27. **Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Неготино за 2024 година;**
Предлагач:Градоначалник на Општина Неготино
Изготвувач:Сектор за финансиски прашања

**Период Јули – Септември**

28. **Квартален извештај за извршување на Буџет на Општина Неготино за 2024 година – Втор Квартал;**

Предлагач: Градоначалник на Општина Неготино
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

29. **Извештај за работа за период од 01.01.2024 - 30.06.2024 година година ЈП „ Комуналец “ Неготино;**

Предлагач: ЈП „ Комуналец “ Неготино

30. **Извештај за работа за период од 01.01.2024 - 30.06.2024 година ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино;**

Предлагач: ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино

31. **Извештај за работа на ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино во учебната 2023/2024 година;**

Предлагач: ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино

32. **Извештај за работа на ООУ „ Страшо Пинџур “ Неготино во учебната 2023/2024 година;**

Предлагач: ООУ „ Страшо Пинџур “ Неготино

33. **Извештај за работа на СОУ „ Св. Кирил и Методиј “ Неготино во учебната 2023/2024 година;**

Предлагач: СОУ „ Св. Кирил и Методиј “ Неготино

34. **Извештај за работа на ООМУ „ Владимир Арсовски “ Неготино за 2023/2024 година**

Предлагач: ООМУ „ Владимир Арсовски “ Неготино

35. **Извештај за работа на ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “ Неготино во учебната 2023/2024 година**

Предлагач: ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “ Неготино

36. **Годишна програма за работа на ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино за учебната 2024/2025 година**

Предлагач: ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино

37. **Годишна програма за работа на ООУ „ Страшо Пинџур “ Неготино за учебната 2024/2025 година**

Предлагач: ООУ „ Страшо Пинџур “ Неготино

38. **Годишна програма за работа на ООМУ „ Владимир Арсовски “ Неготино за 2024/2025 година**

Предлагач: ООМУ „ Владимир Арсовски “ Неготино

39. **Годишен план за вработување во Општина Неготино за 2025 година;**

Предлагач: Градоначалник на Општина Неготино
Изготвувач: Одделение за управување со човечки ресурси

40. **Годишен план за вработување за 2025 година на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

Предлагач: ЈП „ Комуналец “ Неготино

41. **Годишен план за вработување за 2025 година на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино**

Предлагач: ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино

42. **Годишен план за вработување за 2025 година на ОУ „ Музеј на град Неготино “ - Неготино ;**

Предлагач: ОУ „ Музеј на град Неготино “

43. **Годишен план за вработување за 2025 година на Локална библиотека „ Страшо Пинџур “ Неготино ;**

Предлагач: Локална библиотека „ Страшо Пинџур “ Неготино

44. **Годишен план за вработување за 2025 година на ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино;**

Предлагач: ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино

45. **Годишен план за вработување за 2025 година на Страшо Пинџур “ Неготино ;**

Предлагач: ООУ „ Страшо Пинџур ’ Неготино

46. **Годишен план за вработување за 2025 година на СОУ „ Св. Кирил и Методиј “ Неготино**

Предлагач: СОУ „ Св. Кирил и Методиј ' Неготино

47. **Годишен план за вработување за 2025 година на ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “ Неготино**

Предлагач: ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “ Неготино

48. **Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Неготино за 2024 година;**

Предлагач:Градоначалник на Општина Неготино

Изготвувач:Сектор за финансиски прашања

49. Зелен катастар

Предлагач: Градоначалник на Општина Неготино

Изготвувач: Одделение за комунални дејности и сообраќај

**Период Октомври – Декември**

50. **Квартален Извештај за извршување на Буџет на Општина Неготино за 2024 година – Трет Квартал;**

Предлагач:Градоначалник на Општина Неготино

Изготвувач:Сектор за финансиски прашања

51. **Извештај за работа за период од 01.01.2024 - 30.09.2024 година ЈП „ Комуналец “ Неготино;**

Предлагач: ЈП „ Комуналец “ Неготино

52. **Извештај за работа за период од 01.01.2024 - 30.09.2024 година ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино;**

Предлагач: ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино

53. **Одлуки за донесување на Детални урбанистички планови ( по добиени согласности )**

Предлагач: Градоначалник на Општина Неготино

Изготвувач:Одделение за урбанизам

54. **Одлука за доделување на Награда 8 Ноември, Одлука за доделување на признанија 8 Ноември и Одлука за прогласување на почесен граѓанин;**

Предлагач : Комисија за доделување на награди и признанија

55. **План на програмите за развој**

Предлагач : Градоначалник на општина Неготино

56. **Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Неготино за 2024 година;**

Предлагач:Градоначалник на Општина Неготино

Изготвувач:Сектор за финансиски прашања

57. **Одлуки за измена и дополнување на ДУП на Општината;**

Предлагач:Градоначалник на Општина Неготино

Изготвувач:Одделение за урбанизам

58. **Буџет на Општина Неготино за 2025 година;**

Предлагач: Градоначалник на Општина Неготино

Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

59. **Одлука за извршување на Буџетот на Општината за 2025 година;**

Предлагач: Градоначалник на Општина Неготино

Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

60. **Одлука за утврдување на вредност на бодот на платите на административните службеници за 2025 година;**

Предлагач: Градоначалник на Општина Неготино

Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

61. **Буџетски календар за 2025 година;**

Предлагач: Градоначалник на Општина Неготино

Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

62. **Програма за работа на Советот на Општината за 2025 година;**

Предлагач:Комисија за изработување на програма за Советот на Општината

Изготвувач: Одделение за правни и општи работи

63. **Програма за Локален економски развој на Општина Неготино за 2025 година;**

Предлагач:Градоначалник на Општина Неготино

Изготвувач:Одделение за ЛЕР

64. **Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Неготино за 2025 година;**

Предлагач:Градоначалник на Општина Неготино
Изготвувач:Одделение за јавни дејности

65. **Програма за комунални дејности, уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2025 година;**

Предлагач:Градоначалник на Општина Неготино
Изготвувач: Одделение за комунални дејности и сообраќај

66. **Програма за изработка на урбанистички планови на простор на Општина Неготино за 2025 година;**

Предлагач:Градоначалник на Општина Неготино
Изготвувач: Одделение за урбанизам и заштита на животната средина

67. **Програма за заштита на животна средина на територијата на општина Неготино за 2025 година;**

Предлагач:Градоначалник на Општина Неготино
Изготвувач: Одделение за урбанизам и заштита на животната средина

68. **Програма за култура, спорт и поддршка на здруженија и фондации активностите на за 2025 година;**

Предлагач: Градоначалник на Општина Неготино
Изготвувач: Одделение за јавни дејности

69. **Програма за активностите на општина Неготино во областа на образованието за 2025 година;**

Предлагач: Градоначалник на Општина Неготино
Изготвувач: Одделение за јавни дејности

70. **Програма за активностите на општина Неготино во областа на социјалната заштита во 2025 година;**
Предлагач: Градоначалник на општина Неготино
Изготвувач: Одделение за јавни дејности

71. **Програма за енергетска ефикасност на Општина Неготино за 2025 година;**
Предлагач: Градоначалник на Општина Неготино
Изготвувач: Заедничко одделение за енергетска ефикасност на ВПР

72. **Програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2025 година;**
Предлагач : Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Неготино

Нормативниот дел од Програмата за работа на Советот на Општина Неготино ја регулира нормативната дејност на Советот за 2024 година, односно донесувањето на нормативните акти од негова страна и нивното усогласување со новите прописи што се донесени или ќе бидат донесени во текот на годината.

Програмата за работа на Советот на Општина Неготино за 2024 година има отворен карактер, така што сите проблеми и прашања што ќе се појават во текот на годината, а за кои Советот, Градоначалникот и другите органи на општината ќе оценат дека имаат битно значење за животот и интересите на граѓаните, ќе бидат инкорпорирани во Програмата.

Оваа програмата влегува во сила со денот на објавувањето во **,,Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр.08-977/8**
**27.12.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседавач,**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за енергетска ефикасност на општина Неготино за 2024 година**

Се објавува **Програма за енергетска ефикасност на општина Неготино за 2024 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **27.12.2023** година.

**Бр.09- 1012/7**
**29.12.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М,, бр.5/02 и член 79 став 1, точка 11 од Статутот на општина Неготино („Службен гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден

27 .12. 2023 година ја донесе следната

# ПРОГРАМА

# ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2024 ГОДИНА

## ВОВЕД

Програмата за енергетска ефикасност претставува дефиниран збир на активности и проекти кои се планира да се реализираат во текот на 2024 година и кои по потреба ќе продолжат со реализација во 2025 година и кон кои во главно ќе бидат насочени активностите на Заедничкото одделение за енергетска ефикасност на Вардарскиот плански регион со седиште во Општина Неготино. Реализацијата на оваа Програма ќе обезбеди континуирано спроведување на активностите предвидени со неа во општината и Вардарскиот плански регион, кои треба да го подобрат нивото на енергетската ефикасност во општина Неготино и во општините од ВПР.

Програмата за енергетска ефикасност за 2024 година главно е ориентирана кон реализирање на активностите од енергетска ефикасност во Општина Неготино, како и кон ефикасно искористување на енергијата како ресурс. Финансиските извори за реализирање на активностите предвидени во програмата ќе бидат од различен карактер, од Буџет на општина Неготино, донации од домашни и странски донатори и други расположиви извори.

Програмата со активностите и проектите на општина Неготино, во областите на енергетската ефикасност за 2024 година ќе биде сообразена и во тесна корелација со Програмата за енергетска ефикасност на Општина Неготино за период 2022-2024 година и Акциониот план за ЕЕ за 2024 год. на Општина Неготино.

Посебно внимание ќе се посвети на одржувањето на уличното осветлување во Општина Неготино во состојба во која се доведе во текот на 2023 година, функционално и ефикасно со тенденција на намалување на потрошувачката на електрична енергија.

Во текот на 2023 година, покрај редовното одржување, се изврши дозамена на заостанати класични светилки кај канделабрите во градот. Сето тоа е направено со сопствени средства од буџетот на Општина Неготино.

Со ова продолжи тенденцијата на намалена потрошена електрична енергија за потребите на јавното осветлување, чија вкупна количина за 2023 година се очекува да биде на најниско ниво досега, помалку од 400 000 kWh, односно околу 360 000 kWh, што е за 70 % помалку во однос на потрошувачката од пред пет или повеќе години.

На градски стадион се поставени соларни колектори за санитарна топла вода (седум единици по 200 литри) како замена на досегашните електрични бојлери, со што се очекува намалување на потрошувачката на електрична енергија повеќе од 50 % на годишно ниво.

На локации каде што досега немаше или беше недоволно уличното осветлување (УЗ 5-1, на улица Станко Франц Пипан и во с. Криволак) поставени се столбови и нови ЛЕД светилки вкупно 18 броја).

На две ликации (споменик на Манчо малиминов и во с: Криволак) за прв пат во нашата Општина се поставени соларни светлки за осветлување) вкупно 15 броја.

Програмата со активностите и проектите на Општина Неготино во областите на енергетската ефикасност за 2024 година ќе се потпира на следните утврдени приоритети:

1) Утврдување на моменталната состојба на потрошувачка на енергија на објектите кои што се под надлежност на општината, како и потрошувачката на енергија во услугите што ги обезбедува (уличното осветлување и водоснабдувањето);
2) мерките за намалување на потрошувачката на енергија во објектите во општинска сопственост;
3) мерките за намалување на потрошувачката на енергија во услугите што ги обезбедува општината (уличното осветлување и водоснабдувањето).
4) Контрола на показателите за потрошена енергија во 2023 година и 2024 година;
5) Заштеда на енергија, преку намалување на загубите и рационален однос кон енергијата во количина колку што може **да се избегне непотребното трошење**, подобрување на енергетските

карактеристики на објектите и слично, а е остварливо со препорачани и преземени мерки за енергетска ефикасност;

6) Подигање на свеста кај корисниците на објектите и граѓаните за значењето на енергетската ефикасност, придобивките од истата и односот кон енергијата.

Дел од планираните активности во оваа програма ќе бидат целосно во согласност со Акциониот план за енергетска ефикасност за 2024 год. на општина Неготино и Програмата за енергетска ефикасност на Општина Неготино за период 2022-2024 година.

Заедничкото одделение за енергетска ефикасност на Вардарскиот плански регион со седиште во општина Неготино работи и на унапредување на енергетската ефикасност и во Вардаскиот плански регион, што значи дека и во наредниот период ќе учествува и во спроведување на Програма за развој на Вардарски плански регион, пред се со подобрување на енергетската ефикасност и искористувањето на обновливите извори на енергија, како поединечно во општините така и на ниво на целиот Варадарски плански регион.

## НОСИТЕЛИ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ

Носител на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Неготино за 2024 година е Заедничкото одделение за енергетска ефикасност на Вардарскиот плански регион со седиште во Неготино кое во соработка и координација со Градоначалникот ја изготви оваа Програма и истото ќе биде одговорно за реализација на програмските активности за општина Неготино, и на програмските активности за општините од Вардарскиот плански регион во координација со останатите Одделенија и со лицата задолжени за енергетска ефикасност во општините од Вардарскиот плански регион. Одделението за енергетска ефикасност е кадровски екипирано со две лица од кои едно високо стручен кадар – дипл. маш.инж.-енергетичар, и едно лице соработник за подготовка на техничка документација.

## ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Програмата за енергетска ефикасност на општина Неготино за 2024 година е концепирана преку предложени активности и проекти и временска рамка во следниве под-програми: ГД и ЈА:

| Ред бр. | Проект/Активност | Вкупно планирани средства во МКД | Буџет на Општина Неготино во МКД | Други извори на финансирањ е МКД |
|---|---|---|---|---|
| **ГД0** | | | | |
| 1. | За реализирање на проекти за енергетска ефикасност во 2024 согласно АП за ЕЕ (реконструкција и подобрување на енергетските карактеристики на објектите) **482 830** | 1 600 000 | 1 00 000 | 1 500 000 |
| 2. | Изработка на проектна документација за улично осветлување, за поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби на објекти и на пумпни станици за водоснабдување во Општина Неготино **482 810** | 200 000 | 200 000 | |
| 3. | Поставување на соларни колектори за СТВ на спортска сала „Младост" **482 830** | 300 000 | 300 000 | |
| 4. | Набавка на ЛЕД рефлектори од 200 W за осветлување на спортски терени, објекти и други локации **482 830** | 70 000 | 70 000 | |
| 5. | Набавка на ЛЕД рефлектори од 100 W осветлување на спортски терени, објекти и други локации **482 830** | 60 000 | 60 000 | |
| 6. | Набавка на ЛЕД рефлектори од 50 W осветлување на спортски терени, објекти и други локации **482 830** | 50 000 | 50 000 | |
| 7. | Поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби на објекти во надлежност на Општина Неготино | 2 330 000 | 2 330 000 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | Набавка на соларни рефлектори за улично и друг вид на осветлување (на детски игралишта и паркови) | 120 000 | 120 000 | |
| 9. | Набавка на опални топки Ø 400 и Ø 500 | 100 000 | 100 000 | |
| 10. | Набавка на ЛЕД светилки за канделабри со h=4 m | 200 00 | 200 000 | |
| 11. | Поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби на пумпни станици во Општина Неготино | 400 000 | 400 000 | |
| 12. | Проверка на исправноста на пумпите за водоснабдување на населените места во Општина Неготино на нивната ефикасност на работа и евентуална нивна замена | 60 000 | 60 000 | |
| 13. | Подигање на свеста кај граѓаните за значењето на енергетската ефикасност и придобивките од неа **426 990** | 10 000 | 10 000 | |
| В К У П Н О | | **5 500 000** | **4 000 000** | **1 500 000** |
| **ЈА** | | | | |
| 1. | За реализирање на проекти за енергетска ефикасност во 2024 согласно АП за ЕЕ<br><br>(изградба на јавно осветлување) на дел од Маршал Тито, и други улици во градот и населените места **482 820** | 2 000 000 | 1 500 000 | 500 000 |
| В К У П Н О | | **2 000 000** | **1 500 000** | **500 000** |
| **ГД0 и ЈА: В К У П Н О** | | **7 500 000** | **5 500 000** | **2 000 000** |

Под-програми ГД 0 и ЈА-Проекти за енергетска ефикасност

**ВКУПНО ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2024 ГОДИНА**

| Под-програма | Опис | Вкупно во МКД | Општина Неготино во МКД | Други извори во МКД |
|---|---|---|---|---|
| ГД 0 | **проекти за енергетска ефикасност** | **5 500 000** | **4 000 000** | **1 500 000** |
| ЈА | **Реализирање на проекти од ЕЕ** | **2 000 000** | **1 500 000** | **500 000** |
| ВКУПНО | **Одделение за енергетска ефикасност** | **7 500 000** | **5 500 000** | **2 000 000** |

Временска табела на активности на Одделението за ЕЕ за 2024 година

| **ГД0** | **Проекти за енергетска ефикасност** | М Е С Е Ц | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | Проект | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
| 1. | За реализирање на проекти за енергетска ефикасност во 2024 согласно АП за ЕЕ (реконструкција и подобрување на енергетските карактеристики на објектите) | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Изработка на проектна документација за улично осветлување, за поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби на објекти и на пумпни станици за водоснабдување во Општина Неготино **482 810** | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 3. | Поставување на соларни колектори за СТВ на спортска сала „Младост“ | X | X | X | X | x | x | | | | | | |
| 4. | Набавка на ЛЕД рефлектори 200 W за осветлување на спортски терени, објекти и други локации | x | x | x | x | X | X | X | | | | | |
| 5. | Набавка на ЛЕД рефлектори 100 W за осветлување на спортски терени, објекти и други локации | | X | X | X | X | | | | | | | |
| 6. | Набавка на ЛЕД рефлектори 50 W за осветлување на спортски терени, објекти и други локации | | X | X | X | X | | | | | | | |
| 7. | Поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби на објекти во надлежност на Општина Неготино | | | | X | X | X | X | X | X | X | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. | Набавка на соларни рефлектори за улично и друг вид на осветлување од min 100 и повеќе W (на детски игралишта и паркови) | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 9. | Набавка на опални топки за канделабри Ø 400 и Ø 500 | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 10. | Набавка на ЛЕД светилки за канделабри со h=4 m | | | X | X | X | X | X | | | | | |
| 11. | Поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби на пумпни станици во Општина Неготино | | | | | X | X | X | X | | | | |
| 12. | Проверка на исправноста на пумпите за водоснабдување на населените места во Општина Неготино на нивната ефикасност на работа и евентуална нивна замена | | | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 13. | Подигање на свеста кај граѓаните за значењето на енергетската ефикасност и придобивките од неа | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| **JA** | | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | За реализирање на проекти за енергетска ефикасност во 2024 согласно АП за ЕЕ<br><br>(изградба на јавно осветлување) на дел од ул. Маршал Тито, и други улици во градот и населените места | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |

**ФИНАНСИРАЊЕ**

Предвидените проектни активности во рамките на програмата за енергетска ефикасност за 2024 година се во висина од 7 500 000 денари. Од други извори планирани се вкупно **2 000 000** денари и тоа од домашни и меѓунаридни институции, донации, агенции и фондови на ЕУ**.** Од буџетот на општина Неготино се планира да бидат финансирани од под-програмите ГД0 и ЈА во висина од **5 500 000** денари

**РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА**

Програмата се финансира преку посебни ставки од Буџетот на Општина Неготино.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за локален економски развој и** Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина го следи реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа програма, покренува иницијативи, дава мислење, поднесува предлози во врска со остварување на нејзините цели и учествува во инплементацијата на активностите од програмата. Оваа програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник“ на Општина Неготино **.**

**бр.08-977/9**

**27.12.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседавач,**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за локален економски развој на општина Неготино за 2024 година**

Се објавува **Програма за локален економски развој на општина Неготино за 2024 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **27.12.2023** година.

**Бр.09- 1012/8**
**29.12.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр.5/02) и член 79 став 1, точка 11 од Статутот на општина Неготино („Службен гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 27.12.2023 година ја донесе следната:

# ПРОГРАМА

# ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО ЗА 2024 ГОДИНА

## ВОВЕД

Општините со Законот за локална самоуправа од 2002 година, имаат надлежност и улога да го водат и спроведуваат планирањето на локалниот економски развој, покрај приватниот сектор како главен двигател на локалниот економски развој.

Програмата за Локален економски развој претставува дефиниран збир на проекти кои планираат да се реализираат во текот на 2024 год. и кон кои воглавно ќе бидат насочени активностите на Одделението за Локален економски развој. Реализацијата на оваа Програма ќе обезбеди континуиран одржлив развој на општината кој треба да го подобри нивото на животниот стандард на жителите на општина Неготино.

Програмата содржи и проекти кои отпочнаа со реализација во 2023 година ,се и ќе продолжат да се реализираат и во 2024 година.Програмата за локален економски развој за 2024 година воглавно е ориентирана кон зголемување на буџетските приходи од донации од меѓународни агенции и фондации, како и кон ефикасно искористување на претпристапните фондови од ИПА Програмата за прекугранична соработка со Република Грција.Со оглед на тоа што досегашните Програми за локален економски развој беа во корелација со постојната Стратегијата за локален економски развој за периодот 2015-2020, а бидејќи во моментот нема друг стратешки документ за следниот петгодишен период,до моментот на изготвување на новиот стратешки документ Програмата за локален еконимски развој за 2023 година ќе се базира на целите и приоритетите од постојната стратегија во која се поставени следниве стратешки цели:

1. Поттикнување на вработливоста преку развој на вештини на човечкиот капитал за потребите на постоечкиот пазар на трудот како и можностите за претприемништво и самовработување;
2. Подобрување на постојната и изградба на нова комунална инфраструктура
3. Поттикнување и привлекување на странски директни и домашни инвестиции
4. Понатамошен развој и унапредување на земјоделското производство и поттикнување на пчелното производство;
5. Подобрување на енергетската ефикасност во јавните установи на Општината.
6. Развој на транзитен туризам преку различни алтернативни форми кои ќе се базираат на природните, културните и реципитивните капацитети на Општината.

Дел од планираните активности во оваа програма се во согласност со ЛЕАП на општина Неготино .

Одделението за локален економски развој работи и на регионален развој преку Центарот за развој на Вардарскиот плански регион, па оттука и спроведува дел од приоритетите на актуелната Програма за развој на Вардарски Плански Регион и учествуваше во подготовка на новата Програма за следниот период.

Преку Центарот за развој на Вардарскиот плански регион,а во рамките на Програмата за регионален развој од Бирото за регионален развој планирани се проекти активности во 2024 год.како и преку Програмата за финансиска поддршка на земјоделието и руралениот развој за 2024 год.Друга поддршка преку Центарот за развој на Вардарскиот плански регион се остварува во соработка со УНДП,Швајцарска агенција за развој и соработка и други донатори.

**НОСИТЕЛИ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ**

Носител на Програмата за локален економски развој на општина Неготино за 2024 година е Одделението за Локален Економски Развој на општина Неготино кое во соработка и координација со Градоначалникот ја изготви оваа Програма и истото ќе биде одговорно за реализација на програмските активности во координација со останатите Одделенија во општина Неготино. Одделението за локален економски развој во моментот е кадровски екипирано со високо образован стручен кадар, одговорни за спроведување на програмските активности.

**ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА**

Програмата за локален економски развој на општина Неготино за 2023 е концепирана преку предложени проекти и активности и временска рамка во следниве под-програми:

Под-програма Г10-Поддршка на локалниот економски развој

Под-програма Г20-Поттикнување и развој на туризмот

Под-програма ГА0-Изградба на комерцијални и друг вид на објекти

Под-програма ГДО-проекти за енергетска ефикасност

## ПРОГРАМА ЛЕР 2024

**Под-програма Г10-Поддршка на локалниот економски развој за 2024**

| **Ред бр.** | **Проект/ Активност** | **Вкупно планирани средства во мкд** | **Буџет на општина Неготино во мкд** | **Други извори н финансирање мкд** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Проект „LAMO“ | 0,00 | 0,00 | Европска Унија ИПА ADRIONпроект з прекугранична соработка со ше земји |
| 2. | Проект за реконструкција на старата зграда на фонд за здравство во милтифункционален центар | 0,00 | 0,00 | Европска Унија ИПА ЦБЦ соработка со Р.Грција (програма 2021-2027) |
| **3.** | Поддршка за ко-финансирање на тековни проекти во потпрограма Г10 за 2024 | 1.897.000,00 | 1.100.000,00 +797 000,00 | Трансфер договорни |
| **4.** | Организација на бизнис-форуми средби со бизнис заедницата | 50 000,00 | 50 000,00 | Оперативни |
| **5.** | Предлог проект преку МЛС програма намалување на диспаритетите-Изработка на техничка документација | 0,00 | 0,00 | УНДП – Фонд за изработка на техничка документација |
| **6.** | Поддршка за Менаџирање на проекти од страна на Центарот за развој на ВПР за 2024 Кофинансирање | 2 000 000,00 | 2 000 000,00 | Трансфер |
| **7.** | Подршка,развој и имплементација на проект за Женско претприемништво | 25 000,00 | 25 000,00 | Оперативни |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина со акроним „WA-MBRELLA” | 11 322 955,00 | 0,00 | ЕУ ИПА проект за прекугранична соработка со Р.Грција Р.С. Македонија (2014 2020)<br><br>Повраток на средства од ЕУ и МЛС на донаторска сметка во висина од 184 113,09 евра или<br><br>11 322 955,00 мкд<br><br>Трансфер на конто 742 114 |
| 9. | **Зајакнување на општинските совети - фаза 2“.**<br><br>**Зајакнување на општинските совети - фаза 2“.**<br><br>(Одржување на последна петта форумска сесија) | 20.000,00 | 20.000,00<br><br>(1лице, модератор х1 форумска сесија=12.000 мкд<br><br>1 лице, комодератор х6.000 мкд+ пер.данок 2.000,00) | **договорни** |
| 10 | **ВКУПНО Г10** | **15 314 955,00** | **3.992.000,00** | **11 322 955,00** |

**Под-програма Г20-Поттикнување и развој на туризмот 2024**

| Р. бр | Проект/Активност | Вкупно планирани средства во МКД | Буџет на општина Неготино во МКД | Други извори на финансирање МКД |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на рекреативен парк околу Спортската сала „Младост“ | 0,00 | 0,00 | Европска Унија ИПА ЦБЦ соработка со Р.Грција<br><br>(програма 2021-2027) |
| 2. | Одржување на стопанско туристичка манифестација Недела на | 500.000,00 | 500.000,00<br><br>(400.000,00- | Буџет на општина Неготино АППТ,МЕ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | виното,,Свети Трифун 2024,, | | договорни<br>50.000,00-печатарски<br>50.000,00-угостителски) | Договорни<br>Оперативни |
| **3.** | Треил Трка „Трка за вино и љубов“ | 200 000,00 | 200 000,00<br>(130.000,00-договорни<br>70.000,00-угостителски) | Општина Неготино<br>„Деконус“ДООЕЛ Скопје<br>Планинарско Друштво „Free hikers“ Неготино |
| **4.** | Поголема локална и меѓународна промоција на Општината како стопанско туристичка и економска дестинација за промоција низ разни промотивни и репрезентативни материјали- | 150.000,00 | 150.000,00<br>100.000,-печатарски<br>50.000,00-договорни | АППТ<br>Министерство за економија или други извори |
| **5.** | Поддршка на развој на вински туризам и мали семејни винарии | 100.000,00 | 100.000,00<br>(70.000,00-договорни<br>30.000,00-оперативни) | |
| **6** | Подршка на 2 вработувања во Желкова кука ( две вработувања со скратено работно време) | 400.000,00 | 400.000,00<br>(2 x15.000x12 месеци +п.данок) | **договорни** |
| **7.** | Уредување на пешачка патека до м.в.Тимјаничка цуцка во должина од 2,5 км | 7.000.000,00 | 00.00 | **ВПР- БРР,Агенција за промоција и поддршка на туризмот**<br>**7 000 000,00-трансфер** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **8.** | **Проект ,,Wine up,,**<br><br>**,,Јакнење на прекуграничните вински искуства за локален економски развој,,**<br><br>(Од вкупно 189.802,00 евра реализиран износ од **158.316,61 евра** I верификација 38.588,32евра<br>II верификација 33.815,82евра<br>III верификација 72.483,18 евра<br>IV верификација 13.429,29 евра<br>Вкупно реализирани **158.316,61 евра од кои досега се повратени 72.404,14 за прва и втора верификација** | **4.400.000,00** | 0,00 | Се очекува од ИПА Прекугранична Програма ЕУ проектна сметка да бидат повратени на буџетска сметка средства во висина од **85.912,47 евра -15.000 евра амортизација, или околу 71.000.00 евра или 4.400.000 мкд )** |
| | **ВКУПНО Г20** | **12 750 000,00** | **1.350.000,00** | **11 400 000,00** |

**Под-програма ГА0-Изградба на комерцијални и друг вид на објекти 2024**

| **Ред бр.** | **Проект/Активност** | **Вкупно планирани средства во МКД** | **Буџет на општина Неготино во МКД** | **Други извори на финансирање МКД** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Реконструкција на водоводна и фекална линија на ул.„Баба Ана Ташева“ | 2.506.322,00 | 0,00 | Проект преку МЖСПП –<br>2 506 322,00 |
| **2.** | Реконструкција на водоводна и фекална линија на ул.“Ленинова“ | 13.634.005,00 | 0,00 | Проект преку МЖСПП –<br>13 634 005,00 |
| **3.** | Реконструкција на водоводна линија на | 7.673.762,00 | 0,00 | Проект преку МЖСПП – |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ул.„Питу Гули“ | | | 7 673 762,00 |
| **4.** | Реконструкција на водоводна линија на ул.„Васка Калајџиска“ | 10.135.179,00 | 0,00 | Проект преку МЖСПП – 10 135 179,00 |
| **5.** | Реконструкција на водовод и фекална канализација на ул.„Киро Крстев | 1.756.440,00 | 0,00 | Проект преку МЖСПП – 1.756.440,00 |
| **6.** | Реконструкција на фекална канализација на ул.„Димче Мирчев“ | 5.307.655,00 | 0,00 | Проект преку МЖСПП – 5 307 655,00 |
| **7.** | **Предлог Проект по мерка 321** за аплицирање во 2023 год.-Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини. | 0,00 | 0,00 | АФПЗРР |
| **8.** | **Предлог Проект по мерка 322** за аплицирање во 2023 год.-Обнова и развој на селата. | 0,00 | 0,00 | АФПЗРР |
| **9.** | **Предлог Проект по мерка 323** за аплицирање во 2023 год. Преку ВПР-. Проект | 0,00 | 0,00 | АФПЗРР Средстватаза ДДВ се планираат дополнително |
| **10.** | **Проект по Мерка 124**,пристапност до земјоделско земјиште,,Предлог Проектот | 0,00 | 0,00 | АФПЗРР Средствата се планираат дополнително |
| **11.** | Проект „Реконструкција на фекална и атмосферска канализација на Ул.„Марксова“ до градска Болница во Неготино, | 2.677.418,00 | 0,00 | БРР – МЛС 2 677 418,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Општина Неготино“ | | | |
| **12.** | Проект „ Изградба и реконструкција на улици во село Криволак“ | 0,00 | 0,00 | Институт за истражување и анализа на политики – Ромалитико |
| **13.** | **Зајакнување на капацитетите за развој и промоција на туризмот во општините во ВПР Реконструкција на плоштад** - Проект Вардарски плански регион – БРР | 12.000.000,00 | 5.000.000,00-трансфер | Средствата ќе бидат обезбедени преку ВПР-БРР<br><br>Трансфер<br><br>7.000.000,00 |
| **14.** | **Реконструкција на улица- Асфалтирање што поврзува институција** | 9.000.000,00 | 0,00 | МТВ<br><br>9 000 000,00 |
| **15.** | **Реконструкција на улица во село Војшанци** | 3.883.808,00 | 0,00 | ТАВ Македонија<br><br>3 883 808,00 |
| **16.** | **Финансирање на ЗЈП регионален центар за згрижување на бездомни миленици - ВПР стационар ШЕПА Кавадарци** | 787.000,00 | 787.000,00 | трансфер |
| **17.** | | | | |
| | **ВКУПНО ГА0** | **69 361 589,00** | **5 787 000,00** | **63 692 589,00** |

**ВКУПНО ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА 2024 ГОДИНА**

| Под-програма | Опис | Вкупно во МКД | Општина Неготино во МКД | Други извори во МКД |
|---|---|---|---|---|
| **Г10** | **поддршка на локалниот економски развој** | **15 314 955,00** | **3.992.000,00** | **11 322 955,00** |
| **Г20** | **поттикнување и развој на туризам** | **12 750 000,00** | **1.350.000,00** | **11 400 000,00** |
| **Г А0** | **изградба на комерцијални и друг вид на објекти** | **69 361 589,00** | **5 787 000,00** | **63 692 589,00** |
| **ВКУПНО ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ 2024** | | **97 426 544,00** | **11 129 000,00** | **86 415 544,00** |

Временска табела на активностите за програмата за Локален Економски Развој на ОПШТИНА НЕГОТИНО 2024

| Ред. бр. | Проект | 01 | 02 | 03 | 04 | 05 | 06 | 07 | 08 | 09 | 10 | 11 | 12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Г10** | **Поддршка на локалниот економски развој** | | | | | | | | | | | | |
| **1.** | Проект „LAMO“ | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.** | Проект за реконструкција на старата зграда на фонд за здравство во милтифункционален центар | | | | | | | | | | | | |
| **3.** | Поддршка за ко-финансирање на тековни проекти во потпрограма<br><br>Г10 за 2024 | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| **4.** | Организација на бизнис-форуми средби со бизнис заедницата | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| **5.** | Предлог проект преку МЛС програма намалување на диспаритетите-Изработка на техничка документација | | | | X | X | | | | X | X | X | X |
| **6.** | Поддршка за Менаџирање на проекти од страна на Центарот за развој на ВПР за 2023 Кофинансирање | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| **7.** | Подршка,развој и имплементација на проект за Женско претприемништво | | | | | | | | | | | | |
| **8.** | Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина со акроним „WA-MBRELLA | X | X | X | | | | | | | | | |
| **9.** | Зајакнување на општинските совети - фаза 2".<br><br>(Одржување на последна петта форумска сесија) | X | | | | | | | | | | | |
| **Г20** | **Поттикнување и развој на туризам** | | | | | | | | | | | | |
| **1.** | Изградба на рекреативен парк околу Спортската сала „Младост" | | | | | | | | | | | | |
| **2.** | Одржување на стопанско туристичка манифестација Недела на виното,,Свети Трифун 2024,, | X | X | X | | | | | | | | | |
| **3.** | Треил Трка „Трка за вино и љубов" | | | X | | | | | | | | | |
| **4.** | Поголема локална и меѓународна промоција на Општината како стопанско туристичка и економска дестинација за промоција низ разни промотивни и репрезентативни материјали- | | | | | | | | | | | | |
| **5.** | Поддршка на развој на вински туризам и мали | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | семејни винарии | | | | | | | | | | | | |
| **6.** | Подршка на 2 вработувања во Желкова куќа (едно вработување со полно работно време и едно со скратено работно време | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| **7.** | Уредување на пешачка патека до м.в.Тимјаничка цуцка во должина од 2,5 км | | | | | | | | | | | | |
| **ГА0** | **Изградба на комерцијални и друг вид на објекти** | | | | | | | | | | | | |
| **1.** | Реконструкција на водоводна и фекална линија на ул.„Баба Ана Ташева“ | | | | | | | | | | | | |
| **2.** | Реконструкција на водоводна и фекална линија на ул.“Ленинова“ | | | | | | | | | | | | |
| **3.** | Реконструкција на водоводна линија на ул.„Питу Гули“ | | | | | | | | | | | | |
| **4.** | Реконструкција на водоводна линија на ул.„Васка Калајџиска“ | | | | | | | | | | | | |
| **5.** | Реконструкција на фекална канализација на ул.„Димче Мирчев“ | | | | | | | | | | | | |
| **6.** | **Предлог Проект по мерка 321** за аплицирање во 2023 год.-Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини. Проект: Изградба на пат Г Дисан Вешје | | | | | | | | | | | | |
| **7.** | **Предлог Проект по мерка 322** за аплицирање во 2023 год.-Обнова и развој на селата. Проект :Реконструкција на игралишта во села во општината | | | | | | | | | | | | |
| **8.** | **Предлог Проект по мерка 323** за аплицирање во 2023 год. Преку ВПР-. Проект | | | | | | | | | | | | |
| **9.** | **Проект по Мерка 124**,пристапност до земјоделско земјиште,,Предлог Проектот | | | | | | | | | | | | |
| **10.** | Проект „Реконструкција на фекална и атмосферска канализација на Ул.„Марксова“ до градска Болница во Неготино, Општина Неготино“ | X | X | | | X | X | X | X | X | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **11.** | Проект „ Изградба и реконструкција на улици во село Криволак“ | | | | | | | | X | X | X | X | X |
| **12.** | Реконструкција на плоштад - проект Вардарски плански регион – БРР | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| **13.** | Реконструкција на улица – асфалтирање што поврзува институција | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| **14.** | Реконструкција на улица во село Војшанци | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| **15.** | Финансирање на ЗЈП регионален центар за згрижување на бездомни миленици - ВПР стационар ШЕПА Кавадарци | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |

ФИНАНСИРАЊЕ

Вкупно планирани средства во Програмата за Локален економски развој за 2024 во износ од **97 639 544,00**

Средства кои треба да бидат обезбедени од Буџетот на општина Неготино за времено финансирање на проектите и за сопствено учество (кофинансирање ) на други проекти преку под-програмите Г10, Г20 и ГА0 се во износ од **11 342 000,00**

Од други извори на финансирање вкупно планирани се **86 415 544,00**средства од**УНДП ,БРР,ВПР ,Институт за истражување и анализа на политики –Ромалитико, ТАВ Македонија , МТВ , АФПЗРР , МЖСПП.**

## РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА

Програмата се финансира преку посебни ставки од Буџетот на општината.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за локален економски развој го следи реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислење,поднесува предлози во врска со остварување на нејзините цели и учествува во имплементација на активностите од програмата.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Неготино.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

# ПРОГРАМА ЛЕР 2024

## Под-програма Г10-Поддршка на локалниот економски развој за 2024

**1.Проект „LAMO“** Во рамки на програмата ИПА прекугранична Програма ADRION поднесен е предлог проект – LAMO во соработка со 6 земји , водечки партнер –општина Пелла , Во вредност од 176.160 евра ( Г 10 )

Проектот вклучува:

*Набавка на возило /специјализирано комбе за транспорт на лица со посебни потреби

*Набавка на 5 трицикли за лица со посебни потреби

*набавка на 10 електрични велосипеди

*Урбана опрема, клупи, летниковци, ознаки, канти

* Софт мерки: Студија за мобилност, инфо денови во 6 земји

Се очекува резултати од поднесената апликација да бидат објавени во тек на месец јануари

**2. Проект за реконструкција на старата зграда на фонд за здравство во милтифункционален центар**

Во рамки на програмата ИПА прекугранична соработка Грција –Македонија, во тек е објавен повик за предлог проект концепти. Во тек е подготовка на предлог (concept note)за Реконструкција на стара зграда на фондот за здравство -Проектот предвидува целосна реконструкција на зградата во Мултифункционален центар за НВО .

**3.Поддршка за ко-финансирање на тековни проекти во потпрограма Г10 за 2024.** Се планираат средства во висина од 1.100.000,00мкд (договорни и трансфери) за кофинансирање на проекти кои се во фаза на аплицирање и е потребно планирање на дополнително кофинансирање од страна на општина Неготино.

**4.Организација на бизнис-форуми средби со бизнис заедницата-** средби со бизнис заедницата за поголема соработка помеѓу компаниите од општината , да се споделат добрите практики и искуства и за можностите за заеднички настап на странските пазари и саеми.За таа цел се предвидени 50.000,00мкд – оперативни од буџетот на општина Неготино

**5. Предлог проект за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност,**по одделни мерки и активности за рамномерен регионален развој преку МЛС.Во оваа програма општина Неготино планира да аплицира со Изработка на техничка докментација - доколку биде објавен во 2024 год.

**6. Поддршка за Менаџирање на проекти од страна на Центарот за развој на ВПР за 2023-** Согласно Законот за рамномерен регионален развој член 31,став5 и став7,како и врз основа на Правилникот за определување на поблиски критериуми за висината на средствата за исплата на ЦР ВПР,општина Неготино има обврска да префрли средства на сметка на Центарот.За 2024 год.се планирани 2.000.000,00 врз основа на добиени проекти и проекти во фаза на аплицирање.

**7.Поддршка, развој и имплементација на проект за Женско претприемништво.** Општина Неготино во буџетот за 2024 год. има предвидено 25.000,00мкд(оперативни) за презентација ,обука со вмрежување со институции ,здруженија и жени претприемачки во Општина Неготино во насока на развој на женското претриемништво во општината

**8.Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина со акроним „WA-MBRELLA (ИПА Прекугранична соработка Р.Грција- Р.С. Македонија (2014-2020)**

Проектот е завршен , се очекува повраток на финансиски средства од Петта верификавија во висина од 184 113,09 евра или 11 322 955,00 мкд .

**9. Зајакнување на општинските совети - фаза 2“. Проектот е целосно реализиран во 2023г.** За 2024 година планирано е уште одржување на последна петта форумска сесија и планирани се средства во висина од 20.000,00 мкд (за 1 лице, модератор x1 форумска сесија=12.000 мкд и едно лице, комодератор x6.000 мкд=6000 мкд.+ персонален данок ) за сумирање на постигнатите резултати од проектот.

**Под-програма Г20-Поттикнување и развој на туризмот 2024 година**

**1.Изградба на рекреативен парк околу Спортската сала „Младост“**

Во рамки на програмата ИПА прекугранична соработка Грција –Македонија, во тек е објавен повик за предлог проект концепти. Во тек е подготовка на предлог (concept note)за уредување за парковска површина на спортско рекреативен центар – Младост

Во Проектната задача опфатени се повеќе проектни елементи во зависност од подготвената техничка документација и достапноста на финансиски средства ќе биде поднесена проектна апликација во рамки на Програмата.

Проектната задача опфаќа:

- поставување на нова урбана опрема (чешми, клупи и корпи за отпадоци,)
- осветлување на целиот парк, јавни тоалети,тоалети за мајки со деца и тоалети за инвалиди со обезбеден пристап
- партерно уредување на зелени површини со нискостеблести и високостеблести растенија теретана на отворено
- игралиште за домашни миленици, пешачка (трим) патека со дел за џогирање од тартан облога и со фитнес елементи за вежбање
- алпинистичка карпа, поставување на нова урбана опрема (чешми, клупи и корпи за отпадоци, детско игралиште)
- осветлување на целиот парк, јавни тоалети,тоалети за мајки со деца и тоалети за инвалиди со обезбеден пристап
- партерно уредување на зелени површини со нискостеблести и високостеблести растенија

**2.Одржување на стопанско туристичка манифестација Недела на виното,,Свети Трифун 2024,, -**За организација на оваа стопанско туристичка манифестација во 2024 година општина Неготино има вкупно планиран буџет за реализација ,,Недела на виното-Св.Трифун 2024,,во износ од 500.000,00 мкд. и тоа 400.000,00 договорни , 50.000,00печатарски и 50.000,00 угостителски услуги.

**3.Треил Трка „Трка за вино и љубов“**

По повод Свети Трифун по втор пат ќе се реализира Треил трка за вино и љубов, која е инспирирана по примерот на винските трки во Франција, Италија и прва од ваков тип во Неготино.Вкупно планиран буџет за овој настан општина Неготино има 200.000,00мкд.(130.000,00-договорни и 70.000,00 угостителски)

**4.Поголема локална и меѓународна промоција на Општината како стопанско туристичка и економска дестинација** и поддршка на стопански субјекти(хотели ресторани)низ разни промотивни и репрезентативни материјали е планирано на неколку начини и тоа: преку изработка на аудио-видео материјал, набавка на разни сувенири и изработка на други репрезентативни материјали со логото на општина Неготино и други автентични обележја.

Исто така се планира да се вклучат и некои здруженија на жени кои изработуваат рачни изработки –плетени и во договор со општината да се најде соодветна локација -просторија каде ќе бидат изложени нивните ракотворби со дефинирана цена за секој производ .Планирани средства за поголема локална и меѓународна промоција на општината се во износ од 150.000,00мкд од општина Неготино и тоа 50.000,00мкд договорни, 100.000,00мкд печатени.

**5.Поддршка за развој на вински туризам и мали семејни винарии**

Во 2022 година општина Неготино во просторот на Желкова куќа ја отвори Винотека за семејните винарии од општина Неготино каде што добија можност да ги промовираат нивните производи. Во 2024 година во Буџетот на општина Неготино ќе се предвидат 100.000,00 денари(70.000,00 договорни и 30.000,00 оперативни) со цел развој на вински туризам, промоција и поддшка на малите семејните винарии.

6.Подршка на 2 вработувања во Желкова куќа ( две вработувања со скратено работно време)

**7.Уредување на пешачка патека Саат кула до м.в.Тимјаничка цуцка во должина од 2,5 км со 2 летниковец – БРР-ВПР**

Проектот има за цел да им обезбеди на жителите на општина Неготино можност за рекреација преку пешачење, односно искористување на нивното слободно време преку прошетка низ атарот на општина Неготино. Проектот предвидува тампонирање и мапирање на пешачката патека, поставување на патоказни знаци и клупи и поставување на 2 летниковци со димензии 3x3 метри квадратни. Проектотот е во фаза аплицирање преку ВПР – БРР .

**8. Проект ,,Wine up ,,Јакнење на прекуграничните вински искуства за локален економски развој,,**

Проектот е целосно реализиран. Од вкупно 189.802,00 евра реализиран износ од 158.316,61 евра I верификација 38.588,32евра, II верификација 33.815,82 евра, III верификација 72.483,18 евра IV верификација 13.429,29 евра.Вкупно реализирани 158.316,61 евра од кои досега се повратени 72.404,14 за прва и втора верификација. Се очекува поврат за III и IV верификација 85.912,47 евра (без амортизација)или околу 71.000 евра од проектна на буџетска сметка со задршки од амортизација предфинансирање)

**Под-програма ГА0-Изградба на комерцијални и друг вид на објекти 2023 година**

**1.Предлог проект - Реконструкција на водоводна и фекална линија на ул.„Баба Ана Ташева“ Предлог проект преку МЖСПП**

**За проектите од точка 1 до точка 6 се одобрени средства од МЖСПП**

**2.Предлог проектРеконструкција на водоводна и фекална линија на ул.“Ленинова“**

**Предлог проект преку МЖСПП**

**3.Предлог проектРеконструкција на водоводна линија на ул.„Питу Гули“Предлог проект преку МЖСПП**

**4.Предлог проект Реконструкција на водоводна линија на ул.„Васка Калајџиска“Предлог проект преку МЖСПП**

**5..Предлог проект Реконструкција на водовод и фекална канализација на ул.„Киро Крстев“ Предлог проект преку МЖСПП**

**6.Предлог проект Реконструкција на фекална канализација на ул.„Димче Мирчев“**

**Предлог проект преку МЖСПП (реконструкција на фекална и канализациона мрежа)**

**7.Предлог Проект по мерка 321 за аплицирање во 2024 год.Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини.**

Во оваа под-програма планирана е подготовка и аплицирање на 4 проекти (точка 7,8,9,10,)по основ на повик од Програмата за Рурален развој доколку биде објавен во 2024 година во мерките 3.2.1. 3.2.2. 3.2.3 и 124 .За таа цел финансиско оптоварување на програмата и буџетот не е планирано во овој момент.Доколку повикот биде објавен,дополнително со Одлука на Совет ќе бидат планирани потребните средства за овие проекти.

**8.Предлог Проект по мерка 322за аплицирање во 2024 год.Обнова и развој на селатаПроект**

**9.Предлог Проект по мерка 323 за аплицирање во 2024 год.** Преку ВПР- Проект

**10.Предлог Проект по Мерка 124,пристапност до земјоделско земјиште**

**11.Проект „Реконструкција на фекална и атмосферска канализација на Ул.„Марксова“ до градска Болница во Неготино, Општина Неготино“ - БРР**

За добиениот проект е распишана јавна набавка 12/2023 и по изборот на изведувач истата ке се реализира во прва половина на 2024 год.Ке бидат изградени фекална канализација во должина од 382 м и атмосферска канализација во должина од 152 м.

**12.Проект „ Изградба и реконструкција на улици во село Криволак**

**Институт за истражување и анализа на политики –Ромалитико**

Проектите се во соработка со Институт за истражување и анализа на политики – „Ромалитико“.Финансирањето е во соодност 40% од страна на Институтот , а 60% од страна на Општина Неготино во зависност од висината на проектот.Проектните задачи се дадени на проектанското биро каде по изработката на основните проекти ,ке се знае точно кои две улици и во која должина ке се финасираат.

**13.Зајакнување на капацитетите за развој и промоција на туризмот во општините во ВПР Реконструкција на плоштад** - Проект Вардарски плански регион – БРР

**-** Одобрен проект за Програмата за регионален развој за 2023 год.со индикативни планирани средства за 2024 год.

По одржани форумски сесии се изгласаа предлог концепти кои ќе бидат финансирани од Програмата а ќе ги аплицира Вардарски плански регион до МЛС- БРР.Се планира да се одобрат средства од 7.000.000,00,а општина Неготино ќе кофинансира со средства во висина од 17.000.000,00 мкд.

**14.Реконструкција на улица** – асфалтирање– преку МТВ проект Поврзување на локални патишта има заштедено средства од околу 9.000.000,00 .По изработка на проектите ќе се утврди точно каја улица ќе се финансира.

**15.Реконструкција на улица во село Војшанци во должина од 250м**. – Проектот е одобрен и средствата се обезбедени преку ТАВ Македонија по договор бр.03-1182/1 од 29.11.2023 год.Проектот е во тек и се очекува да се реализира во 2024 год.

**16. Финансирање на ЗЈП регионален центар за згрижување на бездомни миленици – ВПР СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци.**

Со одлука на совет бр.08-915/5 од 12.12.2023 год. општина Неготино се обврзува да исплаќа поединечен надомест за фиксни оперативни трошоци квартално на секои 3 месеци.

**бр.08-977/10**

**27.12.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседавач,**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2024 година**

Се објавува **Програма за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2024 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **27.12.2023** година.

**Бр.09- 1012/9**
**29.12.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 95 став 1 од Законот за градежно земјиште (,,Службен весник на Република Македонија” бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/10), член 58 од Законот за градење (сл.весник на РМ бр.130/09, 124/10. 168/18, 244/19, 18/20, 279/20
и 227/22), член 6, 8 и 14 став 4 од Законот за јавните патишта (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 84/2008; 52/2009; 114/2009; 71/2016, 163/16 Сл. Весник на РСП бр.174/21 и 163/2016), член 8 и 14 од Законот за комуналните дејности (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 95/2012, 163/2013,........31/2016 и 64/2018 и Сл.весник на РСМ бр.302/20), член 7, 11, 18, 22 и 52 од Закон за превоз во патниот сообраќај (сл.весник на РМ бр.68/04, 127/06.....163/18 и 275/19), член 11,14 и 24 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Сл.весник на РМ бр.68/04, 28/06. 147/15 и 31/16 и Сл. весник на РСМ бр.21/21) член 7, член 9 од Законот за јавна чистота (Сл.весник на РМ бр.111/08, 64/09 147/15 и 31/16 и Сл.весник на РСМ бр.122/21), 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ” БР.5/2002) и Член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино (Сл. Гласник на член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино (Сл. Гласник на општина Неготино бр.3/2006, 2/2011, 9/2011 и 16/2012), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **27.12.2023** година ја донесе следната

## П Р О Г Р А М А

**за комунални дејности и уредување на градежно земјиштена просторот на општина Неготино за 2024 година**

### 1. ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

Програмата за комунални дејности на територијата на општина Неготино е во склад со дадените насоки за подготовка на буџетите на единиците за локална самоуправа за 2024 година, со предвидените средства и извори на финансирање, се одредуваат активности и работни задачи на одржување на објектите и уредите од комуналната инфраструктура која се осигурува со извршување на комуналните дејности:

- JO – Одржување на урбана опрема
- Ј1 – Снабдување со вода за пиење
- Ј2 – Одведување и прочистување на отпадни води
- Ј3 – Јавно осветлување
- Ј4 – Јавна чистота
- Ј6 – Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим насообраќајот
- Ј7 – Одржување и користење на паркови и зеленило
- Ј8 –Други комунални услуги

- J9- Изградба на простор за паркирање
- JД –Изградба и реконструкција на локални патишта
- JГ-Изградба на системи за водоснабдување
- JИ- Изградба на системи за одведување и пречист. на отпадни води
- JЛ- Други комунални дејности
- JФО- Изградба на сообраќајна сигнализација
- JН-Урбана опрема (капитални трошоци)
- ФА –Фа-Уредување на градежно земјиште(капитални трошоци)
- ФД-Уредување на простор во рурални подрачја (капитални трошоци)

| | РАСХОДИ | **денари** |
|---|---|---|
| **ФА** | **Уредување на градежно земјиште(капитални трошоци)** | **2.000.000,00** |
| 1 | -Експропријација на градежно земјиште за изградба на улици воУЗ 8<br>- експропријација на градежно земјиште<br>на активности кои се во тек за патниот правец Г.Дисан – Вешје и канализационен систем од Тимјаник до Неготино | |
| 2 | Експропријација на градежно земјиште за изградба на улици вонас. „Градска Порта" во Неготино | |
| 3 | Експропријација на градежно земјиште за изградба на улици Дојранска ,Станко.Ф.Пипан и обиколницата | |
| 4 | Експропријација на градежно земјиште за изградени јавни површини во општина Неготино воу.б.5.1 у.б. 8 | |
| 5<br>**Ф2** | **Изработка на проектна документација за изградба,реконструкција ,рехабилитација и санација на објекти** | |

| | | |
|---|---|---|
| 6 | Изработка на проектна документација за изградба, реконструкција, санација и рехабилитација на објекти | |
| 7 | Проекти за сообраќајни решенија | |
| 8 | Трошоци за ревизија на проектна документација | |
| 9 | Геодетски услуги (геодетскиелаборат за нумерички податоци заградежното земјиште, копија од катастарски план, геодетски елаборат од извршен | |
| | премер на објектот за запишување на објектот во јавните книги на недвижности,имотни листови и др). | |
| 10 | Изработка на проектна документација за улиците: Едвард Кардељ. Киро Крстев, Фемо Кулаков и Ида Бенчиќ | |
| 11 | Финансирање на тековни активности | |
| 12 | Изработка на проектна документација за кружен тек кај јарболот – центарот на градот | |
| 13 | Изработка на проектна документација за потпорен ѕид под зградите на Саат Кула | |
| 14 | Изработка на проектна документација за поврзување на дел од село Тремник – шесте куќи со фекална канализација во селото | |
| 15 | Изработка на елаборат и техничка документација за реконструкција на старите бунари кај река Вардар односно стара циглана. | |
| 16 | Изработка на проектна документација за канализациона мрежа за село Црвени Брегови | |
| **Ф2** | **Уредување на градежното земјиште** | **1.500.000,00** |
| **ФД** | **Уредување на простор во рурални подрачја (капитални трошоци)** | **4.000.000,00** |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | - Асфалтирање на улица во с.Криволак од црквата Св.Спас до до продавницата на Перо Бинов<br>- Реконструкција со асфалтирање на улици во с.Војшанци пред мостот десно<br>-Изградба на улици во село Тремник<br>- Асфалтирање на улица во село Пепелиште<br>- Реконструкција со асфалтирање на улици во с.Тимјаник пред мостот десно покрај рајков дол<br>-Реконструкција на улица Вес Комерц<br>- Реконструкција со асфалтирање на (три) улици во с.Долни Дисан<br>-Реконструкција на две улици во село Криволак<br>-Реконструкција на две улици во | |
| | село Пепелиште<br>-Асфалтирање на влезот на село Црвени Брегови па се до училиштето<br>- Реконструкција на коцката на пристапен пат до село Црвени Брегови<br>- Изградба на пристапна улица на влезот во с.Тимјаник од левата страна во непосредна близина на муслиманските гробишта | |
| 2 | Финансирање на тековни активности | |
| | **СЕ ВКУПНО** | **7.500.000,00** |

***За изработка на проектна документација со направена ревизија на следните планирани активности:***

- Изработка на целосна техничка документација за секундарна и терцијална гасификација на општина Неготино за индустриски и јавни објекти како и за домаќинствата-во тек
- Изработка на основен проект за изградба на парк кај спортска сала Младост во Неготино со следните содржини: фитнес зона, патеки за велосипедизам, пешачење, возење ролери, скеј парк со рампа, теретана на отворено
- Изработка на техничка документација за реконструкција на игралиштето позади СРЦ МЛАДОСТ
- Изработка на техничка документација за намалување на огромните загуби на вода во водоснабдителниот систем со реконструкција на водоводната мрежа по улиците во градот

- Изработка на техничка документација за покривање на градскиот пазар со негово осветлување и набавка на нови соодветни тезги;
- Изработка на соодветна техничка документација за фекална канализациона мрежа вос.Црвени Брегови-ревизија на основен проект.
- За с.Тремник изградба на нов бунар за дополнување на водоснабдителниот систем на потисниот цевковод и на основен проект за изградба на каптажниот систем за прифаќање на водите од постоечкиот изор на вода во с.Војшанци;
- Изградба на соодветна техничка документација за изградба на кружен тек на улица Маршал Тито и улица Индустриска на излезот на Неготино спрема Кавадарци;
- Изработка на Проект за инфраструктура и Основен проект за велосипедска патека од Неготино до Тимјаничка цуцка
- Изработка на техничка документација за партерно уредување на централното подрачјево Тимјаник;
- Изработка на техничка документација за нов дренажен систем на изворот на вода за пиење во с.Горни Дисан за зголемување на количината за вода за пиење за три села Вешје, Г.Дисан и Д.Дисан

## *Изработка на Основен проект за реконструкција на Улиците:*

1. Дел од Киро Крстев после Владо А Шпанац
2. улица Ленинова
3. улица Петар Демирски
4. улица Климентова
5. улица Станко Франц Пипан
6. Баба Ана Ташева со водовод и канализација7.улица Питу Гули
8. Улица Димче Мирчев
9. тротоари на улица Партизанска 10.тротоари на улица Маршал Тито11.улици во село Тремник
12. ул.29ти Ноември
13. улици во село Долни Дисан14.улици во село Тимјаник
15. улици во село Криволак

- Изработка на Основен Проект за реконструкција на тротоари комплет со водовод и канализација и посадување на нов дрворед на улица Маршал Тито од раскрсницата со Никола Петров па се до кружниот тек.
- Изработка на проектна документација - основен проект за градски плоштад (сите потребни фази);
- Изработка на проектна документација за изградба на пешачка патека во

должина од 90м и ширина од 1,5 м од улица Гимназиска кај долниот паркинг на СОУЦ Св.Кирил и Методиј до пристапните скали на влезот во овој училишен центар, согласно ДУП за дел од урбан блок 9.1 индустриска зона Неготино со сите потребни фази

- Изработка на основен проект за монтажа на подземни контејнери,
- Изработка на Проект за реконструкција за партерно и парково уредување на споменобележјата во општина Неготино,
- Изработка на проект за изградба односно покривање на септичката јама за прифаќање на дел од фекална канализација во с.Криволак;
- Основен Проект за санација на речното корито на влезот од селото во с.Војшанци;
- Изработка на Основен проект за уредување на коритото на Тимјаничка река до селото
- Изработка на елаборати за урбана опрема
- Изработка на проектна документација за реконструкција на водоводна, атмосферска и канализациона мрежа од семафорите до кружен тек кај полицијата
- Изработка на Основен проект за изградба/реконструкција на улици во с.Криволак
- Изработка на проектна документација за изградба на пристапна улица од муслиманските гробишта до КП бр.3010/2 3076.2 3012, во Тимјаник,
- Изработка на проектна документација за чистење и одржување на постоечките бунари од кои се снабдуват со вода за пиење месното население во градските и приградските населби;
- Изработка на проектна документација за реконструкција со асфалтирање на улици во Неготино,
- Изработка на техничка документација за изгрдба на улици во населени места Тимјаник, Долни Дисан, Тремник, Криволак , Војшанци и с.Курија.
- Изработка на Основен проект за реконструкција на Домот на културата во с.Тремник
- Изработка на Основен проект за Атмосферска канализација на дел од обиколницата ( над Дојранска) со должина од околу 1км каде треба да се приклучи до реципиентот,
- Изработка на Основен проект за Поставување на спуштени тротоари и приспособување на улиците за полесно движење на лица со хендикеп
- Изработка на проектна документација за санација на сите мостови во општина Неготино
- Изработка на проектна документација за асфалтирање на улица во село Долни Дисан лево кај школото
- Изработка на проектна документација за поплочување на улица кај кејот од двете страни од Ацо Аџи Илов (Ванчо Коцев) до Владо Арсов Шпанац (мостот)
- Изработка на основен проект за изградба на крстосница со кружен тек во центарот на градот на спојот на улиците Маршал Тито и Партизанска до централното подрачје

Со оваа програма се одредува описот и опсегот на работите за одржување со проценка на трошоците по поедини комунални дејности, прикажување на потребните финансиски средства за реализација на програмата со назнака за

изворот на финансирање на програмата и вредност на планираните работи како и носителите на активностите.

Програмата е изработена во склад со предвидените средства и извори на финансирање утврдени со Буџетот на општина Неготино за 2023 година, а се темелат на годишните програми за Ф - Урбано планирање , по одржаните средби со граѓаните од урбаните заедници и утврдените приоритети од страна на граѓаните како и со одржаните средби со правни субјекти од нашата општина како и оперативни програми на носителот на работите за одржување на комуналната инфраструктура – ЈП "КОМУНАЛЕЦ" од Неготино основано од Советот на општина Неготино за обавување на комуналните дејности на територијата на општина Неготино за кои поединачно ќе склучи Договор за извршување на поедини комунални дејности како и други правни и физички лица согласно со Законот за комунални дејности („Сл.весник на РМ" бр. 95/12;163/13;42/14;44/15;147/15 и 31/16).

## 2. СРЕДСТВА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Средствата за финасирање на работите од оваа програма се планирани во износ од 78.710.606,00ден., а ќе се обезбедат од пресметаните приходи од следните извори:

| рб. | ПРИХОДИ | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1 | Надоместок за јавна чистота | 2.000.000,00 |
| 2 | Средства од Агенцијата за државни патишта | 3.500.000,00 |
| 3 | Надоместок од јавно осветлување | 19.500.000,00 |
| 4 | Надоместок за комунална такса | 2.000.000,00 |
| 5 | Надоместок на комунална такса за регистрација на возило | 2.000.000,00 |
| 6 | Надоместок за издавање на Лиценци за автотакси превоз и општински линиски превоз | 1.000.000,00 |
| 7 | Надоместок за користење на автотакси станици и автобускипостројки | 1.000.000,00 |
| 8 | Средства од продажба на градежно | 25.000.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | Земјиште<br>Надоместок за уредување на градежно земјиште | 22.710.606,00 |
| | **ВКУПНО** | **78.710.606,00** |

Планирани средства за уредување на градежно земјиште ФА и уредување на простор во рурални подрачја, Ф2 и ФД (капитални трошоци) за 2024 година се во износ од 7.500.000,00 денари.

Планираните средства за финансирање на Програмата за комунална дејност во износ од 71.210.606,00 денари за финасирање на обавување на комунални дејности во текот на 2024 година.

| **Р.Б** | **Ј-КОМУНАЛНА ДЕЈНОСТ** | **ИЗНОС** |
|---|---|---|
| 1 | ЈО – Одржување на урбана опрема и плаќање тековни активности | **1.300.000,00** |
| 2 | Ј1 – Снабдување со вода и плаќање тековни активности | **6.210.606,00** |
| 3 | Ј2 — Одведување и прочистување на отпадни води и плаќање тековни активности | **300.000,00** |
| 4 | Ј3 – Јавно осветлување и плаќање тековни активности | **4.000.000,00** |
| 5 | Ј4 — Јавна чистота и плаќање тековни активности | **2.000.000,00** |
| 6 | Ј6 – Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќјот и плаќање тековни активности | **4.000.000,00** |
| 7 | Ј7 – Одржување и користење на паркови и зеленило и плаќање тековни активности | **2.000.000,00** |
| 8 | Ј8 —Други комунални услуги и плаќање тековни активности | **1.000.000,00** |
| 9 | ЈД –Изградба и реконструкција на локални патишта и плаќање тековни активности | **15.400.000,00** |
| 10 | Ј9 - Изградба на простор за паркирање | **3.000.000,00** |
| 11 | ЈИ-Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води и плаќање тековни активности | **3.000.000,00** |
| 12 | ЈГ Изградба на системи за водоснабдување и плаќање тековни активности | **4.000.000,00** |

| | | |
|---|---|---|
| 13 | ЈН – Урбана опрема (капитални трошоци) и плаќање тековни активност | **24.500.000,00** |
| 14 | ЈЛ Други комунални трошоци | **500.000,00** |
| **Ј** | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ – ВКУПНО** | **71.210.606,00** |

## 3. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА

### ЈО–ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

Врз основа на планираните средства за остварување на оваа Програма, во вкупен износ од 1.300.000,00 денари и распоредот на овие средства за обавување на комуналните дејности одредени во точка 2.3. од оваа програма, во продолжение ќе се прикажат задачите и работите на одржување на објектите и уредите од комуналната инфраструктура, со назнака на носителите на програмата, прикажаните финансиски средства потребни за реализација на работите и задачите во планираниот опсег, односно потребниот стандард на одржување.

Под одржување на урбана опрема се подразбира одржување во функционална состојба на фонтани, мали фонтани за вода за пиење, пешачки премини, мостови, одржување на урбана опрема на градскиот плоштад и старата чаршија во Неготино, одржување на монтажни бини, одржување на садеви за комунален отпад, клупи за седење и елементи во детски игралишта.Ќе се настојува да се спроведува градската стратегија за заштита на лица со телесен инвалидитет и важечките законски регулативи за спречување на архитектонски- урбанистички бариери на постоечки и нови објекти од комуналната инфраструктура каде се повеќе ќе се опремуваат со подигнати платформи.

Во градот се наоѓат 2 фонтани, 8 мали фонтани за вода за пиење, заштитна метална ограда на 5 мостови, 1 градска чешма на старата чаршија,1 градски тоалет, 3 метални паноа за поставување на плакати, 1 метална монтажна бина, 1 мала монтажна бина од елементи од дрво, 9 монтажни тезги од дрвени елементи, 5 монтажни тезги со кров од пластифицирано платно-церада, пластични елементи и дрво, урбана опрема од 1 монтажна елка и на светлечки елементи за украсување за новогодишни и божични празници,4 јарболи за поставување на знамиња согласно со законската регулатива и надлежните служби на општина Неготино, 2 светлечки паноа со планот на Неготино за кои е потребно за едно обновување,16 броја на комплетни метални орманчиња со енергетски каблови за поставување на енергетска мрежа за време на одржување на јавни манифестации како и одржување на монтажни метални трибина и дрвени елементи на новото фудбалско игралиште, санација на плексигласот и заварување на метални елементи со поставување на клупи за седење на резервни играчи како и за делегат и преставници на клубот и 8 метални постојки за качување и слегување на патници и 4 монтажни метални киосци.

Потребен стандард на одржување е да сите наведени објекти и елементи од опрема да бидат во состојба на функционална исправност.

На поедини фонтани има потреба од градежна - инсталатерска реконструкција. Овие работи би се реализирале етапно во текот на цела година.

Фонтаните на градскиот плоштад и пред зградата на општина Неготино и фонатаната на спомен костурницата нема да работат во периодот од март до ноември месец поради опасност од замрзнување на водата и оштетување на пумпите.

Приоритет ќе има чистењето на графити на објекти од комуналната инфраструктура која се наоѓа во потесното градско подрачје, а ќе се изведува по налози на надлежните градски служби и комуналната инспекција.

Вкупните трошоци за одржување на урбаната опрема во 2024 година изнесуваат 1.300.000,00 денари.

Во табеларниот преглед се дадени планираните активности за одржување на урбаната опрема со проценка на трошоците за секоја урбана опрема со потребните финансиски средства за реализација на работите во 2024 година.

| **Потпрограм а JOO** | **Урбана опрема** | **Потребни средства** |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на фонтани, малифонтани за вода за пиење, градска чешма на стара чаршија и сервисирање на потопни пумпи. | |
| 2 | Градежни, изолациони и инсталатерски работи на фонтани | |
| 3 | Набавка на метални табли за име на улица и нумерирање наинфраструктурен објект | |
| 4 | Набавка и Замена на оштетени знамиња пред здградата на општинаНеготино, на градскиот плоштад како и фарбање на металните столбови и замена за постоечки сајли за кревање на знамиња | |
| 5 | Монтажа, демонтажа и транспорт на монтажна бина и тезги за јавни манифестации и нивна поправка | |
| 6 | Поправка на клупи за седење и метални канти за отпад и одржување на јарболи | |
| 7 | Монтажа и демонтажа на светлечки украсни елементи и новогодишнаелка на јавна површина и нивно доведување во исправна состојба Изнајмување на новогодишни елементи за украсување | |

| | | |
|---|---|---|
| 8 | Поставување на метална мрежа на места каде што е оштетена на мултинаменското и тенискотоигралиште во населба Саат Кула и новот фудбалско игралиште кај СРЦ Младост и други места | |
| 9 | Санација и одржување на метални огради на мостови, замена со нова ограда и нов под на првите два моста до градска библиотека и црква | |
| 10 | Непредвидени работи - интервенции | |
| 11 | Техничка подршка и надзор | |
| **ЈО** | **СЕ ВКУПНО** | **1.300.000,00** |

Предвидените активности за одржување на урбаната опрема во општина Неготино ќе ја обавува ЈП Комуналец или друго правно лице кое ке биде избрано согласно со законот за јавни набавки кој во склад со планираните средства во оваа програма ќе изработи оперативен план на одржување.

## Ј1 - СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА

Средствата за одржување на водоснабдителниот систем за снабдување со вода не се планираат со оваа програма од причина што согласно со Законот за комунални дејности оваа дејност се финансира со средства од страна на корисниците и е опфатена со планот за работа на ЈП Комуналец како давател на услугата.

За тековно одржување водоснабдителни системи во приградските населби (поправка на потопни пумпи, санирање на дефект на водоснабдителна мрежа,набавка на течен хлор, поправка на хлорни станици и исплата на кредити) во општина Неготино планира средства во висина од 6.210.606,00 ден.

Со цел подобрување на водоснабдувањето во градот, општина Неготино за периодот април-октомври планира вклучување на каналска вода во парарелниот систем од хидросистемот Тиквеш. Одржувањето на паралелниот систем за каналска вода му е остапено на ЈП Комуналец како давател на услугата.

| **Потпрограм аЈ10** | **Работни активности на одржување на системи за снабдување со вода** | **Потребни средства во денари** |
|---|---|---|
| 1 | Поправка и набавка на потопни пумпи за постоечкиводоснабдителни системи во населените места во општина Неготино | |
| 2 | Санација на водоснабдителни мрежи и системи | |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Одржување и набавка на хлорни станици | |
| 4 | Набавка на течен хлор | |
| 5 | Надоместок за полевање на јавни Површини со каналска вода од Хидросистемот Тиквеш трансфер кон ЈП | |
| 6 | Непредвидени и вонредни работи – интервенции по Барање и забелешки и предлози на граѓани | |
| 7 | Техничка подршка и надзор | |
| 8 | Исплата на кредит и камати | |
| 9 | Ревитализација на каптажа за водоснабдување на Долни Дисан, Горни Дисан и Вешје | |
| 10 | Ревитализација на каптажа за водоснабдување на с.Војшанци | |
| **Ј1** | **СЕ ВКУПНО:** | **6.210.606,00** |

Предвидените активности за одржување на системи за снабдување со вода за пиење во општина Неготино ќе ја обавува ЈП Комуналец или друго правно лице кое ке биде избрано согласно со законот за јавни набавки кој во склад со планираните средства во оваа програма ќе изработи оперативен план на одржување.

## Ј2 –ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

Во град Неготино има изградено систем за прифаќање и одведување на фекални отпадни води и систем за прифаќање и одведување на атмосферска отпадна вода. Системот за прифаќање и одведување на фекални отпадни води се одржува од страна на ЈП Комуналец како давател на услугата и се финасирира со доставување на сметка до корисниците на услугата.

## *Ј2 – ПОТПРОГРАМА Ј20- Одведување Атмосферски води*

Под прифаќање на атмосферски води во смисла со одредбите од Зактононот за комунални дејности како и Законот за јавни патишта се подразбира изградба на канализациона мрежа, одведување и испуштање на атмосферски води, под што се подразбира прифаќање на атмосферските води од урбани површини, одведување со канализациона мрежа и испуштање во река Вардар (реципиент).
Под објекти за прифаќање на атмосферска вода се подразбира спрема овој програм странични сливници за прифаќање на атмосферски води, хоризонтални собирни канали

(атмосферски решетки) и спојни канали за прифаќање на атмосферски води (маренски порој,тимјаничка река,брестин дол) и кеј на Неготинска река.
На подрачјето на град Неготино се евидентирани околу 142 броја на уличен сливник, улични решетки се вкупно евидентирани 112 броја за прифаќање на атмосферските води, ревизиони шахти од атмосферска канализација се регистирани вкупно 205 броја, ревизиони шахти од фекална канализација за прифаќање на атмосферски води се регистрирани вкупно 364 броја како и ревизиони шахти од водоснабдителниот систем во Неготино се евидентирани вкупно 131 броја на ревизиони шахти.
За одржување на овие објекти за прифаќање и одведување на атмосферските води во 2024 година се планираат средства од 300.000,00денари.
Во продолжение ќе се прикажат планираните работи за одржување на опремата и објектите за прифаќање и одведување на атмосферските води.
Поради осигурување на квалитетно фунционирање на уредите за прифаќање и одведување на атмосферските води од јавните површини и локалните патишта и улици, потребно е нивно постојано одржување во функционална состојба, што претпоставува нивно чистење (вадење на талог, негов утовар и транспорт и депонирање), односно нивна реконструкција. По правило страничните сливници се чистат најмалку 2 пати годишно и тоа после зимскиот период на расчистување на талогот од зимското посипување од ризла и на есен при појава на есенските дождови.На улиците каде се сместени дрворедите потребно е дополнително чистење и во есен поради паѓањето на лисната маса , додека на најфрекфентните места (автобуски постојки ,централно градско подрачје, болници) се чистат континуирано. Чистењето на спојните канали(маренски порој, тимјаничка река, брестин дол) се чистат најмалку еднаш годишно, додека чистењето на кејот на Неготинска река се чисти 10 пати во годината.

Реконструкција на сливниците ке се одвива според расположивите средства за оваа намена и предвидено е според пресметките за санирање на еден сливник потребни се околу 67.800,00ден. по 1 метар должен х 6м.должни=67.800,00 денари или вкупно ќе се изврши санирање на оштетени сливници за 6 броја на сливници и решетки за прифаќање на атмосферски води.

| Потпрограма J20 | Работни активности | Планиран износ во денари |
|---|---|---|
| 1 | Чистење на сливници | |
| 2 | Реконструкција на сливници, ревизиони шахти и решетки на улици во градот | |
| 3 | Чистење на хоризонталнисобирни канали (атмосферски решетки) | |
| 4 | Чистење на спојни – отворени канали за прифаќање на атмосферски води во општина Неготино | |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | Чистење на кејот на Неготинскареka | |
| 6 | Отстранување на дефекти на канализациона мрежа во Општина Неготино и населените места | |
| 7 | Санација на оштетени делови од кејот на Неготинска река | |
| 8 | Вонредни работи – интервенции по барање и забелешки и предлози на граѓани | |
| 9 | Чистење на колекторски систем со цистерна под притисок | |
| 10 | Чистење и одржување на септички јами од канализациони мрежи во с.Војшанци,с.Криволак,с.Тремник | |
| 11 | Санација на оштетени делови од речното корито во с.Војшанци | |
| 12 | Чистење на каналот за прифаќање на атмосферски води од подвожњакот на патниот правец Неготино - с.Дуброво и во Д.Дисан | |
| 13 | Чистење на отворени канали и речни корита во градот и приградските населби | |
| 14 | Техничка подршка и надзор | |
| **Ј2** | **СЕ ВКУПНО:** | **300.000,00** |

Предвидените активности за одржување на АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА во општина Неготино ќе ја обавува ЈП Комуналец како давател на услугата или друго правно лице кое ке биде избрано согласно со законот за јавни набавки со склучување на договор за регулирање на меѓусебните обврски, кој во склад со планираните средства

во оваа програма ќе изработи оперативен план на одржување и други соодветни правни лица кои ги исполнуват условите за вршење на дејноста согласно со законската регулатива.

## Ј3-ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Под одржување на јавното осветлување се подразбира замена или отклонување на недостатоците на објекти и уреди за јавно осветлување (извор на светлина, предспојни елементи, арматури, електроормари и др.) поради одржување на системот во состојба на функционална исправност како и за плаќање на потрошена електрична енергија за улично осветлување. Системот на улично осветлување кое е потребно да се одржува, поради новите изградби секоја година се зголемува. Се прават напори за вградување на

квалитетни светлечки елементи се со цел да се намали потрошувачката на електричната енергија и трошоците за одржување.
Поради зголемување на бројот на нови сијалични места и зголемената цена на потрошената енергија секоја година се зголемуваат трошоците за електрична енергија.Во системот на улично осветлување во општина Неготино се евидентирани 2224 сијалични места и притоа се настојува да се постигне потребниот стандард од најмалку 90 до 95 % функционални инсталирани сијалични места во исправна состојба. Во Неготино се инсталирани 921 лед сијалица, и 324 лед сијалици украсни канделабри со пластична топка и во населените места има поставено 577 лед сијалици и живини светилки има поставено на 286 сијалични места и во населените места Курија,Вешје,Калањево и Црвени брегови се монтирани 100 броја на живини сијалици и 75 рефлектори од кои од 400w 2 броја, од 250 w се 24 броја, од 1000 w се 41 број и од 200 w се 8 броја (лед сијалици- рефлектори). Во населените места има монтирано вкупно 12 броја од кои од 250w се 2 броја и од 400 w се 10 броја. Во оваа насока се изработи План за подобрување на енергетска ефикасност за општина Неготино и притоа минатата година живините сијалични места се заменија со лед сијалици на постоечките сијалични места со поквалитетни и поекономични сијалици и од 42 трафостаници е извадено уличното осветлување и во метален орман поставен до самата трафостаница со монтирана внатре во нив автоматика за управување на уличното осветлување од кои 42 броја се во градот и 14 броја во населните места.
Потрошувачката на електрична енергија од за уличното јавно осветлување земено од 01.01.2023 до 31.12.2023 година вкупно изнесува 400.000KWh.
Програмата за јавно осветлување содржи:

1. Вид на активности
2. Извори на финансирање
3. Начин на распоред на средствата
4. Спроведување на програмата
5. Динамика на спроведување на програмата
6. Завршни одредби

## 1. ВИД НА АКТИВНОСТИ

Со Програмата за јавно осветлување се планираат следните активности за одржување на јавното осветлување за 2024 година:

- плаќање на потрошена електрична енергија
- замена на прегорени и скршени сијалици
- замена на оштетени светлосни арматури
- замена за заштитни стакла
- замена на сите останати елементи за сијалично место (пригушници, фасонки, каблови, заштитни капаци и др.)
- фарбање на метални делови од канделабри

## 2. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

Средствата за финансирање на програмата за јавно осветлување ќе се обезбедат од приходи за јавно осветлување

## 3. НАЧИН НА РАСПОРЕД НА СРЕДСТВА

| Потпрограм а | РАСХОД И | Денар и |
|---|---|---|
| **Ј3** | **Јавно осветлување** | |
| 1 | Потрошена електрична енергија | |
| 2 | ТРАНСФЕР ПРЕМА КОМУНАЛЕЦ | |
| 3 | Техничка подршка и надзор | |
| **Ј3** | **СЕ ВКУПНО:** | **4.000.000,00** |

Оваа активност ке се извршува со правен субјект кој по пат на јавна набавка ке се склучи годишен Договор за одржување на улично осветлување.

**Ј4 – ЈАВНА ЧИСТОТА**

Програмата за одржување на јавната чистота содржи:

1. Вид и обем на работите
2. Спроведување на програмата
3. Динамика и начин на вршење на работите
4. Финансиски средства
5. Завршни одредби

## 1. ВИД И ОБЕМ НА РАБОТИТЕ

Со Програмата ќе се обезбеди редовно чистење (метење и миење) на јавните површини и отворени простори на јавните објекти, како и одржување и расчистување на јавните површини од снег и мраз во зимски услови согласно со Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 44/2015 ; 147/2015 и 31/2016).

Одржувањето на јавната чистота на територијата на Општина Неготино ќе ги опфати:

- Јавните површини (улици, тротоари, пристапни патишта, плоштади и уредени отворени простори, парковски површини и градско зеленило, мостови, паркинг простори, скали кои ги поврзуваат површините за јавен сообраќај, видиковци, автобуски стојалишта итакси станици, јавни санитарни јазли.)

Во спроведување на програмата се изведуват следните активности:

- рачно метење на јавните површини,
- машинско чистење на улиците од наноси на земја после врнежи од дожд,
- миење на јавните површни со цистерни,
- собирање и транспортирање на уличен отпад од одржување на јавната чистота инегово транспортирање на општинската комунална депонија и се состои од:

а) комунален отпад

-уличен отпад (најчесто фрлени кутии на цигари, опушоци, искористени карти и влезници за јавни приредби, уплатници од спортски обложувалници, разни списанија и дневни весници, парковна амбалажа од хартија и пластика и други фрлани предмети,
-отпад од возила кои превезуваат отпад од правни и физички лица, градежен отпад, храна од органско потекло и сл.,
б) сезонски отпад
- лисја
- песок и ситен камен (поради посипување на јавни површини во зимски услови)
- рачно чистење на снегот и мразот во зимски услови.

Во чистењето на јавните површини влегува и поставување и чистење на корпи за отпадоци, урбана опрема, пешачки патеки и скали, собирање на отпадот околу поставените контејнери и др.

## 2. ДИНАМИКА И НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

### *МЕТЕЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ*

Метење на улици

Метењето на улиците ќе се врши
-од 4.00-8.00 часот во периодот од 1.04 до 31.10 (летен период)
-од 5.00-9.00часот во периодот од 1.11 до 31.03 (зимски период)
За останатато работно време,Спроведувачот е должен континуирано да ги празни корпите за отпадоци на јавната површина и да има постојано присуство за одржување на јавната чистота во централното градско подрачје во текот на работното време.
Оваа активност ќе се врши по цена од 0,35 ден./м2

| р.б. | Улица | опис | должина м’ | ширина м’ | површина м² | неделно третирање | вкупна површина м² |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | „Маршал Тито“ | Од ул.„Н .Петров“ до ул.„С. Ставров“ | 630 | 9+7 | 3.224 | 7 | 22.568 |
| 2 | „Маршал Тито“ | Од ул.„Н .Петров“ до ОВР | 630 | 7+7 | 1.411 | 3 | 4.233 |
| 3 | „Маршал Тито“ | Од ОВР до старФЕМ | 650 | 14+11 | 2.600 | 1 | 2.600 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | „Маршал Тито“ | Од ул.„С .Ставров“ до ОУ „Гоце Делчев“ | 340 | 9+8 | 924 | 3 | 2.772 |
| 5 | „Маршал Тито“ | Од ОУ „Гоце Делчев“ до ул „Првомајска“ | 410 | 9+8 | 1.11 5 | 1 | 1.115 |
| 6 | ул.„Партизанска | Од плоштад доцрква | 300 | 8+3,5 | 1.65 6 | 5 | 8.280 |
| 7 | ул.„Партизанска“ | Од црква д оградски гробишта | 700 | 7+2,5 | 1064 | 2 | 2.128 |
| 8 | ул.„Ставре Ставрев“ | | 180 | 9+2 | 633 | 3 | 1.899 |
| 9 | „Јане Сандански“ | | 195 | 8+7 | 998 | 7 | 6.986 |
| 10 | „Пекарев“ | | 115 | 11+2, 5 | 496 | 7 | 3.472 |
| 11 | ул.„Христо Ботев“ | Од ул.„Д .Груев“ до зградата на ЈП Комуналец-официјален влезна градски пазар и окл у пензионрески дом | 150 | 6 | 900 | 2 | 1800 |
| 12 | ул.„Ацо Аџи Илов“ | Од ул.„М.Тито“ до “Дисански Мост“ на ул.Ацо Аџи Илов | 350 | 7+7 | 1568 | 7 | 10.976 |
| | **Вкупно** | | | | | | **68.829** |

## Метење на паркинг простори

| р.б. | паркинг | површина м2 | неделно третирање | вкупна површина |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| 1 | Паркинг на ул.„Партизанска“ | 1760 | 7 | 12.320 |

**Метење на плоштади и уредени отворени простори**

| р.б. | површина | површина м2 | неделно третирање | вкупна површина |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| 1 | „Страшо Пинџур“ | 1.760 | 10 | 17.600 |
| 2 | Градски Плоштад | 5.370 | 10 | 53.700 |
| 3 | Метење пред горниот влез на Желкова Куќа | 30 | 2 | 60.00 |
| | **Вкупно** | | | **71.360** |

# МИЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ

Миењето на јавните површини ќе се извршува во периодот од 1.04. до 31.10. (летен период)

Миењето на улицитеќе се врши по цена од 1,26 ден./м2 /додека прскањето најавните површини е по цена од 0,14 ден./м2

| р.б. | Улица | должина м’ | ширина м’ | површина м2 | Годишно Третирање(пати) | Вкупна површина |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| 1 | „Маршал Тито“(од ул.„Н. Петров“ до ул.„С. Ставров“) | 630 | 9+7 | 10.080 | 14 | 141.120 |
| 2 | „Маршал Тито“ (од ул.„Н .Петров“ до ОВР) | 630 | 7+7 | 8.820 | 14 | 123.480 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | „Маршал Тито“ (од ОВР до стар ФЕМ) | 650 | 14+11 | 16.250 | 14 | 227.500 |
| 4 | „Маршал Тито“(од ул.„С. Ставров“ до ОУ „Гоце Делчев“) | 340 | 9+8 | 5.780 | 14 | 809.200 |
| 5 | „Маршал Тито“ (од ОУ „Гоце Делчев“ до ул „Првомајска“) | 410 | 9+8 | 6.970 | 14 | 975.800 |
| 6 | ул.„Партизанска (од плоштад до црква) | 300 | 8+3,5 | 3.450 | 14 | 48.300 |
| 7 | ул.„Партизанска“ (од црква до градски гробишта) | 700 | 7+2,5 | 6650 | 7 | 46,550 |
| 8 | ул.„Ставре Ставрев“ | 180 | 9+2 | 1.980 | 14 | 27.720 |
| 9 | „Јане Сандански“ | 195 | 8+7 | 2.925 | 14 | 40.950 |
| 10 | „Пекарев“ | 115 | 11+2,5 | 1.553 | 14 | 21.742 |
| 11 | ул.„Христо Ботев“ (од ул.„Д .Груев“ до пензионерски дом) | 125 | 6 | 750 | 14 | 10.500 |
| 12 | ул.„Ацо Аџи Илов“ (од ул.„М.Тито“ доДисански Мост) | 350 | 7+7 | 4.550 | 14 | 63.700 |
| | **Вкупно** | | | **69.758** | | **2.536.562** |

## *2.2.1 Миење на улици*

### Миење на паркинг простори

| **р.б.** | **паркинг** | **површинам2** | **Годишно третирање** | **вкупна површиназа миење** |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Паркинг на ул.„Партизанска“ | 1760 | 14 | **24.640** |

### *Миење на плоштади и уредени отворени простори*

| **р.б.** | **површина** | **површина м2** | **неделно третирање** | **вкупна површина** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | „Страшо Пинџур“ | 1.760 | 3 | 5.280 |
| 2 | Градски Плоштад | 5.370 | 3 | 16.110 |
| | **Вкупно** | | | **21.390** |

**3. РАЧНО ЧИСТЕЊЕ НА СНЕГ И МРАЗ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ**

Во зимскиот период доколку паѓа снег наместо 3.1. од оваа Програма, изведувачот е должен рачно да го чисти снегот и мразот од улиците и тротоарите опишани во табелата:

| **р.б.** | **површина** | **опис** | **Должина м’** | **ширина** | **Површина** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Тротари на ул.Маршал Тито оедна страна | од раскрсница со ул.„Б. Кидрич“ доавтобуска станица „Памела“ | 1.720 | 3,5 | 6.020 |
| 2 | Ул.„Борис Кидрич“ | од раскрсница соул.„М.Тито дораскрсница со ул.„В. Влаховиќ“ | 205 | 1,5 | 307 |
| 3 | Ул.„Вељко Влаховиќ“ | Од раскрсница со ул.„ Б.Кидрич “ до влез на здравствен дом | 35 | 1,5 | 52 |
| 4 | Ул.„Партизанска “ | Од центар до градски гробишта | 1000 | 1,5 | 1.500 |
| 5 | Ул.„Ставре Ставрев “ | Цела | 180 | 1,5 | 2.700 |
| 6 | Ул.„Ацо Аџи Илов“ | Од раскрсница соул.„М.Тито“д оРаскрсница со “Дисански мост “ | 350 | 2 | 700 |
| 7 | Ул.„Јане Сандански“ | | 195 | 2 | 390 |
| 8 | Ул.„Пекарев“ | | 115 | 2 | 230 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9 | Ул.„Страшо Пинџур“ | | 95 | 12 | 1140 |
| 10 | Плоштад | | | | 5370 |

# 4.ВОНРЕДНО ОДРЖУВАЊЕ

Чистењето на јавните објекти, дворни површини, колективни и индивидуални објекти покрај редовното ќе се врши и вонредно во периодот од 15.03. до 15.04. и од 15.09. до 15.10. во текот на годината ќе се чистат вонредно.
ЈП „Комуналец“ ќе врши чистење на просторот веднаш по одржување на јавни манифестации кои ги организира Општина Неготино.
При користење на јавни површини и отворени простори на јавните објекти корисникот е должен да склучи договор со ЈП „ Комуналец“ за чистење на површината.
Одговорните лица на јавните објекти кои располагаат со дворна површина треба да склучат договор со ЈП„Коминалец“ за нивно одржување.

## 5. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

***Извори на финансирање***

Средствата за финансирање на Програмата за одржување на јавната чистота ќе се обезбедат по следните основи:

| | **ПРИХОДИ** | **Денари** |
|---|---|---|
| **1** | Надомест за јавна чистота | **2.000.000,00** |
| | **ВКУПНО** | **2.000.000,00** |

## *Планирани трошоци*

Предвидените активности за одржување на јавната чистота во општина

| **Ј4** | **РАСХОДИ – Јавна чистота** | **Планиран износ во денари** |
|---|---|---|
| **1** | Миење и Метење | |
| **2** | Компостирање на сезонски собран отпад од лисја, гранки за добивње на био ѓубриво за сопствени потреби за ѓубрење на цветни јавни површини, жардинерии и слични површини | |
| **3** | Чистење на јавна површина за Неготински панаџур | |
| **4** | Непредвидени активности-интервенции | |
| **5** | Одржување на јавната чистота во приградските населби | |

| | | |
|---|---|---|
| 6 | Техничка подршка и надзор | |
| **Ј4** | **СЕ ВКУПНО** | **2.000.000,00** |

Неготино ќе ја обавува ЈП Комуналец, кој во склад со планираните средства во оваа програма ќе изработи оперативен план на одржување. За оваа цел да се реализира ќе се склучи договор помеѓу општина Неготино и ЈП Комуналец од Неготино како јавно претпријатие кое е основано од општина Неготино.

### 3.6. Ј6 – ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈОТ

Врз основа на член 61 од Законот за јавни патишта („Сл.весник на РМ“бр.84/08,52/09,114/09,124/10,23/11,53/11,44/12,168/12,163/13,187/13,39/14, 42/14;44/15;116/15;150/15;31/16;71/16 и 163/16),член 5 став 1 точка 6 од Законот за комунални дејности (Сл.весник на РМ бр.95/2012,163/13,42/14;44/15;147/15 и 31/16), под одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќајот во општина Неготино се подразбираат повеќе мерки и работи кои се обавуваат во текот на целата година, вклучувајќи ги и сите објекти и инсталации се со

цел да се одржи нивната проодност и техничка исправност на патиштата како редовно одржување, како и подобрување на елементите од патот, да се осигура сигурноста и трајноста на патиштата и да се зголеми сигурноста на сообраќајот како вонредно одржување.

Работите од редовно одржување и заштита на локалните патишта и улици ги опфаќаат следните работни операции: чистење на асфалтна површина, косење на трева, кастрење на гранки, поправка и антикорозивна заштита на заштитна ограда, уредување и чистење на риголи и канали за одводнување, уредување на банкини - планирање и порамнување, поправка на локални патишта и улици на оштетена асфалтна површина - ударни дупки, мрежасти пукнатини, надолжни и попречни денивелација како и итни поправки и интервенции со цел да се осигура безбедно одвивање на сообраќај иостанати работи.

Под зимско одржување на локалните патишта и улици се подразбира обавување на работи за одржување на нивна проодност и сигурност за одвивање на режимот на сообраќајот во зимски усклови согласно со посебните прописи од законот за јавни патишта. (материјал за посипување, рачни и машинско чистење на снегот, крпење со ладна маса на ударни дупки, приправност и работа на ангажирани работници).

Активностите од вонредно одржување на локалните патишта и улици опфаќаат: местимични поправки на патната конструкција со цел да се заштити и зголеми носивоста на патот, подобрување на системот за одводнување на патот, замена, поправка и уградување на нова вертикална сигнализација, санирање на мали лизгања на земја, ублажување на нагиб и останати работи на заштита на косина од ерозија како и санација на потпорни и обложни зидови, изведување на работни активности за уредување на земјиштето на раскрсници со хортикултурно уредување, поправка на поставени елементи за намалување на брзината на движење по улиците како и санација и заштита на бетонски површини.

За одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на сообраќајот во 2024 година со оваа програма се планираат средства во вкупен износ 4.000.000,00 денари:

| **Активност** | | **Планирани средства 2024** |
|---|---|---|
| **Редовно одржување** | | |
| | | |
| Во летни услови | | **1.500.000,00** |
| Во зимски услови | | **2.500.000,00** |
| | | |
| **Вонредно одржување** | | |
| Стручен надзор | | **50.000,00** |
| Непредвидени активности | | **450.000,00** |
| **ВКУПНО:** | | **500.000,00** |

***Приходи:***

За 2024 година, од Агенцијата за државни патишта планирани се средства во висина од 3.500.000,00 денари и 1.000.000,00 денари од буџетот на општина Неготино.

***Расходи:***

Средствата кои се предвидени со оваа Програма ќе бидат наменети за:

***Со Програмата се предвидува:***

1. Цел на програмата
2. Организациона поставеност на учесниците
3. Приоритетна листа на улици за зимско одржување
4. Финансиските средства,
5. Временските рокови за извршување на работите ,
6. Динамиката и начинот на одржувањето на улиците

### *1. Цел на програмата*

Програмата за зимско одржување на улиците и локалните патишта во општина Неготино за 2023/2024 година, има за цел да предвиди ефикасно организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Неготино опфатено со Генералниот урбанистички план како и на целата територија на Општина Неготино и тоа преку одредување на обемот на работа и нивото на чистење на снегот и голомразиците од коловозните површини, дефинирање на работите и задолженија на носителите за реализација на програмата и дефинирање на обврските на сите учесници во реализација на програмата.

## 2. Организациона поставеност на учесниците

| J6 | **Одржување и заштита на локалнипатишта, улици и регулирање на режим на сообраќај** | |
|---|---|---|
| 1 | Крпење на ударни дупки и вградување на асфалт | |
| 2 | Зимско одржување на локални патишта и улици (набавка на сол, ризла, рачно и машинско расчистување на снег со посипување со сол и ризла и крпење на ударни дупки со ладна маса) | |
| 3 | Одбележување на хоризонтална сигнализација | |
| 4 | Одржување на вертикална сигнализација и антикорозивна заштита метални профили | |
| 5 | Одржување на канафки и банкини на локални патишта | |
| 6 | Стручен надзор | |
| 7 | Поплочување на улица кај кејот од двете страни од Ацо Аџи Илов (Ванчо Коцев) до Владо АрсовШпанац (мостот) | |
| **J6** | **СЕ ВКУПНО** | **4.000.000,00** |

Преку организационата поставеност ќе бидат дефинирани работите и задолженијата на директните учесници вклучени во реализацијата во оваа Програма.

***Одделението за комунални работи и сообраќај при општина Неготино***

- ја изготвува Програмата,
- ја организира зимската служба
- врши стручен надзор во извршувањето на Програмата;
- преку средствата за јавно информирање, информира за обврските на зимските службии обврските на учесниците.

***ЈП ,, Комуналец’’Неготино***

- ја реализира Програмата за функционирање на зимската служба;
- организира редовна приправност со потребна опрема: алат, резервни делови и стручен кадар за обезбедување исправност на сопствената механизација за дејствување во зимски услови;
- ги подготвува возилата и машините и друга потребна механизација и ја доведува во исправна состојба за дејствување во зимски услови,
- Општина Неготино набавува , а ЈП ,, Комуналец” обезбедува чување и складирање какои растурање на сол и песок и други материјали,
- со специјални машини, опрема и работна рака врши посипување на индустриска сол за отстранување на голомразицата од коловозните површини,
- ја оспособува атмосферската канализација- шахти и сливници за прифаќање на вишокот од води при топење на снегот,

- води целосна документација за зимската служба ,
- доставува распоред на лица за приправност со податоци за работна рака и механизацијата секој месец однапред.
- покрај своите редовни активности врши расчистување на снег на пристапите до контејнерите и околу нив;
- ги расчистува пешачките зони и тротоарите во централното градско подрачје;
- врши сечење и отстранување на паднати дрвја и гранки од коловозите и тротоарите;
- го расчистува снегот од поважните стази во гробиштата;
- одговорните работници на дежурството вршат потребни контакти со сите одговорни субјекти , ја спроведуваат Програмата и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани

***ЈП ,,Комуналец“ – Неготино располага со следната механизација, опрема и работна сила:***

- Механизација и опрема:
1. Трактор со приколка...............................................................2 броја
2. Скип ..........................................................................................2 броја
- Работна рака:
1. раководител ........................................................................1 работник
2.раководител на смена .................................................... 1 соработник
3. работници за припрема на сол ......................................2 работника
4. возачи .................................................................................4 работника
5. работници за опслужување............................................5 работника

***Други учесници***

**Градежни претпријатија ќе бидат ангажирани од општина Неготино со следнатамеханизација:**

- булдозер............................................................................. 1 број
- утоварувач ..........................................................................2 број
- трактор ...............................................................................2 број
- грејдер ...............................................................................1 број

По потреба ќе се ангажираат и други машини. Расчистувањето со оваа механизација ќе се врши според плановите – шемите за расчистување на сообраќајниците во градот и локалните патишта.
Целокупната документација за учество на градежната оператива ја води одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина при општина Неготино преку задолжените лица и тоа за присуство на механизацијата, времето на вклучување, реализираниот број на работни часови и квалитетот на извршените задачи.

**Македонија Пат – Неготино** со своја работна рака и механизација ги расчистува регионалните патишта кои се на територија на општина Неготино.

***Дирекција за заштита и спасување - при обилни врнежи на повик на дирекцијата се вклучуват следните претпријатија со својата механизација:***

- Градба Промет со 1 скип-утоварувач и градежна фирма Жак Транс од с.Долни Дисан со1 багер и 1 кипер.

***ОВР - Сообраќајна полиција при одделението за безбедност, го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатата состојба на сообраќајниците и секогаш ќе биде во непосредна врска со сите задолжени субјекти за поефикасно оспособување на сообраќајниците.***

**Претпријатијата, училиштата, заедниците и граѓаните – сопственици, односно корисници на деловни згради и деловни простории преземаат мерки за чистење на снегот и голомразицата пред своите објекти.**

***Граѓаните односно сопствениците, станарите и закупувачите на станбените објекти го чистат снегот и голомразицата од тротоарите – патеките и приодните места пред своите станбени објекти. Исто така граѓаните го чистат снегот од покривите и терасите , при што се води сметка за безбедноста на минувачите и сообраќајот. Исчистениот снег се собира пред зградата на начин што ќе обезбеди непречен сообраќај.***

## 3. Приоритетна листа на улици за зимско одржување

За нормално одвивање на сообраќајот на улиците во град Неготино во зимски услови при врнежи на снег и голомразица неопходно е зимско одржување.

Одржувањето се состои од машинско чистење на снегот од коловозот на улиците, прскање со сол по отстранувањето на снегот и рачно чистење на делници со отварање на ленти за истек на водата во сливниците од атмосферската канализација.

Според важноста на улиците, интензитетот на сообраќајот и местоположбата на истите се поделени во 3 приоритетни групи на одржување.

### *I Приоритет*

Во I –ва приоритетна група спаѓаат сите приодно-влезни улици во градот, централните улици со голем интензитет на сообраќајот и улици кои го поврзуваат административниот центар и тоа : Одделение за внатрешни работи, амбулантни установи, автобуската станица, детски градинки и училишта и пекари.

Тие улици претставуваат костур на главните улици во градот со можност за влез и излез на секое надворешно возило, пристап до административниот центар и интервенција на органот за регулирање на сообраќајот во градот и Општината.

Тоа се булеварите и улиците:

- ул. „Маршал Тито“
- ул.„Фемо Кулаков“
- ул.„Индустриска“
- ул.„Партизанска“
- ул.„Јане Сандански“
- ул.„Ацо Аџи Илов“
- ул.„Пекарев“
- ул.„Борис Кидрич“
- ул.„Киро Крстев“
- ул.„Ленинова“
- ул.„Гоце Делчев“
- ул„Даме Груев“

-ул.„Цандо Кожинков“

Во првата приоритетна група на одржување спаѓаат и регионалните и локални патишта до населените места.

За одржување на локалните патишта и улици во населени места, каде ЈП ,,Комуналец“ не може да интервенира, одделението за комунални работи и сообраќај при општина Неготино, ангажира некои од работните оперативи што имаат можност тоа да го реализираат.

***II Приоритет***

Во II-приоритет на улици за зимско одржување спаѓаат улиците кои ги поврзуваат сообраќајниците од првиот приоритет, сообраќајот во градот може несметано да се одвива во сите правци и во сите реони на градот, како и пристапните општински патишта со кои се поврзани сите приградски населби од општина Неготино.

***III Приоритет***

Во овој приоритет спаѓаат сите останати улици во градот по кои се одвива мошне слаб сообраќај и претставуваат кракови и ќебови на улици од претходните два приоритета или пак сеуште не се асфалтирани или отворени па не е можна некоја поефикасна интервенција за одвивање на сообраќајот во зимски услови.

***4. Динамика и ниво на одржување***

Оспособување на коловозите се врши во зависност од временските услови и тоа:

- Состојбата на присуство на голомразици или врнежи до 5 см (прва состојба на готовност);
- Состојба на голомразица и снежни врнежи над 6 см (втора состојба на готовност)

Оспособувањето, (расчистувањето) на коловозните површини во првата состојба на готовност го врши ЈП,,Комуналец", а во втората состојба на готовност ЈП,,Комуналец" и други правни субјекти согласно договорните обврски.
Во првата состојба на готовност ЈП ,,Комуналец" со својата ангажирана механизација, работна сила и абразивни средства, врши оспособување на коловозните површини за сообраќај и тоа првенствено на сообраќајниците од првата приоритетна листа. Градежната оператива ги расчистува сите улици со добиен налог од надлежни служби на општина Неготино како и го расчистува делот од околните патишта (локални патишта) до населените места од општина Неготино.
Во зимски услови при снежни врнежи сите сопственици, односно корисници на објекти се должни веднаш да започнат со чистење на снегот на отворените простори пред јавните објекти, што ќе се обезбеди непречен пристап до објектите.

Во втората состојба на готовност ЈП ,,Комуналец" заедно со градежните оперативи врши оспособување на коловозните површини од првата приоритетна група, а потоа продолжува со другите две приоритетни листи и тоа прво ќе се расчистат сообраќајниците од првата приоритетна листа до населените места, а потоа ќе се продолжи со улиците од втората и третата приоритетна листа.

***Висината на надоместокот за работната рака обезбедена од ЈП „Комуналец" е :***

1. раководител ......................................................................................
..............................................................................................................240ден./ча
с2. раководител на смена ........................................................................220
ден./час
3. работници за припрема на сол .................................................140 ден./час
4. возачи ............................................................................................ 150 ден./час
5. работници за опслужување ...................................................... 140 ден./час

***Висината на надоместокот за механизација обезбедена од ЈП „Комуналец" е :***

1. Рачен утовар на шут и транспорт со трактор со прикулица……1600, 00 ден. /тура
2.1 Скип .Машински ископ......................................................................2.500
ден./час
Машински ископ со Скип машина .........................................250,00ден/м3
Машинско затрупување. .......................................................160,00ден/3
3. Машински сечење на бетон и асфалт ...................................... 150,00ден/м
4. Машински утовар на шут и земја ......................................... 2.500,00ден/час
5. Поминат километар на ровокопач (Скип машина)..40,00ден/км за транспорт на истатамашина

***5. Извршување на програмата и надзор***

Активностите за чистење и одржување на улиците и локалните патишта во зимски услови ги реализира ЈП ,,Комуналец" - Неготино и градежнта оператива на фирмата избрана во

постапка на јавна набавка, врз основа на Програмата за зимско одржување направена од Одделение за комунални работи и сообраќај при општина Неготино.
Надзор врз извршувањето на оваа Програма врши градоначалникот на општина Неготино преку Одделението за комунални работи и сообраќај и Одделение за инспекциски работи при општина Неготино.

## Ј7 – ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОВИ ЗЕЛЕНИЛО

### 1. ВИД И ОБЕМ НА РАБОТИТЕ

Под одржување на градски паркови, тревници и дрвореди се подразбира чистење, косење и собирање на трева, обнова, одржување и нега на дрвјата, одржување и кроење на украсни грмушки и жбунови, одржување и нега на сезонско цвеќе и трајно цвеќе во жардинерии, одржување на подови од гумирана подлога на детски игралишта, поплочени и посипени со песок јавни површини во паркови, фито санитарна заштита на растенијата, депонирање на собраниот отпад, како и останати работни задачи потребни за одржување на зеленилото во општина Неготино.

На подрачјето на град Неготино евидентирано е 147.936 м2 вкупни паркови површини од кои тревнати површини се 115.825 м2 со 496 броја на разни грмушки, 441 броја на зимзелни дрвја,1551 броја на листопадни видови на дрвја, 439 броја на дрвореди по улиците во градот, 1434 м2 жардинерии со сезонско и рајно цвеќе.

Во понатамошниот дел од програмата преку табеларен преглед ќе бидат дадени зелените површини и тоа:

| Р.Б | Назив на објектот | Вк.површ. | Зимзелен. садници | Листопад. садници | Грмушки | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Парк кај Спорт.сала | 49.080m² | 200 | 720 | 110 | 1030 |
| 2. | Спомен костурница | 17970m² | 63 | 232 | 15 | 310 |
| 3. | Парк-Собрание | 2.500 m² | 2 | 35 | 14 | 51 |
| 4. | Антигона 1 | 3580 m² | 42 | 52 | 32 | 126 |
| 5. | Кај булев. На ул.Маршал Тито | 6.630 m² | 16 | 158 | 110 | 284 |
| 6. | Кај Полиција | 2.520 m² | 16 | 30 | 40 | 86 |
| 7. | Кај музеј (форонивата) | 5.080 m² | 34 | 26 | 57 | 117 |
| 8. | Кај спом.На М.Малиминов | 8.000 m² | 26 | 61 | 45 | 132 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 9. | Жардинери на градски плоштад | 1.370 m² | 27 | 29 | 84 | 140 |
| 10. | Жардинерии на ул.Страшо Пинџур | 64 m² | 2 | 7 | 12 | |
| 11. | Детско игралиште кајмузејот | 1.760 m² | | 21 | 56 | 77 |
| 12. | Дрворед на ул.Партизанска | 2.000 m² | | 105 | | 105 |
| 13 | Дрворед од булеварот до ул. Првомајска | 4.000 m² | | 199 | | 199 |
| 14. | Градски Стадион | 5.000 м² | 6 | 8 | | 14 |
| 15. | Дрворед на ул.Пекарев, С.Пинџур | 800 м² | 4 | 21 | 5 | 30 |
| 16 | Паркова површ.-СаатКула | 11.800 м² | 30 | 70 | 10 | 110 |
| 17 | Парк.површ.до Монополот | 1.200 м² | 2 | 32 | 30 | 64 |
| 18 | Парк во нас.Тимјаник | 1.300 м² | | 8 | | 8 |
| 19 | Фонтана -Собрание | 10 м² | | 2 | 11 | 13 |
| 20 | Фонтана Градск иплоштад | 100 м² | 6 | | 40 | 46 |
| 21 | Фонтана дом на културата | 10 м² | 4 | 5 | 2 | 11 |
| 22 | Парк Саат Кула | 14000м² | 15 | 80 | 40 | 135 |
| 23 | Парк на ул. ФемоКулаков | 1.600м² | 14 | 19 | 3 | 36 |
| 24 | Одржување на нови паркови површини во приг.нас.(. Пепелиште,Ц.Брегов Д.Дисан,Курија)и воНеготино | 3.000м² | 20 | 30 | | 50 |
| 25 | Зеленило пред 11Катница | 180 м² | 1 | 2 | 29 | 32 |
| 26 | Фудбалско игралишта кај Спортска сала-ново | 5000м² | | | | |
| 27 | Зеленило дозградите -Неготинки | 4462м² | 14 | 60 | | 74 |
| 28 | Паркова површина кај новата детска градинка Темјанушка | 1800 м² | | | | |
| 29 | Паркова Површина во кружниот тек | 50м² | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 30 | Паркова Површина непосредно до зградите кај Градска порта | 2500м$^2$ | | | | |
| | **Вкупно ст.евиден. Новареевиденција** | **154.806 м²** | **771 бр.<br>544бр** | **2040бр<br>2012 бр** | **1121бр<br>743** | **3659бр. 3299** |

При новата реевиденција на вкупен број на садници на јавни површини од дадениот табеларен преглед се констатира дека имаме намалување на бројот на садници. Причини има повеќе и тоа неконтролирано сечење, сушење на стебла, кршење од ветроломи и снеголоми, корнење на цели стебла од четирнари или грмушки и слично. На овој проблем потребно е посериозен приод од надлежните органи како и од страна на давателот на услугата ЈП Комуналец.

## ***ПРЕГЛЕД***

На основни операции и динамика за извршување со оптимален интензитет на одржување на зеленило кои се под ингеренции на општина Неготино за 2024 година.

| Р.бр | Вид на работа | Кв. | Е.м. | Цена | Пати |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Рачно косење тревник | пк | м² | 2,4 | 8 |
| 2 | Гребење трева пред машинско косење | нк | м² | 1,70 | 12 |
| 3 | Машинско косење | кв | м² | 1,90 | 12 |
| 4 | Собирање трева | нк | м² | 1,00 | 12 |
| 5 | Изнесување трева со количка | нк | м² | 1,00 | 8 |
| 6 | Утовар трева во камион | нк | м² | 1,60 | 8 |
| 7 | Собирање лист со изнесување | нк | м² | 2,90 | 15 |
| 8 | Утовар лист во камион | нк | м² | 1,80 | 15 |
| 9 | Рачно поливање трева и вегетација | нк | м² | 1,90 | 36 |
| 10 | Садење сезонско цвеќе | кв | м² | 110 | 2 |
| 11 | Прашење цветни површини | пк | м² | 39 | 2 |
| 12 | Окопување дрва и грмушки | пк | бр. | 150 | 2 |
| 13 | Кроење на грмушки | кв | бр. | 120 | 2 |
| 14 | Фито заштита | вк | м² | 500 | 2 |
| 15 | Поливање дрвореди со цистерна | пк | бр. | 5,70 | 16 |
| 16 | Окопување дрвореди | пк | бр. | 150 | 1 |
| 17 | Кроење дрвја во дрвореди | вк | м² | 122 | 1 |
| 18 | Кроење жива ограда | кв | м² | 60 | 3 |
| 19 | Окопување жива ограда | пк | м² | 41 | 3 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 20 | Метење асвалт,патеки или бехатон плочки | нк | м² | 1,20 | 55 |
| 21 | Сечење ивици по булеварски патеки | нк | м² | 5,90 | 1 |
| 22 | Собирање хартија и отпадоци | нк | м² | 0,12 | 90 |
| 23 | Жардиниери | | | | |
| | Поливање | пк | м² | 1,90 | 36 |
| | Прашење | пк | м² | 50 | 3 |
| | Плевење | пк | м² | 50 | 3 |
| 24 | Перени | | | | |
| | Садење и расадување | кв | м² | 11,40 | 1 |
| | Прашење и полевање | пк | м² | 10,50 | 2 |
| 25 | Заштита со вар со h=1,30m² | пк | бр. | 26 | 1 |
| 26 | Чистење на трибини од трева | пк | м² | 2,60 | 3 |
| 27 | Чистење на трибини од отпадоци | пк | м² | 0,60 | 20 |
| 28 | Ѓубрење на трева | пк | м² | 4,00 | 2 |
| 29 | Полевање на паркови и друго зеленило како јавна површина | пк | м² | 0,96 | 12 |

## 2. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за одржување на јавно зеленило и парковски површини ќе ја спроведува ЈП „ Комуналец “- Неготино

## 3. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ

Работите на одржување на јавното зеленило ќе се извршуваат спрема оперативниот план разработен по месеци за тековната година спрема следните стандарди за одржување:

- Рачно чистење на јавни зелени површини се обавуваат секојдневно на сите површини.
- Собирање на лисја се врши во периодот од септември до февруари наредната година.
- Одржување и нега на тревниците започнува со почетокот на вегетацијата, во март месец и се извршува континуирано, се коси најмалки 1 до 2 пати а завршува во септември.
- Одржување и нега на дрвјата во паркови и дрвореди се одвива континуирано во текот на цела година, кастрењето е интезивно во периодот на мирување на вегетацијата.
- Прихранување со арско најмалку еднаш во годината на јавни зелени површини и се одвива со почетокот на вегетацијата односно во март месец.
- Садење на дрва се одвива во периодот на мирување на вегетацијата, односно од октомври до април месец за класични садници и за контејнерски садници во текот на цела година.
- Одржување на украсни грмушки се спроведува континуирано. Во фаза на

вегетација се врши плевење, окопување, кастрење на избојци, а во време на мирување на вегетацијата се врши кастрење спрема правилата на оваа струка.

- Одржување на жива ограда: Кастрење се врши 3 пати во годината и тоа во април, јуни и август, а дотраена жива ограда се пополнува и заменува континуирано.
- Садење на сезонско цвеќе се врши два пати во годината: во месец април кога се садат едногодишни врсти како што се бегонија, савија, петунија и сл., а во месец октомври се садат двогодишни врсти кои се садат од лукавци.
- Одржување и нега на сезонски и трајни жардинерии, односно нега на растенијата се обавува континуирано што подразбира плевење, окопување, кроење и поливање.
- Посипани со песок и пополнети површини во паркови и детски игралишта се одржуваат преку цела година.Кога ќе се воочат недостатоци веднаш се отклонуваат, а редовно се бојат и заменуваат оштетени и дотраени делови.
- Косење на коров – плевел на неуредени површини се спроведуваат во текот на вегетацијата 4 пати.
- Косење на трева се врши два пати во месецот и тоа 12 пати за период од 6 месеци во тековната година.

-Полевање со технолошка вода на јавното зеленило и другите паркови површини како дел од јавното зеленило во градот.

Опсегот и вредноста на работите на одржување и користење на паркови и зеленило се планираат во склад со расположените средства кои по Програмата за комунални дејности изнесува 3.000.000.00денари.

Во дадената табела која следува ќе се дадат во прилог сите јавни површини (паркови и зеленило) кои се предмет на одржување со потребните финансиски средства за нивно одржување:

| J7<br>Р.б. | Расходи за одржување и користење на Паркови и зеленило по Локација | Вкупна површина Во м² | Финансиск исредства За 2024год |
|---|---|---|---|
| 1. | Парк кај спортска сала | 49080 | |
| 2. | Парк кај Собрание на Општина | 2500 | |
| 3. | Парк споменик на паднатите борци | 22890 | |
| 4. | Парк кај Антигона 1 | 3580 | |
| 5. | Парк кај Музејот | 5080 | |
| 6. | Одржување на дрворед ул. Маршал Тито (од Првомајска до ОВР) | 4000 | |
| 7. | Парк кај ОВР | 2520 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. | Детско игралиште кај Музејот | 1760 | |
| 9. | Одржување на дрворед ул. Ставре Ставрев, ул Борис Кидрич, ул.Ацо А.Илов, Ул. Јане Сандански, ул.Пекарев и Градски плоштад | 800 | |
| 10. | Жардинерии на плоштад | 1370 | |
| 11. | Дрворед на ул Партизанска | 2000 | |
| 12. | Градски стадион | 5000 | |
| 13. | Булевар Маршал Тито | 6630 | |
| 14. | Парк Споменик Манчо Малиминов | 8000 | |
| 15. | Фудбалско игралиштекај Спортска сала | 5000 | |
| 16. | Одржување на жардинерии Страшо Пинџур | 64 | |
| 17. | Парк Југотутун | 1200 | |
| 18. | Парк кај Градска порта | 1800 | |
| 19. | Парк Саат кула | 14000 | |
| 20. | Парк на ул. Фемо Кулаков | 1600 | |
| 21. | Парк во нас.Тимјаник | 1300 | |
| 22. | Парк кај 11 катница | 180 | |
| 23. | Одржување на зеленило на фонтана Собрание | 10 | |
| 24. | Одржување на зеленило на фонтана Дом на култура | 10 | |
| 25 | Одржување на нови паркови површини во приградски населби(Ц.Брегови,Курија,Д.Дисан,Пепелиште) и во Неготино | 3000 | |
| 26 | Зеленило до згради Неготинки | 4462 | |
| 27 | Набавка на семе за трева, сезонско цвеќе, садници , ѓубриво за прихранување и хемиска заштита | | |
| 28 | Непредвидени вонредни активности | | |
| 29 | Техничка подршка и надзор | | |
| 30 | Тековно одржување на јавно зеленило | 300 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 31 | Одржување на паркова површина на споменикот на Манчо Малиминов во непосредна близина на бенз.пумпа Макпетрол | 3000 | |
| 32 | Одржување на зеленило кај кружниот тек | 50 | |
| 33 | Одржување на паркова површина кај новата детска градинка Темјанушка | 1800 | |
| 34 | Одржување на паркова површина кружен тек | 50 | |
| 35 | Одржување на спомен костурницата | 17.970 | |
| **J7** | **СЕ ВКУПНО:** | **150.836 м²**<br>**147936м²** | **2.000.000,00** |

Одржувањето на парковите и зеленилото во општина Неготино ќе го извршува ЈП Комуналец за што ќе склучи посебен Договор со општина Неготино, за потоа да направи оперативен план во кој детално ќе бидат разработени сите работни операции во согласност со наведените трошоци од оваа програма за одржување на паркови и зеленило за одржување на паркови и зеленило.

## J8 – ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

Во програмата за комунални дејности во делот на потпрограмата за други комунални услуги општина Неготино планира да издвои износ од 500.000,00денари како средства од буџетот на општината и спроведувањето на оваа програма е за следните намени:

| **Програм а J8** | **Други комунални услуги** | **Планиран средстваво денари** |
|---|---|---|
| 1 | Уловување на животни скитници иерадикација | |
| 2 | Дезинфекција и Дезинсекција на јавни површини | |
| 3 | Дератизација | |
| 4 | Рушење на бесправно изградени објекти и останување на предмети и материјали од јавни површини | |
| 5 | Санација и Уредување на јавна површина околу Спомен костурницата во Неготино (скршени бехатон плочи и паркови ивичњаци) | |
| 6 | Непредвидени дополнителни активности | |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Поставување на бехатон плочки на јавна површина која служи како пристапна улица и е дел од ул.Јане Сандански | |
| 8 | Техничка подршка и надзор | |
| 9 | Дополнителни активности по барање на граѓаните | |
| **Ј8** | **СЕ ВКУПНО** | **1.000.000,00** |

За извршување на овие активности општина Неготино ќе склучи Договор со соодветни правни лица по пат на јавна набавка.

## Ј9 – ОДРЖУВАЊЕ НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ

Со оваа потпрограма се предвидува:

| Ј9 | **Изградба на простор за паркирање** | **Планирани средства воден.** |
|---|---|---|
| **1** | Набавка и Обележување на постоечки и новите паркинг места | |
| **2** | Финансирање на активности на ЈП за паркирање | |
| **Ј9** | **СЕ ВКУПНО** | **3.000.000,00** |

## ЈД – ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА

***Со оваа потпрограма се предвидува:***

| **ЈД** | **Изградба и реконструкција на локалните патишта** | **Планирани средства во ден.** |
|---|---|---|
| **1** | Реконструкција на постоечка велосипедска патека на дел од булеварот од ул.Маршал Тито во Неготино | |

| | | |
|---|---|---|
| **2** | Реконструкција на тротоарите од улица Маршал Тито, од улица Манчо Малиминов до улица Васка Калајџиска<br>Реконструкција на тротоарите од улица Маршал Тито, од улица Никола Петров до семафорите и од семафорите до црквата од улица Партизанска<br>Реконструкција на тротоарите на улица Партизанска, од улица 4ти Јули до градскитегробишта и кракот до кружниот тек<br>Реконструкција на тротоарите од улица АцоАџи Илов до семафорите<br>Реконструкција на тротоарите од ВаскаКалајџиска до ОУ.Гоце Делчев | |
| **3** | Реконструкција на улицита Петар Демирски со (комплетна комунална инфраструктура) | |
| **4** | Изградба на комунална инфраструктура – улици на УЗ 5 – УБ 5.1 | |
| **5** | Тампонирање и асфалтирање на крак од улицата Браќа Миладинови над улица Ида Бенчиќ | |
| **6** | Реконструкција со бетонирање на крак од улицата Ставре Ставрев | |
| **7** | Изработка на потпорен ѕид на улица Даме Груев кај стамбениот објект на Несторов Боро Перо поради паѓање на постоечки зид по барање на грагани | |
| **8** | Реконструкција на улица Фемо Кулаков | |
| **9** | Реконструкција на улица Баба Ана Ташева со асфалтирање | |
| **10** | Асфалтирање на 3 крака од улица Илинденска | |
| **11** | Изградба на потпорни ѕидови ул.11Октомври<br>,изградба на потпорен зид на ул Душан Преграц под зградите од Саат Кула, по барање на граѓани за потпорен ѕид на улица | |

| | | |
|---|---|---|
| | Фемо Кулаков со тротоари од двете страни | |
| **12** | Санација и Изградба на улици и тротоари во градот со бехатон коцки како и во населените места во Долни Дисан,Курија,Тремник и Дуброво | |
| **13** | Изградба на кружен тек на патниот сообраќај на булеварот Маршал Тито на излезот спрема и улица индустриска во Неготино | |
| **14** | Вонредни и Непредвидени активности и интервенци по забелешки предлози на граѓани | |
| **15** | Поставување на спуштени тротоари и приспособување на улиците за полесно движење на лица со хендикеп – со посебни потреби на улица Маршал Тито и улица Партизанска, вклучувајќи и пристап прекутрите мостови кои го поврзуваат на ул.Маршал Тито и ул.Партизанска | |
| **16** | Реконструкција на улица Душан Јуруков | |
| **17** | Пробивање и асфалтирање на крак од улицата Станко Франц Пипан | |
| **18** | Изградба на улици Дојранска,обиколницата и<br>крак од Станко Франц Пипан во Неготино | |
| **19** | Реконструкција на улица Климентова (асфалтирање) | |
| **20** | Техничка подршка и надзор | |
| **21** | Асфалтирање на крак од улица Едвард Кардељ бр.50 во непосредна близина на Градска Порта до новата Социјална зграда | |
| **22** | Изградба на улица во УЗ8 и покривање на отворениот канал од плацот на Градба Промет до објектот на Хорват, како иизведба на приклучоци на водовод и<br>канализација на деловни објекти | |
| **23** | Реконструкција на улица Питу Гули (комплетна комунална инфраструктура) во должина од спојот со ул.В.Калајџиска до спојот со ул.Д.Мирчев) | |

| | | |
|---|---|---|
| **24** | Реконструкција на тротарот од двете страни на улица Маршал Тито маркет Дијана до кружниот ток кај автобуска станица | |
| **25** | До асфалтирање на општински пат Г.ДисанВещје | |
| **26** | Пробивање на ул.Никола Петров со улица | |
| | 11Октомври | |
| **27** | Асфалтирање краци од улица Илинденска | |
| **28** | Поплочување (редење на бехатон) на јавни површини во населени места и градски површини каде што има потреба | |
| **29** | Уредување на тротоари во градот | |
| **30** | Реконструкција и рехабилитација 8ми Ноември и 25ти Мај | |
| **31** | Уредување на делот на ул.Партизанска – поранешни трафики со асфалтирање на улицата и нов тротоар | |
| **32** | Реконструкција на улица Ленинова | |
| **33** | Реконструкција на дел од улица Киро Крстев | |
| **34** | Реконструкција на улица Димче Мирчев | |
| **35** | Реконструкција на улици 29ти Ноември | |
| **36** | Асфалтирање на улица Бранители | |
| **37** | Изградба на кружен тек кај јарболот – центарот на градот | |
| **38** | Поврзување на дел од село Тремник – шесте куќи со фекална канализација во селото | |
| **39** | Изградба на вертикални комуникации – скали на поврзувањето на ул. Ленинова со ул.Душан Преграц на делот каде што завршува ул.Ленинова (КП бр.9030) | |
| **40** | Асфалтирање на улица во Долни Дисан, кај плоштадот лево | |
| **41** | Изградба на крстосница со кружен тек во центарот на градот на спојот на улиците Маршал Тито и Партизанска до централното подрачје | |
| **ЈД** | **СЕ ВКУПНО** | **15.400.000,00** |

За извршување на овие активности општина Неготино ќе склучи Договор со давател на услуга на јавно претпријатие основано од општината или правно лице кое ги исполнува условите за вршење на дејноста пропишани со закон по пат на јавна набавка.

# ЈГ – ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Со оваа Потпрограма се предвидува:

| Ј Г | Изградба на системи за водоснабдување | Планирани средства во ден. |
|---|---|---|
| 1 | Изградба на водоснабдителена водоводна мрежа во Урб.заед.5.1,градска порта | Развојна Програма |
| 2 | Изградба на водоснабдителна мрежа на улица Дојранска и обиколницата | |
| 3 | Изградба на потисен цевковод со изградба на резервоар за водоснабдување на месното население во с.Тремник и обезбедување трајно решение заприклучок на електрична енергија и реконструкција на самиот вод на елктрична енергија | мжспп |
| 4 | Превземање на активности од страна на 3 општини Кавадарци, Росоман и Неготино за замена на филтри за прочистување на водата од Лукар и добивање 30-40 литра поголема количина за подобрување на водоснабдувањето | |
| 5 | Утврдување на функционалноста и изработка на предмер со пресметка за комплетна изведба на приклучоците на веќе изградените водоводни линии на улица Ленинова и улица Душан Јуруков до потрошувачите односно постоечките водомери од објектите на улиците, како истите водоводни линии би се ставиле во функција. | |
| 6 | Реконструкција на атмосферска и фекална линија на улица Ленинова | |
| 7 | Изградба на нова водоводна линија на УЗ 8 | |
| 8 | Изградба на водоводна мрежа на улица Дојранска се до трафостаницата на Електростопанство ЕВН КЕЦ Кавадарци | |

| | | |
|---|---|---|
| **9** | Реконструкција на стара водоводна мрежана улица Питу Гули | |
| **10** | Нивелација на ревизиони шахти од водоводната мрежа | |
| **11** | Вонредни или непредвидени активностипо барања на правни и физички лица | |
| **12** | Реконструкција на стара водоводна мрежана улица Баба Ана Ташева | |
| **13** | Техничка подршка и надзор | |
| **14** | Изведба на водоводни приклучоци на ул.Ленинова | |
| **15** | Изведба на водоводни приклучоци на ул.Душан Јуруков во Неготино. Набавка, транспорт и вградување на водоводен приклучок | |
| **16** | Реконструкција на водоводна линија на улица 29ти ноември | |
| **17** | Реконструкција на водоводна линија на улица Киро Крстев и приклучоци на водоводна линија | |
| **18** | Реконструкција на водоводна мрежа на градски плоштад | |
| **19** | Зафаќање на вода од место викано Антена до влезот на Неготино УЗ.8, како алтернатива и надополнување на постоечка линија за наводнување на дворовите и јавните површини. Должина на црево – 400 метри, Ф200 заедно со потребни фитинзи и објекти на мрежата и проект за таа линија | |
| **20** | Реконструкција на главен челичен цевковод Ф320 на потегот од парк Бриони во правец Неготино во должина од 100-200 метри критичен дел | |
| **ЈГ** | **СЕ ВКУПНО** | **4.000.000,00** |

За извршување на овие активности општина Неготино ќе склучи Договор со давател на услуга на јавно претпријатие основано од општината или правно лице кое ги исполнува условите за вршење на дејноста пропишани со закон по пат на јавна набавка.

## ЈИ – ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НАОТПАДНИ ВОДИ

Со Потпрограма се предвидува:

| **Ј И** | **Изградба на системи за одведување ипречистување на отпадни води** | **Планиран исредства воден.** |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Изградба на системи за прифаќање и одведување на отпадни води на улици во Урб.зона 5.1, градска порта и Урб.зона 8 и технолошка вода во Урб.зона 5.1 | |
| 2 | Реконструкција на канализациони мрежи и системи за одведување на отпадниводи на ул.Душан Јуруков | |
| 3 | Реконструкција на канализациона мрежа за фекална канализација од почетокот на кејот на Тимјаничка река до покриениот дел, два краци | |
| 4 | Изградба на атмосферска со фекална канализациона мрежа во м.в.Брестин долво Неготино | |
| 5 | Непредвидени и вонредни активности и забелешки и предлози на граѓани | |
| 6 | Изградба на фекална и атмосферска канализациона мрежа на ул.Баба Ана Ташева | |
| 7 | Технички надзор | |
| 8 | Изградба на фекална и атмосферка канализација на улица Дојранска се до трафостаницата на Електростопанство ЕВН КЕЦКавадарци | |
| 9 | Изградба на канализациона мрежа, систем за отпадни води од регионален пат до река Вардар | |
| 10 | Реконструкција на атмосферска и фекална канализација од ул.Марксова до градска болница | |
| 11 | Реконструкција на фекална линија од улица 29ти ноември, Киро Крстев, Димче Мирчев, Ленинова и Баба Ана Ташева | |
| 12 | Реконструкција на фекална и атмосферска линија на градски плоштад | |
| **JИ** | **СЕ ВКУПНО:** | **3.000.000,00** |

За извршување на овие активности општина Неготино ќе склучи Договор со давател на услуга на јавно претпријатие основано од општината или правно лице кое ги исполнува условите за вршење на дејноста пропишани со закон по пат на јавна набавка.

## 3.12 ЈЛ –Други комунални услуги

Со оваа потпрограма се предвидува:

| ЈЛ | ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО(КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ) | Планиран исредства воден. |
|---|---|---|
| 1 | Набавка на урбана опрема канделабри,клупи, корпи за отпадоци, фонтани и сл. | |
| 2 | Доуредување на јавни паркови површини во населените места Криволак,Тимјаник,Долни Дисан, Курија Војшанци и ЦрвениБрегови | |
| 3 | Изградба и уредување на паркова површина кај новата зграда на Градска Порта | |
| 4 | Уредување на паркова површина во делот после зградите во населба Саат кула | |
| 5 | Набавка и поставување на автобуски постројки | |
| 6 | Набавка и поставување на новогодишни елементи | |
| 7 | Набавка и монтажа на информативни табли | |
| 8 | Поставување на уред за бркања на птици | |
| ЈЛ | СЕ ВКУПНО: | 500.000,00 |

За извршување на овие активности општина Неготино ќе склучи Договор со давател на услуга на јавно претпријатие основано од општината или правно лице кое ги исполнува условите за вршење на дејноста пропишани со закон по пат на јавна набавка.

## ЈН - УРБАНА ОПРЕМА(КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)

Со оваа потпрограма се предвидува:

| ЈН | УРБАНА ОПРЕМА(КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ) | Планиран исредства воден. |
|---|---|---|
| 1 | Набавка и реконструкција на урбана опрема канделабри, клупи, корпи за отпадоци, фонтани и набавка на нови детски реквизити за детски игралишта во општина Неготино и селата | |
| 2 | Реконструкција на градски пазар | |
| 3 | Уредување на паркова површина во непосредна близина на Браќа Миладинови во Неготино (парк 8 ноември) | |
| 4 | Уредување на паркова површина до нова социјална зграда на градска Порта | |
| 5 | Вонредни и непредвидени трошоци | |
| 6 | Техничка подршка и надзор | |
| 7 | Набавка на контејнери од 1,1 метар кубен | |

| | | |
|---|---|---|
| **8** | Реконструкција и доуредување на детски игралишта во населените места Криволак,Тимјаник,Долни Дисан Курија Војшанци и Црвени Брегови | |
| **9** | Поставување на урбана опрема – настрешница и тезги на градски пазар, покриен и затворен пазар монтажна конскткција | |
| **10** | Поставување на ограда на мостот на ул.„Ацо Аџи Илов" во близина на земјоделска аптека на Ванчо Коцев во должина од 8 метри | |
| **11** | Поставување на жардинерии за цвеќе и нискостеблести зимзелени дрвца наспроти стоковната на новиот бехатон па се до градската библиотека вклучувајќи го и тротоарот спроти Тутунска банка кој е во склоп со плоштадот | |
| **12** | Поставување на метална ограда од двете страни на скалите наспроти Градска аптека пред мостот на кејот 2х4м | |
| **13** | Уредување на просторот спроти градската аптека со изведба на патека за лица со попреченост од ул.„Маршал Тито" преку мостот на кејот до ул.„Партизанска" | |
| **ЈН** | **СЕ ВКУПНО:** | **24.500.000,00** |

За извршување на овие активности општина Неготино ќе склучи Договор со давател на услуга на јавно претпријатие основано од општината или правно лице кое ги исполнува условите за вршење на дејноста пропишани со закон по пат на јавна набавка.

## 4. УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Со оваа Програма се уредува;

1. Просторот кој е предмет на уредување
2. Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште,
3. Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основна и секундарна инфраструктура,
4. Планирани трошоци за уредување на градежно земјиште,
5. Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште

### *ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ*

Како простор кој е предмет на уредување на градежно земјиште се смета, изградено и неизградено земјиште на просторот на општина

Неготино, кој е прогласен како градежен реон, чиј опфат е одреден со урбанистички планови и акти што ги заменуваат тие планови.

***ОБЕМОТ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НАГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ***

Под обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиштесе подразбира:

***Подготвителни работи опфаќаат:***

- оформување на геодетска документација
- извршување на основни геомеханички испитувања за градежни парцели каде ке се градат објекти од комуналната инфраструктура

***Расчистување на градежното земјиште е со цел да се изврши опремување на градежните парцели со објекти од комуналнатаинфраструктура.***

Под расчистување на градежно земјиште на градежна парцела се подразбира:

- Решавање на имотно правни односи.
- Уривање на постојни градежни и други објекти на градежно земјиште.

***ОБЕМОТ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СООБЈЕКТИ НА ОСНОВНА И СЕКУНДАРНА ИНФРАСТРУКТУРА***

Степенот на уреденост на градежното земјиште се определува според обемот на опременост на земјиштето со објекти на комунална инфраструктура за задоволување на заедничкита и индивидуалната комунална потрошувачка до градежната парцела и може да биде основен, повисок и понизок степен на уреденост.

Основен степен на уреденост на градежното земјиште со комуналнаинфра

- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари) и пешачкипатеки,
- подземна електрична мрежа,
- улично осветлување,
- водоводна мрежа,
- фекална канализација и
- атмосферска канализација.

Повисок степен на уреденост на градежно земјиште претставува зголеменауреденост со комуналан инфраструктура ги опфаќа објектите од точка 4.3.1.1 како и:

- ПТТ (оптичка и телекомуникациона) мрежа,
- топлификациска мрежа,
- паркинг простори,
- гасоводна мрежа и
- пречистителна станица за отпадни води.

Понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комуналнаинфра

- непречен пристап до градежна парцела од некатегоризиран јавен пат,
- сопствено водоснабдување (нема приклучок на водоводна мрежа)
- септичка јама (нема приклучок на фекална канализација)
- сопствен одвод на атмосферски води (нема приклучок на атмосферска канализација)
- нестандарно улично осветлување и
- надземна нестандарна електрична мрежа.

### *ТРОШОЦИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ*

Трошоците за уредување на градежно земјиште за повисок степен на уреденост на градежно земјиште со објектите на комунална инфраструктура, можат да се зголемат доколку се изведени сите комунално инфраструктурни мрежи наведени во точка 4.3.1.2 за најмногу 20% од утврдените трошоци за основен степен на уреденост на градежно земјиште со објекти на комунална инфраструктура.

Трошоците за уредување на градежно земјиште за понизок

степен на уреденост на градежно земјиште со објектите на комунална инфраструктура, можат да се намалат доколку се изведени сите комунално инфраструктурни мрежи наведени во точка 4.3.1.3

за најмалку 80% од утврдените трошоци за основен степен на уреденост на градежно земјиште со објекти на комунална инфраструктура.

Опремување со објекти од комунална инфраструктура во границите на градежната парцела:

- Трошоците за приклучок на уличните водоводни и канализациони мрежи и на нисконапонската електрична мрежа ги сноси корисникот на земјиштето.
- Проектирањето и изградбата на инфраструктурна мрежа на висок напон, инсталации и објекти, трафостаници или учество во нив, корисникот на земјиштето го регулира согласно електроенергетската согласност.
- Доколку изградените објекти од комуналната инфраструктура се во градежната парцела на корисникот или под или над објектите кои планира да ги гради, трошоците за нивна дислокација паѓаат на товар на корисникот на земјиштето, а дислокацијата може да се изврши по добиена согласност и мислење од соодветниот стопански субјект кој стопанисува со инфраструктурата.

***ВИСИНА НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВА РАСПРЕДЕЛБА***

Градежното земјиште на подрачјето на општина Неготино е поделено во 9 (девет) зони и тоа:

**ПРВА ЗОНА** го опфаќа централното градско подрачје по ул.„Маршал Тито“ од раскрсницата со улица „Питу Гули“ до раскрсницата со ул.„Никола Петров“ , ул.„Ставре Ставрев“, ул.„Партизанска“ од центарот до училиштето „Страшо Пинџур“, улиците во старата чаршија до „Дисански мост“, објектите што гравитираат кон градскиот пазар и ул. „Ацо Аџи Илов“ од раскрсницата со ул. „Маршал Тито“ до „Дисански мост“.
**ВТОРА ЗОНА** е подрачјето на останатиот станбен дел од градот.
**ТРЕТА ЗОНА** е делот на „Индустриска зона“ во град Неготино.
**ЧЕТВРТА ЗОНА** се стопански комплекси вон населено место во атарот на КО Неготино**.ПЕТТА ЗОНА** се населените места Тимјаник, Криволак и Пепелиште**.**
**ШЕСТА ЗОНА** се населените места, селата Долни Дисан, Тремник, Војшанци, Дуброво,Курија и Црвени Брегови.
**СЕДМА ЗОНА** е градежното земјиште вон населеното место на атарите Тимјаник, Пепелиште, Криволак, Тремник , Дуброво, Курија, Долни Дисан ,Црвени Брегови и Војшанци.
**ОСМА ЗОНА** е градежното земјиште опфатено со ГУП „Работна зона Дуброво-Тремник“ **ДЕВЕТА ЗОНА** е градежното земјиште во селата , Горни Дисан,

Вешје, Калањево и Липа. Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште по зони, изнесува:

***Прва зона***

А. Индивидуално домување

- Станбен простор
1.500,00ден./м2
- деловен простор
2.300,00ден/м2

Б.Колективно домување

- станбен простор.......................................................................................1.400,00ден./м2
-деловен простор ........................................................................................................2.200,00ден/м2

***Втора зона***

А. Индивидуално домување

- станбен простор
1.200,00ден/м2
- деловен простор.......................................................................................1.900,00ден./м2

Б. Колективно домување

- станбен простор
1.100,00ден/м2
- деловен простор.......................................................................................1.800,00ден./м2

***Трета зона***

- стопански објекти во индустриска зона во Неготино..............................8.615,00ден./м2
- деловен простор.......................................................................................1500,00ден./м2

***Четврта зона***

- стопански објекти
8.615,00ден/м2
- деловен простор.......................................................................................1500,00ден./м2

***Петта зона***

- станбен простор...........................................................................................600,00ден./м2
- деловен простор...........................................................................................950,00ден./м2
- стопански објекти(Г)
8615,00дем/м²

***Шеста зона***

- станбен простор...........................................................................................300,00ден./м2

- деловен простор.......................................................................................460,00ден./м2
  - стопански објекти(Г) ...........................................................................8615,00 дем/м²

*Седма зона*

- стопански објекти........................................................................... 8615,00 ден/м2
- деловен простор.......................................................................................950,00ден./м2

*Осма зона*

- стопански објекти 8615,00ден/м2
- деловен простор......................................................................................1500,00ден./м2

*Девета зона*

- ослободени се од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште.

Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградба на

- **Гасни станици, базни станици** 6.200,00ден/м2

**-Столбни трафостаници**
**..................................................................................................** 1.200,00ден/столб

- **Трафостаници** 6.200,00ден/м
- **Бетонски бази .........................................................** 1.000,00ден/м2 урб.парцела
- **Сепарации.................................................................** 1.000,00ден/м2 урб.парцела
- ***Агро берзи, откупно дистрибутивни берзи, 50% од вкупно пресметаната површина***
- **Бензински станици** 6.200,00ден/м2

**-Комунална супраструктура (полигон за обука на возачи)** 100,00ден/м² урб.парцела

**-Депонии....................................................................**61,00ден/м²урбана парцела

**-Рибници**
**.....................................................................................** 61,00ден/м²урбанапарцела

- **За објектите за произвоство на електрична енергија од обновливи извори (Биогориво,биомаса,геотермална енергијаа и хидроенергија),** висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисика од 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден од 0,01 и тоа

31.859,00 ден х 30% = 9.557.70 денари х 0.01 = 95,57 денари по м2

- **За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште),** висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисоко од 20% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициент 0,01 и тоа:

- 31.859,00 ден х 20% =6.3718.80 денари х 0.01 = 63,72 денари по м2 за 50% од површината на градежната парцела.

- Пресметаниот надоместок за уредување на градежно земјиште за објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), согласно потточка 1 од оваа алинеа ќе се наплатува во целост (100%), без оглед на степенот на уреденост на градежното земјиште.
- За поставување на фотонапонски електроцентрали кои се поставуваат на објекти не се наплаќа надомест за уредување на градежно земјиште.
- **Надоместокот за поставување на електронска комуникациона мрежа** изнесува 10% од вкупната вредност на инвестицискиот проект и 5% за извршен надзор.Доколку инвеститорот нема доставен инвестициски проект, тогаш висината на надоместокот за поставување на подземни, надземни кабли и столбови (дрвени, бетонски или метални) на дел од трупот на патниот појас на општински пат и улица и други јавни површини се определува со направена пресметка од Одделението за комунални работи и сообраќај на општина Неготино одобрена од грдоначалникот на општината.

Барањето за добивање на Одобрението за поставување на инсталации во трупот на патниот појас на општински пат и улици и други јавни површини, доставува исклучиво инвеститорот како правен субјект кој е регистриран за основната дејност. Инвеститорот е должен пред отпочнување на вршење на прокопи да го извести правниот субјект кој стопанисува со постоечките

подземна или надземна инфраструктурна мрежа и надлежните служби на општина Неготино инсталации за нивно мислење.

- **Надоместок за поставување на мрежи и водови за пренос на електрична енергија** на дел од трупот на општински пат, улица или тротоар и или други јавни површини изнесува 10% од вкупната вредност на инвестициониот проект и 5% за извршен надзор од вкупната вредност. Доколку инвеститорот нема доставен инвестициски проект, тогаш висината на надоместокот за поставување на подземен надземни кабли и столбови (дрвени , бетонски или метални) на дел од трупот на патотниот појас на општински пат и улица и други јавни површини се определува со направена пресметка од Одделението за комунални работи и сообраќај на општина Неготино одобрена од грдоначалникот на општината. Барањето за добивање на Одобрението за поставување на инсталации во трупот па и на патниот појас на општински пат и улици и други јавни површини, доставува исклучиво инвеститорот како правен субјект кој е регистриран за основната дејност.

- **За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерница)** висината на трошоците за уредување на градежното земјиште изнесува 1.200.000,00денари за една ветерница, Барањето за добивање на Одобрението за поставување на инсталации во трупот па и на патниот појас на општински пат и улици и други јавни површини, доставува исклучиво инвеститорот како правен субјект кој е регистриран за основната дејност.

***-Надоместок за изградба и поставување на Базни станици за мобилна телефонија***

изнесува ...........................................................................................................................6.000,00денари/м2

**Надоместок на трошоци за јавни паркиралишта** 31.000,00ден/бр

**4.5.12.** - **Надоместокот за подземен и надземен кабел** изнесува 10% од инвестицискиотпроект и 5% за надзор од вкупната вредност.

**–Надоместокот за прекоп на јавни површини** за поставување на подземен кабел, поставување на телекомуникациски кабли, водоводна, атмосферска и фекална канлизациона мрежа изнесува 10% од инвестицискиот проект и 5% за надзор од вкупната вредност за зона прва,втора и трета зона, а за останатите зони надоместокот изнесува 8% од инвестицискиот проект и 5% за надзор од вкупната вредност.Доколку инвеститорот нема доставен инвестициски проект, тогаш висината на надоместокот за поставување на подземни и надземни кабли, поставување на

телекомуникациски кабел, водоводна и канализациона мрежа и столбови (дрвени , бетонски или метални) на дел од тротоарот и улицата како и на патниот појас на општински пат и улица и други јавни површини се определува со направена пресметка од Одделението за комунални работи и сообраќај на општина Неготино одобрена од градоначалникот на општината. По завршување на градежните активности на тротоарот или улицата се доведуваат во првобитна состојба од страна на изведувачот - инвеститорот.

Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежно земјиште согласно со член 2 од Правилникот за степенот на уреденост за градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот за утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост, се пресметува по метар квадратен на новата корисна површина што ќе се гради, што преставува збир на нето површините на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект помножена со следните коефициенти:

| I | **Станбени објекти** | **коефициент** |
|---|---|---|
| 1 | станбени простории | 1,0 |
| 2 | станбени простории во поткровје совисина до 2,5 м подпокривен простор | 0,2 |
| 3 | Лоѓија затворена од три страни | 0,4 |
| 3 | Подоѓија затворена од две страни | 0,3 |
| 5 | Балкони, тераси | 0,2 |
| 6 | Заеднички проодни тераси, пасажи | 0,2 |
| 7 | Помошни простории, остава за гориво, котлара, визби | 0,3 |
| 8 | Трафостаници до 35 Кв во објект и надвор од објект | 0,3 |
| 9 | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,3 |
| 10 | Стражарници, управител, простории за домар | 0,5 |
| 11 | Паркиралишта и гаражи | 0,1 |

| II | **Деловни, јавни и производни објекти** | **коефициент** |
|---|---|---|
| 1 | Простории | 1,0 |
| 2 | Магацин | 0,5 |
| 3 | Помошни простории, остава за гориво, котлари | 0,3 |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | Трафостаници до 35 Кв во објект и надвород објект | 0,4 |
| 5 | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,5 |
| 6 | Паркиралишта и гаражи | 0,1 |
| 7 | Лоѓија затворена од три страни | 0,5 |
| 8 | Подлоѓија затворена од две страни | 0,4 |
| 9 | Балкони, тераси | 0,3 |
| 10 | Отворен наткриен простор | 0,3 |

| **III** | **Други објекти** | **коефициент** |
|---|---|---|
| 1 | катни гаражи | 0,05 |
| 2 | спортски покриени објекти | 0,5 |
| 3 | спортски откриени објекти | 0,3 |
| 4 | Гасни станици и базни станици за 50%одповршината на локацијата | 1,0 |
| 5 | Отворени пазаришта за 30% од површината на локцијата | 1,0 |
| 6 | Базени | 0,2 |
| 7 | Трафостаници над 35Кв | 1,0 |

| **IV** | **Објекти од група на класи на намена Г-производство, дистрибуција и сервиси** | **коефициент** |
|---|---|---|
| 1 | Г1- тешка и загадувачка индустрија | 0,05 |
| 2 | Г2-лесна и незагадувачка индустрија | 0,01 |
| 3 | Г3-сервиси | 0,01 |
| 4 | Г4- стоваришта | 0,01 |

| **V** | **Бензинска пумпна станица и нејзинипридружни содржини( продавници, кафетерии и ресторани, автосервиси,автосалони, помошни простории)** | **коефициент** |
|---|---|---|
| 1 | продажни простории на бензински пумпни станици | 1,0 |
| 2 | услужни простории на бензински пумпни станици | 1,0 |

| VI | **Објекти од група на класи на намена Б5 -угостителски и туристички комплекси,хотелски комплекси и одмаралишта и објекти од групата на класи на намени А4 – хотел мотел, планинарски дом и ловен дом** | **коефициент** |
|---|---|---|
| 1 | сите простории | 0,05 |

| VII | **За детски градинки, пензионерскидомови и домови за стари лица** | **коефициент** |
|---|---|---|
| 1 | сите простории | 0,05 |

| VIII | **За објекти за високо образование** | **коефициент** |
|---|---|---|
| 1 | сите простории | 0,5 |

| IX | **За објекти за култура** | **коефициент** |
|---|---|---|
| 1 | сите простории | 0,01 |

| X | **За објекти за терцијална заштита** | **коефициент** |
|---|---|---|
| 1 | сите простории | 0,05 |
| **XI** | **За објекти за производство наелектрична енергија од обновливи извори** | **коефициент** |
| 1 | (биогориво,биомаса,геотермална енергијаи хидроенергија), | 0,01 |

| XII | **За објекти за производство наелектрична енергија од сончева енергија** | **коефициент** |
|---|---|---|
| 1 | (фотонапонски панели), за 50% од површината на градежната парцела | 0,01 |

Во точка 4.5.15 став еден се менува точка 6.1.3 со точка 4.3.1

По исклучок од **точка 4.3.1**, во новата корисна површина што ќе се гради согласнозаверената проектна документација, не се пресметуваат површините на :

-инсталациони канали,
-окна за лифтови,
-окна на врати,
-отворени паркиралишта
-подземни резервоари
-објекти заштитени како културно наследство.

За објектите од **точка 4.3.1**, со височина над 32 ката , висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина.

За агроберзи, одкупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците, за уредување на градежното земјиште , во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина согласно ставовите од 4.3.1 и 4.5.15.

За објектите од група на класи на намени Г – Производство, дистрибуција и сервиси, висината на трошоците , за уредување на градежното земјиште, не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во РМ за последната година помножена со коефициентите опишани во глава IV точка 4.5.14 од оваа Програма.

31859,00ден х 30% =9.557,7 х 0.01 = 95,57 денари

Во случај кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а во локалитетот каде се наоѓа градежната парцела не е изградена секундарната инфраструктура, а корисникот на земјиште инсистира сам да ја гради секундарната инфраструктурна мрежа, согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурни објекти со свои средства, должен е на општината да и надоканади за направените трошоци во висина од 30% (основна инфраструктура) од надоместокот за уредување на градежното земјиште и да овозможи на идните корисници на земјиштето приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест, односно инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам да биде технички примена од соодветното јавно комунално претпријатие ЈП Комуналец од Неготино и притоа да ја предаде на општината без надомест.

При пресметувањето на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште учеството на поедини елементи на дополнителното опремување е:

1. Предходни вложувања. ........................................................................ 30,0 %

2. Изработка на урбанистичка документација, надзор на работите. ...............5,0 %
3. Изградба на улица
- изградба на долен и горен строј. ...............................................................35,0 %
- изградба на фекална канализација ............................................................ 6,0 %
- изградба на атмосферка канализација ........................................................4,0 %
- изградба на водоводна мрежа.................................................................... 5,0 %
- изградба на нисконапонска електрична мрежа ........................................... 15,0 %

За секој вид на објект или простор неопфатен со Програмата ќе се пресметува по аналогија како за опфатен, или со соодветна пресметка изготвена од Комисија формирана од Градоначалникот.

Кога се урива постоечки објект за да се изгради нов, надоместок за уредување на градежно земјиште се плаќа само за разликата во површините помеѓу новиот и објектоткој се урива.

Надоместокот за уредување на градежно земјите кога се врши пренамена од станбен во деловен простор се плаќа само разликата помеѓу утврдените цени на надоместоците за деловен и станбен простор за соодветната зона.

Доколку изградените објекти од комуналната инфраструктура се во градежната парцела на корисникот или под или над објектите кои планира да ги гради, трошоците за нивна дислокација паѓаат на товар на корисникот на земјиштето, а дислокацијата може да се изврши по добиена согласност и мислење од соодветниот стопански субјекткој стопанисува со инфраструктурата.

За се што не е опфатено со Програмата за уредување на градежно земјиште ќе се применуваат одредбите од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за степенот на уреденост на градежно земјиште.

Во случаите кога општина Неготино е инвеститор на градба, се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште.

За објектите за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво,биомаса,геотермална енергија и хидроенергија), висината на трошоците за уредување на градежното

земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во точка 4.5.14 глава XI од овој член.

За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 20% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во точка 4.5.14 глава XII од овој член. И тоа за 50% од површината на градежната парцела

За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници), висината на трошоците за уредување на градежното змјиште не може да биде повисока од 1.200.000,00денари за една ветерница.

### *5. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА*

За спроведување на програмата за комунални дејности на општина Неготино за 2024 година, надлежен е Градоначалникот на општина Неготино. Надзор и давање на приоритети врз извршувањето на оваа Програма врши градоначалникот на општина Неготино преку Одделението за комунални работи и сообраќај и Одделение за инспекциски работи при општина Неготино.

### *6. ДИНАМИКА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА*

Динамиката на спроведување на оваа Програма ќе зависи од створените правни и технички услови и од остварување на приливот на средствата.

### *7. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

Реализацијата на оваа програма ќе се извршува во согласност со висината на пристигнатите приходи и тоа пропорционално на сите потпрограми кои се составен делна оваа програма.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Неготино“.

**бр.08-977/11**
**27.12.2023**

**Совет на општина Неготино**
**Претседавач,**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за активностите на општина Неготино во областа на образованието во 2024 година**

Се објавува **Програма за активностите на општина Неготино во областа на образованието во 2024 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **27.12.2023** година.

**Бр.09- 1012/10**
**29.12.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр.5/02 и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино (Службен гласник на општина Неготино бр.3/06) Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден27.12.2023 година ја донесе следната:

# ПРОГРАМА

## *за активностите на општина Неготино*

## во областа на образованието во 2024 година

Процесот на едукација на човекот претставува стекнување знаења, вештини и способности за совладување на потребите и стекнување животни и работни искуства, формирање ставови, развивање критички однос кон работата, доброто, вредностите на светот околу него.

Современиот пристап укажува дека на образованието треба да се гледа како на инвестирање и процес што треба константно да се надградува. Поголемото инвестирање и подигањето на нивото на инвестирање се битен фактор во развојот на образованието.

### *I. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА*

Проектите што се содржани во Програмата се подготвени во координација со директорите на основните училишта и средното училиште и со Градоначалникот на општина Неготино.

Исто така, користени се и добрите/лошите искуства од реализацијата на минатогодишните искуства. Во оваа програма се имплементирани предлозите и препораките од сите фактори.

### *II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА*

Еден од клучните предизвици на образовната политика и на образовниот систем во основните училишта на територијата на општина Неготино во наредниот период ќе биде подобрувањето на квалитетот на воспитно-образовниот процес на младите во рамките на законските можности. Програмата ќе помогне во поттикнувањето и во негувањето на детската љубопитност, сознајните активности и креативноста, развивањето на мотивите и на условите за афирмирање на личноста на ученикот. Исто така, целиме кон

воспоставување европски принципи за образовени процес што треба дополнително да го стимулира развојот на децата.

АКТИВНОСТИ

Општина Неготино ќе го поттикнува, поддржува и помага остварувањето на целите на оваа Програма сообразено и во корелација со Годишните програми за работа на училиштата. Активностите на Општина Неготино во областа на образованието во 2024 година ќе бидат насочени кон:

-Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на образовниот процес со реализирање на втората фаза од Новиот концепт за развој на образованието;

-Техничка и стручна помош при имплементација на Образовните политики за општина Неготино;

-Ќе работи на промоција и поддршка на талентирани ученици

-Ќе се обезбедува логистичка и материјална помош во севкупниот професионален развој и унапредување на наставниот кадар.

-Ќе се грижи за обезбедување на оптимални услови за изведување на воспитно образовниот процес во училиштата.

## 1. ПРИХОДИ

| Р.б | Блок дотација по соодветна програма | Износ |
|---|---|---|
| 1.Н1 | Основно образование- блок дотација (плати и надоместоци од плати, тековно одржување и превоз)- МОН преку буџетотна општина Неготино | 168.242.000,00 |
| 2. Н1 | Средства од Буџетот на општината- основно образование | 760.000,00 |
| 3. Н1 | Самофинансирачки- основно образование | 330.000,00 |
| 4. Н2 | Средства од Буџетот на општината- средно образование | 350.000,00 |
| 5. Н2 | Самофинансирачки- средно образование | 180.000,00 |
| 6. Н2 | Средно образование- блок дотација (плати и надоместоци и тековно одржување) МОН преку буџетот на општина Неготино | 61.000.000,00 |
| | **Вкупно** | 230.862.000,00 |

**Програмата за активностите на Општина Неготино во областа на образованието за 2024 година е претставена во два дела:**

***I. Поддршка на активности во основно, средно образование иобразование за возрасни***

***II. Трансфер на средства од МОН и приходи од самофинансирање во основно и средно образование***

| Р. б р. | Активност | Носител | Предвидени средства | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | МОН | Општина | Дон нациј а | Соп. Прихо ди | |
| **I. Активности** | | | | | | | |
| 1. | Подршка на наставници (ментори) чии ученици освоиле награди на државни или меѓународни натпревари<br><br>(основно и средно) | Општина Неготино<br><br>(464990) | | 30.000,00<br>ОО<br><br>30.000,00<br>СО | | | 60.000,00 |
| 2. | Подддршка на учениците и наставниците од билингвална паралелка<br><br>(средно) | Општина Неготино<br><br>(464990) | | 80.000,00 | | | 80.000,00 |
| 3. | Награди за талентирани ученици во основно, средно и најдобар ученик<br><br>(основно и средно) | Општина Неготино<br><br>(464990) | | 120.000,00<br>ОО<br><br>100.000,00<br>СО | | | 220.000,00 |
| 4. | За организирање на ,,Танц на матуранти,, 2024 (озвучување и маички)<br><br>(средно) | Општина Неготино<br><br>(425990) | | 20.000,00<br>СО | | | 20.000,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Финансиска подршка за секој ученик запишан во прво одделение во основните и подрачните училишта во општина Неготино во износ од 3.000,00 ден за секое првачe.<br><br>(основно) | Општина Неготино<br><br>(464990) | | 550.000,00<br>OO | | | 550.000,00 |
| 6. | Фонд за екскурзии за ученички/ученици од семејства во социјален ризик<br><br>(основно) | Општина<br>Неготино<br><br>(464990) | | 25.000,00<br>OO<br>25.000,00<br>OO | | | 50.000,00 |
| 7. | Стипендирање на најдобар студент од општина Неготино 9 месеци<br>(од програма)<br><br>(средно) | Општина<br>Неготино | | 60.000,00<br>CO | | | 60.000,00 |
| 8. | Целодневен престој за ученици од 1-5 одд.<br>(основно) | | | | | | |
| 9. | Печатење маици и вода, за децата учесници во трката „8 ноември“ по повод 80 години ослободување на Неготино | Општина<br>Неготино | | 10.000,00<br>OO | | | 10.000,00 |
| 10. | Набавка на смарт табли | Општина Неготино | | 60.000,00 | | | 60.000,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | (средно) | | | | | | |
| 11. | Back to school candy party<br>Забава за почеток на учебната година | Општина Неготино | | | | | |
| | | | | **Вкупно** | | | **1.110.000,00** |

N1-Средства за основно образование од буџетот на општина Неготино- 760.000,00

N2-Средства за средно образование од буџетот на општина Неготино- 350.000,00

| **II. ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр** | **Активност** | **Носител** | **МОН** | **Општина** | **Донација** | **Соп. Приходи** | **Вкупно** |
| 1. | Блок дотација-основно образование-плати, материјални трошоци превоз | | 168.242.000,00 | | | | 168.242.000,00 |
| 2. | Блок дотација-средно образование-плати, материјални трошоци и превоз | | 61.000.000,00 | | | | 61.000.000,00 |
| 3. | Приходи од самофинансирање-основно образование буџет на општината и донации | | | 760.000,00 | | 330.000,00 | 1.090.000,00 |
| 4. | Приходи од самофинансирање-средно образование буџет на општината и донации | | | 350.000,00 | | 180.000,00 | 530.000,00 |
| | | | | | | **ВКУПНО** | **230.862.000,00** |

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Оваа Програма претставува континуитет на Програмата за активностите на Општина Неготино во областа на образованието за учебната 2023/2024 година бидејќи планирањата во оваа област покрај календарски се вршат и по учебна година.

Исто така во програмата во делот на капиталните инвестиции во образованието планирани се средства за кофинансирање и на општина Неготино во истите. За таа цела во оваа Програма се предвидуваат средства за санација, доградба на училишни објекти онаму каде што е тоа најнеопходно, а се изнаоѓаат и форми за обезбедување на дополнителни донации.

Поаѓајќи од тригодишните оперативни планови за капитални инвестиции на училиштата , плановите се доставени до општина Неготино и МОН, направена е проекција за приоритетите за 2024 и истите се составен дел од програмата.

## *ФИНАНСИРАЊЕ*

Предвидените проектни активности во рамките на програмата за активностите во областа на образованието за 2024 година во висина од 230.862.000,00 денари од блок дотации и од самофинансирање на училиштата.

## Р*АСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА*

Програмата се финансира преку посебни ставки од Буџетот на општината.

## *ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

Комисиите за Финансирање и буџетот и Комисијата за јавни дејности го следи реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа програма, покренува иницијативи, дава мислење и поднесува предлози во врскасо остварување на нејзините цели.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Неготино.

**бр.08-977/12**
**27.12.2023 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседавач,**
**Пепица Ѓорѓиева**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за активностите на општина Неготино во областа на социјалната заштита за 2024 година**

Се објавува **Програма за активностите на општина Неготино во областа на социјалната заштита за 2024 година ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **27.12.2023** година.

**Бр.09- 1012/11**
**29.12.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр.5/02) и член 79 став 1, точка 11 од Статутот на општина Неготино („Службен гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **27.12.2023** година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина НЕГОТИНО**
**во областа на социјалната заштита во 2024 година**

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се :

Обезбедување активен однос на Советот на Општина Неготино кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на здравството и социјалната заштита преку;
Изнаоѓање форми за помош на социјално ранливи групи;
Подобрување на стандардот на граѓаните;
Социјална инклузија на децата со посебни потреби вклучени во редовниот воспитно – образовен процес
Подобрување на пристапноста за лицата со инвалидност
финансиска помош за секое новородено дете
Подобрување а положбата на старите лица

## II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Неготино во областа на здравството и социјалната заштита ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

-Учество во Програма Општинско – корисна работа
- Еднократна парична помош
- Помош за деца без родители
- Друга социјална помош
- Поддршка на Центар за лица со хендикеп- Порака

- Пристапни патеки за лица со хендикеп

- Поддршка на активности за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите

- услуги за помош во домашни услови на стари лица

-Еднократен надоместок за новороденче

- Помош на жртви на семејно насилство

-Реализација на други активности по стратешки документи.

**БУЏЕТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА**

| | **Бр.** | **I. Активност/ Манифестација** | Вид на потреба | **Период на реализација** | **Вкупно средства** | **Општина Неготино** | **Други извори (во денари)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **00** | **1.** | **Програма – Општинско – корисна работа** | Надоместок за 3 лица –образовни асистенти и 7 негователи на стари лица | Јануари – мај 2024 | 495 000 | 2750 x 10 x 3 месеци = 82500<br>2750x x 3 x 2 мes.=16500<br>Вкупно = 99 000 | 11 000 x 10лица x 3 =330000<br>11000 x 3 x2 месеца =66 000<br>Вкупно = 396 000 |
| **Т1** | **2.** | **Еднократна парична помош** | Еднократна помош | 2024 | 1 000.000,00 | **1000.000,00 (конто 471 160)** | |
| **Т1** | **3.** | **Помош за деца без родители** | | 2024 | 50 000 | **50 000 (конто 471 240)** | |
| **Т1** | **4.** | **Друга социјална помош** | | 2024 | 50 000 | **50 000 (конто 471 990)** | |
| **Т1** | **5.** | **Подршка на Дневен центар Порака** | Патни трошоци за годишен | 2024 | 10 000 (конто 421 440) | 10 000 | / |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | одмор за корисниците и натпревари | | | | |
| **00** | **6.** | **Општинско – корисна работа II** | Аплицирање за проект Општинско – корисна работа за 2021 | 2024 | **00** | **00** | **00** |
| **Т1** | **7.** | **Кофинансирање за тековни апликации** | Изработка на регистар за лица со попреченост во општина Неготино | 2024 | **100 000 Конто 426 990)** | **100 000** | |
| **Т1** | **8.** | **Партиципација во трошоците за згрижување воспитување одмор и рекреација на деца во јавните установи за деца** | Според Правилник за поблиските услови,критериумите и начинот на остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување,воспитание,одмор и рекреација на деца во јавните установи за деца | 2024 | **30 000 (Конто 471 420)** | **30 000** | **/** |
| **Т1** | **9.** | **Општински совет за социјална заштита** | Со Новиот Закон за социјална заштита се предвидува | 2024 | **220 000** | **15 членови +1 техничко лице (12 500 х 16 лица) =200 000** | **/** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | формирање на Општински совети за социјална заштита и со Решение за основање е предвиден еднокраген надоместок за членовите, | | | **ден.** **(освежување за настани,трибини,работилници – 20 000)** | |
| **Т1** | **11.** | **Еднократен надоместок за новородено дете** | Со одлука на Совет на општина Неготино се доделува надоместок од 7000 ден. За секое новородено дете | 2024 | **1 000 000** | **1000 000** | |
| | **13.** | Регионален советувалишен центар за семејно насилство | | 2024 | **560 000** | **560 000 (конто 464 990)** | |
| | | **Вкупно** | | | **3 515 000** | **3  119 000** | **396 000** |

**Временска табела на активности**

| Ред..бр. | Проект | 01/ 24 | 02 /24 | 03/ 24 | 04/ 24 | 5/ 24 | 06 / 24 | 07/ 24 | 08/ 24 | 09/ 24 | 10/ 24 | 11/ 24 | 12/ 24 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Програма Општинско корисна работа | **X** | **X** | **X** | X | X | | | | | | | |
| 2. | Еднократна парична помош | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** |
| 3. | Помош за деца без родители | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** | **X** |
| 4. | Друга социјална помош | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 5. | Поддршка на Дневен Центар Порака | | | | | X | | X | | | | | |
| 6. | **Општинско корисна работа II** | | | | | | | | | x | x | x | X |
| 7. | **Кофинансирање за тековни апликации** | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |
| 8. | **Партиципација во трошоците за згрижување воспитување одмор и рекреација на деца во јавните установи за деца** | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |
| 9. | **Надоместок за членови на Совет за социјална заштита** | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |
| 10. | **Финансиска помош за новородено дете** | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |
| 11. | **Регионален советувалишен центар за семејно насилство** | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |

ФИНАНСИРАЊЕ

Предвидените проектни активности во рамките на програмата за активностите на Општина НЕГОТИНО во областа на социјалната заштита за 2024 година во висина од **3 515 000** се планира да бидат финансирани од сретствата на Буџетот на општина Неготино во висина оd 3.119.000,00 денари за 2024 година. Кофинансирање е планирано од домашни и странски фондови во висина од 396 000 денари .

## РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ СРЕТСТВА

Програмата се финансира преку посебни ставки од Буџетот на општината .

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Комисиите за финансирање и Буџет и Комисијата за јавни дејности го следи реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма, покренува иницијативи ,дава мислење и поднесува предлози во врска со остварување на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од објавувањето во,,Службен гласник на општина Неготино".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел за подобрување на социјалната слика во општина Неготино со ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМАТА за активностите на Општина НЕГОТИНО во обласа на социјалната заштита за 2023 година се предлагаат следниве активности ;

1. Со Програмата Општинско – корисна работа која започна од јули 2022 се ангажирани 12 лица евидентирани како невработени лица во АВРМ и тоа 2 лица како образовни асистенти во СОУ Св. Кирил и Методиј, и 10 лица како негователи на стари лица. Со Договорот склучен помеѓу Општина Неготино, АВРМ и УНДП,Општината се обврзува за 12 те лица да го поднесува трошоците за персонален данок и осигурување додека УНДП ги поднесува трошоците за надоместокот за ангажираните лица во висина од 7200 ден.

2.Врз основа на Правилник и критериуми за доделување на сретства од буџетот на општина Неготино, Советот на општина Неготино со решение врши доделување на сретства за еднократна парична помош. Висината на овие сретства изнесува 1.00 000,00 денари.

3.Врз основа на Правилник и критериуми за доделување на сретства од буџетот на општина Неготино Советот со решение врши доделување на сретства за помош на деца без родители. Висината на овие сретства изнесува 50 000,00 ден.

4.Врз основа на Правилник и критериуми за доделување на сретства од буџетот на општина Неготино, Советот на општина Неготино со решение доделува сретства за друга социјална помош.. За оваа намена се предвидуваат сретства во висина од 50.000,00 денари.

5. Општина Неготино ги поддржува патните трошоци на Дневен Центар за лица со хендикеп Порака за натпревар Кежо кој секоја година се одржува во Штип и патните трошоци за летување на корисниците на Дневниот Центар во Охрид..

6.Во текот на 2023 година Општина Неготино повторно ќе аплицира за Проектот Општинско – корисна работа кој се спроведува во соработка со УНДП за ангажирање на невработени лица како негователи на стари лица и за образовни асистенти во средното училиште.

7.Со Програмата се планирани и сретства во износ од 50 000 ,00 ден. За згрижување на бездомни лица.

8. Со оваа Програма се предвидува и кофинансирање на општина Неготино со 100 000 ден. За проекти на кои општина Неготино би можела да аплицира.

9. Според Правилникот за поблиските услови,критериумите и начинот на остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување, воспитание и рекреација на деца во јавните установи за деца,Општината како основач има обврска да ги обезбедува потребните сретства по претходно добиен Извештај од страна на ЈУОДГ "Фемо Кулаков".

10. Со оваа Програма се планира финансирање од Буџетот на Општина Неготино за надоместоци за членовите на Советот за социјална заштита во висина од 200 000 ден.

11.Со Одлука на Совет бр.08-645/11 од 15.11.2021 се доделува еднократен надоместок во висина од 7 000 ден. За секое новородено дете во општина Неготино со сретства од Буџетот на општината.

12.Со Акциониот план за родова еднаквост 2022-23 се предвидуваат активности за унапредување на еднакви можности на жените и мажите и јакнење на положбата на жените, за што се предвидуваат работилници за јакнење на капацитетите на јавната администрација, соработка со граѓански организации за спроведување на трибини за еднакви можности, печатење на брошури,летоци и организација на промотивни настани за подигање на свеста на населението за потребата од еднакви можности на жените и мажите во сите области на општественото живеење.

13. Се предвидуваат сретства од Буџетот на Општина Неготино за финансирање на Регионален советувалишен центар за семејно насислство во кој општина Неготино учествува со дел сразмерен со процентот по број на жители.

**бр.08-977/13**
**27.12.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседавач,**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за култура, спорт и поддршка на здруженија и фондации во 2024 година во општина Неготино**

Се објавува **Програма за култура, спорт и поддршка на здруженија и фондации во 2024 година во општина Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **27.12.2023** година.

**Бр.09- 1012/12**
**29.12.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен Весник на РМ” бр.5/02) и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино (Службен гласник на општина Неготино бр. 3/06, 2/11 и 9/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 27.12. 2023 година ја донесе следната:

# П Р О Г Р А М А
# ЗА КУЛТУРА, СПОРТ И ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ ВО 2024 ГОДИНА

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на оваа програма се:

- Обезбедување на активен однос на Општина Неготино за задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на културата;

- Зачувување, афирмација и промоција на културно – историското наследство на Општина Неготино;

- Поддршка и промовирање на талентираните уметници и творци во областа на културата и културното творештво;

- Обезбедување на активен однос на Општина Неготино за задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на спортот.

- Обезбедување на активен однос на Општина Неготино кон граѓанскиот сектор и негова поддршка и промоција.

## АКТИВНОСТИ

Сите активности кои ќе бидат преземени од Општина Неготино и од институциите кои ќе бидат носители на одредени активности, ќе работат на остварување на целите на оваа Програма и тоа преку:

- Континуитет во одржувањето на традиционалните културни манифестации;

- Реализирање на настани и проекти кои ја афирмираат опшштината на домашен и меѓународен план;

- Остварување на соработка со разни организации, фондации и меѓународни асоцијации кои работат на културно - јавен и промотивен план;

- Изградба, реконструкција и други инвестициони активности во културни објекти, споменици на културата, историски споменици и археолошки локалитети;

- Поддршка на активности за развој и промоција на културниот, винскиот и други форми на алтернативен туризам;

- Реализирање на стратешките цели на општина Неготино зацртани во документот за културен развој на општина Неготино

- Воспоставување на добра соработка со претставниците на Граѓанскиот сектор од општината и реализација на заеднички проекти кои што ќе бидат во заеднички интерес и со цел за развој и промоција на Општина Неготино.

**НАПОМЕНА: Во реализацијата на оваа програма поради нејзината комплексност, односно поради тоа што во истата покрај културни се вклучени и стопнаски и други активности, во организацијата на настаните како Неготинска музичка вечер, одбележување на Денот на градот - 8 Ноември и Новогодишна програма – Дочек на Нова година се вклучени повеќе одделенија и тоа: Јавни дејности, Локален економски развој, Правни и општи работи, Комунални дејности, Енергетска ефикасност и други.**

# ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА К4

| | НАСТАН | ПОТРЕБИ | Место/Период | Други извори | ОПШТИНА НЕГОТИНО | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ “БРАНКО ЃОРЧЕВ” 2024 | - авторски надоместоци и патни трошоци<br>- печатење на промотивни материјали и признанија<br>- репрезентации | **Центар за култура “Ацо Ѓорчев”**<br>***март/април 2024*** | | **200.000,00**<br>**170.000,00**<br>***Договорни***<br>***425 990***<br>**30.000,00**<br>***Репрезентации***<br>***426 210*** | **200.000,00** |
| 2. | МАСКЕНБАЛ 2024 | - озвучување<br>- уредување и украсување | **Градски плоштад**<br>***1 април*** | | **10.000,00**<br>**10.000,00** | **10.000,00** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | на бина | | | ***Оперативни***<br><br>***426 990*** | |
| **3.** | **СВЕТСКИ ДЕН НА РОМИТЕ**<br><br>**8 Април** | - награди за турнир во мал фудбал<br><br>- организирање на ромска вечер | **с.Криволак**<br><br>***8 април*** | | **30.000,00**<br><br>***Други трансфери***<br><br>***464 990*** | **30.000,00** |
| **4.** | **НЕГОТИНО ТАНЦУВА** | - озвучување<br><br>- осветлување<br><br>- техника<br><br>- авторски надоместоци и хонорари<br><br>-транспорт и патни трошоци<br><br>- други трошоци | **Градски плоштад**<br><br>***Мај 2024*** | | **60.000,00**<br><br>**60.000,00**<br><br>***Други трансфери***<br><br>***464 990*** | **60.000,00** |
| **5.** | **НЕГОТИНСКА МУЗИЧКА ВЕЧЕР 2024** | - озвучување и осветлување<br><br>- техника<br><br>- хонорари и авторски | **Септември 2024**<br><br>**Градски плоштад** | | **2.140.000,00**<br><br>**2.140.000,00** | **2.140.000,00** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | надоместоци | | | ***Договорни***<br><br>***425 990*** | |
| **6.** | **НЕГОТИНСКО МЛАДО ВИНО 2024** | - озвучување и осветлување<br><br>- техника<br><br>- хонорари и авторски надоместоци | **Ноември 2024**<br><br>**Градски плоштад** | | **200.000,00**<br><br>**200.000,00**<br><br>***Договорни***<br><br>***425 990*** | **200.000,00** |
| **7.** | **ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕНОТ НА ГРАДОТ – 8ми НОЕМВРИ**<br><br>**Јубилеј - 80 години слободно Неготино** | - покани, плакати<br><br>- потреби за свечена седница<br><br>(изнајмување на озвучување,<br><br>гости: делегации – хотелско сместување, гости уметници во програмата)<br><br>- организирање на трки – награди и благодарници<br><br>- организирање на традиционален турнир во табла | **7 - 8 ноември 2024** | | **400.000,00**<br><br>**20.000,00**<br><br>***Печатење***<br><br>***425920***<br><br>**20.000,00**<br><br>***Транспорт***<br><br>***421 440*** | **400.000,00** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (набавка на табли)<br>- организирање на регионален риболовен натпревар<br>- свечена седница – награди и признанија<br>- полагање на свежо цвеќе<br>- организирање на екскурзија<br>- за свечен коктел<br>- рекламни материјали;<br>- за изложба | | | **150.000,00**<br>***Репрезентации***<br>***426 210***<br>**20.000,00**<br>***Хотел. сместување***<br>***420 130***<br>**100.000,00**<br>***Договорни***<br>***425 990***<br>**70.000,00**<br>***Оперативни***<br>***426 990***<br>**20.000,00**<br>***Други трансфери*** | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | *464 990* | |
| 8. | **НОВОГОДИШНА ПРОГРАМА**<br><br>**ДОЧЕК НА 2025 ГОДИНА** | - озвучување и осветлување<br><br>- техника<br><br>- хонорари и авторски надоместоци | ***Градски плоштад***<br><br>***31 декември 2024*** | | **200.000,00**<br><br>**200.000,00**<br><br>***Договорни***<br><br>***425 990*** | **200.000,00** |
| 9. | **Поддршка за организација на Цидимирски средби 2024** | - според потреби во доставено барање | **во тек на 2024** | | **40.000,00**<br><br>**40.000,00**<br><br>***Други трансфери***<br><br>***464 990*** | **40.000,00** |
| 10. | **Финансирање на културни настани и манифестации во населените места**<br>***Селски слави и др.*** | - според потреби во доставено барање | **во тек на 2024** | | **100.000,00**<br><br>**100.000,00**<br><br>***Други трансфери***<br><br>***464 990*** | **100.000,00** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ВКУПНО ЗА ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА** | | | | **3.380.000,00** | **3.380.000,00** |

# ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ L00

| | НАСТАН | ПОТРЕБИ | Место/Период | Други извори | ОПШТИНА НЕГОТИНО | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Поддршка и финансирање на Градски ФУДБАЛСКИ клуб “ВАРДАР”** | - финансирање на клубови чиј основач е Општина Неготино | **2024** | | **1.500.000,00** *Трансфер кон спортски клубови* | **1.500.000,00** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ***463 120*** | |
| **2.** | **Поддршка и финансирање на А.Д. Градски РАКОМЕТЕН клуб “ВАРДАР - НЕГОТИНО”** | - финансирање на клубови чиј акционер е Општина Неготино | **2024** | | **1.500.000,00** ***Трансфер кон спортски клубови 463 120*** | **1.500.000,00** |
| **3.** | **Поддршка на останати спортски клубови од општината** | - распределба на финансиски средства по објавен јавен повик | **во тек на 2024** | | **600.000,00** ***Трансфер кон спортски клубови 463 120*** | **600.000,00** |
| **4.** | **Кошаркарски турнир за младински категории (У12,У14,У16) ‘Неготино 2024”** | - награди<br>- организација<br>- официјални лица (судии записничка маса)<br>- освежување за учесниците | **април/мај 2024** | | **50.000,00**<br>**50.000,00** ***Трансфер кон спортски клубови 463 120*** | **50.000,00** |
| **5.** | **Отворено градско првенство во шах за аматери** | - награди<br>- реклами и рекламен | **мај 2024** | | **20.000,00** | **20.000,00** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **- Турнир во шах** | материјал<br><br>- освежување за учесниците | | | **20.000,00**<br><br>***Трансфер кон спортски клубови 463 120*** | |
| **6.** | **Културно – спортски настан**<br><br>**“Street-Ball 2024”** | - маици<br><br>- награди<br><br>- дипломи и благодарници<br><br>- организација<br>- судии и записничка маса<br>- набавка на нова подлога | **август/2024** | **10.000,00**<br><br>***спонзорства*** | **100.000,00**<br><br>**100.000,00**<br><br>***Трансфер кон спортски клубови 463 120*** | **110.000,00** |
| **7.** | **Меѓународен фудбалски турнир за младински категории “ФЕЛЕР КУП 2024”** | - снимање и пренос во живо<br><br>- вода и освежителни пијалоци за учесниците | **26 – 27 август**<br><br>**Градски стадион** | **140.000,00**<br><br>***спонзорства*** | **60.000,00**<br><br>**60.000,00**<br><br>***Трансфер кон спортски клубови 463 120*** | **200.000,00** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **8.** | **Турнир во мал фудбал**<br><br>**“Крсте Велјанов 2024”** | - награди, дипломи и благодарници<br><br>- организација и официјал. лица | **август/2024** | **60.000,00**<br><br>***спонзорства*** | **140.000,00**<br><br>**140.000,00**<br><br>***Други трансфери***<br><br>***464 990*** | **200.000,00** |
| **9.** | **Меморијален турнир во борење слободен стил**<br><br>**“Јован Димитров”** | - награди (пехари и медаљи)<br><br>- печатење на маици<br><br>- официјални лица<br><br>- освежување | **септември 2024** | **10.000,00**<br><br>***спонзорства*** | **30.000,00**<br><br>**20.000,00**<br><br>***Трансфер кон спортски клубови***<br><br>***463 120*** | **40.000,00** |
| **10.** | **Меморијален турнир во ракомет**<br><br>**“Илија Ѓорѓиев - Манџата”** | - награди за турнирот<br><br>- дипломи и благодарници | **декември**<br><br>**2024** | **10.000,00**<br><br>***спонзорства*** | **20.000,00**<br><br>**20.000,00**<br><br>***Трансфер кон спортски клубови***<br><br>***463 120*** | **30.000,00** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **11.** | **Поддршка на спортски турнири и настани во населените места** | - за организирање на спортски настани и турнири | **во тек на 2024** | | **150.000,00**<br><br>**150.000,00**<br><br>***Други трансфери***<br><br>***464 990*** | **150.000,00** |
| | **ВКУПНО ЗА ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ** | | | **230.000,00** | **4.170.000,00** | **4.400.000,00** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Други извори** | **ОПШТИНА НЕГОТИНО** | **ВКУПНО** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **K4** | **ВКУПНО ЗА ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА** | | | **3.380.000,00** | **3.380.000,00** |
| **L0** | **ВКУПНО ЗА ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ** | | **230.000,00** | **4.170.000,00** | **4.400.000,00** |
| | **ВКУПНО** | | **230.000,00** | **7.550.000,00** | **7.780.000,00** |

## Ф И Н А Н С И Р А Њ Е

Предвидените активности во рамките на Програмата за култура, спорт и поддршка на здруженија и фондации за **2023 година** во вкупна висина од **7.780.000,00** денари, ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на општина Неготино во висина од **7.550.000,00**. Кофинансирање е планирано од спонзорства и други извори во висина од **230.000,00** денари.

### РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА

Програмата се финансира преку посебни ставки од Буџетот на општината.

### ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за јавни дејности го следат реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма, покренуваат иницијативи, даваат мислења, поднесуваат предлози во врска со остварувањето на нејзините цели и учествуваат во имплементацијата на активностите од програмата.

Оваа програма влегува во сила со денот на objavuvaweto во “Службен гласник на Општина Неготино”.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРА, СПОРТ И ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ ВО 2024 ГОДИНА ги презентира активностите во областите култура и спорт кои се во надлежност на општина Неготино (култура, спорт и соработка со граѓански сектор).

Програмата им овозможува на граѓаните на Општина Неготино да бидат дел од културни и спортски настани и несекојдневни случувања што значат чекор повеќе кон восприемање и доживување на културните и спорските вредности од различен карактер. Истата ги содржи сите важни културни и спортски настани и манифестации кои во текот на годината ќе се случуваат по утврден временски календар, а кои меѓудругото значат промовирање на културно-историските и традиционалните вредности на општината и претставуваат можност за афирмација на општината и нејзините достигнувања пред граѓаните, пред институциите на централната власт и соодветните меѓународни организации. Повисоките ставки во програмата се однесуваат на организирање на

традиционални и репрезентативни настани, како и нови иницијативи и проекти за активности на предлог на здруженија на граѓани и поединци. Во овој правец, во рамките на оваа значајна програма оваа година се предлагаат следните проекти, настани и манифестации:

# ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

1. ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ "БРАНКО ЃОРЧЕВ 2024". Вкупно предвидени средства за реализација на второто издание на фестивалот се 200.000,00 денари. Планирано е потпишување на договор со соодветен културен оператор (театарска продукција, установа /институција од областа на културата, културен центар) со цел организација на фестивалот. (договорни услуги 170.000,00 денари). Предвидени се и финансиски средства за репрезентации (30.000,00 денари) за членовите на театрските ансамбли кои ќе гостуваат во рамките на фестивалот. Овој настан е од исклучително значење за промоцијата на театарската уметност како сегмент на културата. Претставите ќе бидат играни во Центарот за култура "Ацо Ѓорчев".

2. Одбележување на 1 Април – Ден на шегата "МАСКЕНБАЛ 2024". Настанот ќе се одржи на градскиот плоштад и ќе биде организиран во соработка со детската градинка "Фемо Кулаков", двете основни и средното училиште "Св. Кирил и Методиј". За реализација на овој настан се предвидени вкупно 10.000,00 денари за оперативни трошоци за потрбите за организација (уредување - украсување на бина/простор и озвучување на настанот).

3. Одбележување на Светскиот Ден на ромите – 8 Април. За одбележувањето на Денот на Ромите, Општина Неготино ќе издвои вкупно 30.000,00 денари (други трансфери – по решение) за организација на Ромска вечер и за организирање на спортски настан – турнир во мал фудбал. Овие настани на барање и во соработка со ромската заедница од селото Криволак, општина Неготино традиционално ги поддржува изминатите неколку години.

**4. Неготино танцува 2024.** Овој настан на иницијатива на здружението "Тренд Лајв Вижн" од Неготино за првпат ќе биде организиран во Општина Неготино, а се однесува на организација на неколкучасовен настан кој вклучува Зумба танцови и ќе се одржи на градскиот плоштад во Неготино. Планирано е во рамките на настанот учество да земат 10-тина зумба клубови од целата држава, а кои ќе бидат составени од тренер и играчи.

Концептот и идејата на настанот предвидува секој што ќе биде присутен на плоштадот преку анимација на тренерите и играчите од клубовите учесници да биде мотивиран да се приклучи кон играта, со цел да се промовира зумбата како активност која покрај забавниот сегмент исто така е корисна за психофизичкото здравје.

За овој настан се предвидени вкупно 60.000,00 денари, од кои дел за бина и озвучување, ди-џеј, како и за патни трошоци хонорари за тренерите учесници, а дел ќе бидат искористени и за обезбедување на оброк на сите учесници.

**5. Неготинска музичка вечер (16 септември).** Оваа година се планирани настапи на познати музички имиња (од земјава и/или странство) како увертира во празнувањето на патронот на градот "Мала Богородица". За реализација на овој настан се планирани 2.140.000,00 денари (договорни услуги 2.140.000,00 денари), потишување на договор со ивент агенција со кој истата се обврзува да обезбеди бина, озвучување, осветлување и техника, договори - хонорари за учесници во програмата, маркетинг на манифестацијата како и хотелско сместување за учесниците во програмата (доколку е потребно).

**6. Неготинско младо вино 2024**

Оваа манифестација минатата година за првпат беше организирана во нашата општина со цел промоција на винарството како значајна стопанска гранка за општината, а особено за развојот на винскиот и другите форми на туризам. Манифестацијата предвидува промоција на квалитетни млади вина од сите винарии од општината, како и промоција на други производи кои се карактеристични за Неготино, - маџунот, медот, неготинската пита и други производи. И Оваа година се предвидува богата музичка програма со настап на повеќе пеачи и бендови од Неготино. Манифестацијата ќе се одржи на градскиот плоштад во месец ноември и ќе претрпи одредени концептуални промени во однос на претходната година. Вкупниот износ на предвидени финансиски средства од буџетот на општина Неготино е 200.000,00 денари (договорни услуги).

**7. Ден на градот 8ми НОЕМВРИ**

**Јубилеј - 80 ГОДИНИ СЛОБОДНО НЕГОТИНО**

За реализацијата на програмските активности кои ќе бидат организирани во чест на одбележувањето на Денот на ослободувањето на градот – 8 Ноември е планирана вкупна сума од 400.000,00 денари. Проекцијата се прави согласно трошоците кои се реализирани во претходните години. Планираните 400.000,00 денари од Буџетот на општината, ќе бидат наменети за: Печатење - покани и промотивни материјали (20.000,00 денари); за Хотелско сместување за гости од збратимени градови и др.делегации (20.000,00 денари); Репрезентации - свечен ручек по повод 8 Ноември, вечера и ручек за гости од делегации (150.000,00 денари); Транспорт - тура за гости од делегации до Охрид или др.дестинација (20.000,00 денари); Договорни услуги - хонорари и патни трошоци за уметници кои ќе настапат на свечен концерт, театарска претстава, организација на турнир во табла и други организирани настани (100.000,00 денари); Оперативни расходи за организација на настаните - набавка на плакети и награди за свечена седница и крос - улични трки, огномет, украсување на бина за свечена седница, набавка на свежо цвеќе и сл.потреби (70.000,00 денари); и Други трансфери - парични награди за турнир во табла (20.000,00 денари).

**8. НОВОГОДИШНА ПРОГРАМА – ДОЧЕК НА 2025 ГОДИНА**

После неколкугодишна пауза, општина Неготино планира повторно да организира Дочек на Новата Година на градскиот плоштад. Притоа, за таа цел се планира покана на познато музичко име од домашната естрада и/или регионот. За реализација на овој настан се планирани 200.000,00 денари (договорни услуги 200.000,00 денари), средства за обезбедување на бина, озвучување, осветлување и техника, договори - хонорари за учесници во програмата, промоција и маркетинг на манифестацијата како и хотелско сместување за учесниците во програмата (доколку е потребно).

**9. Поддршка за организација на "Џидимирски средби 2024"**
Секоја година, традиционално, во с.Џидимирци, Општина Неготино се организира манифестацијата "Џидимирски средби" во организација на Граѓански форум Џидимирци – Неготино. Ова година, истите по седми пат ќе се одржат на почетокот на месец јуни, а програмата на истите се состои од посета на спомен обележјето во селото, по што во Неготино се организира културно – уметничка програма и заедничко дружење на џидимирчани, односно нивните потомци и поканети гости. Висината на предвидените средства за поддршка на организацијата на овој настан е 40.000,00 денари (други трансфери).

**10. Финансирање на културни настани и манифестации во населените места.** Со оваа ставка се предвидуваат средства кои ќе бидат наменети за организација на манифестации и културни настани во населените места во општината како на пример селски слави и други прослави од општествено значење за кои се потребни финансиски средства. Вкупниот износ на средства наменети за оваа намена е 100.000,00 денари (Други трансфери – по решение), односно во просек по околу 10.000,00 - 15.000,00 за секое од населените места – организатори, кое ќе достави уредно барање со опис на потреби за користење на овие средства.

## ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ

**1. Поддршка и финансирање на Градски ФУДБАЛСКИ клуб "ВАРДАР"**

Градскиот фудбалски клуб "ВАРДАР" од сезоната 2023/2024 се натпреварува во мошне силната Втора македонска фудбалска лига во организација на ФФМ. Според досега постигнатите резултати овој клуб покажа дека има капацитет да се носи со предизвиците во ова натпреварување и дека може да обезбеди солиден пласман во тековната сезона. Поради фактот што клубот е во фаза на преговори за пронаоѓање на стабилен финансиер/спонзор, неопходна е поддршка од општината со која клубот ќе може да го доигра преостанатиот дел од сезоната. Поддршката од општина Неготино за 2024 година изнесува 1.500.000 денари, средства кои ќе бидат наменети за завршување на тековната и почеток на наредната сезона.

**2. Поддршка и финансирање на А.Д. Градски РАКОМЕТЕН клуб "ВАРДАР-НЕГОТИНО"**

Градскиот ракометен клуб "ВАРДАР-НЕГОТИНО" веќе втора година по ред се натпреварува во најсилната Супер ракометна лига на Македонија во организација на РФМ. Според резултати кои ги постигнува овој клуб во кој голем дел од играчите се домашни

играчи со одредени засилување на некои позиции, клубот покажа дека може да се потпре на сопствениот младински погон и да опстане во најдобрата македонска ракометна лига потпирајќи се на сопствени играчи. Слично како и фудбалскиот клуб "Вардар" и ГРК "Вадрар" е во потрага за пронаоѓање на стабилен спонзор, па повеќе од неопходна е поддршката од општината со која клубот ќе може да ја заврши тековна сезона. Поддршката од општина Неготино за 2024 година изнесува 1.500.000 денари, средства кои ќе бидат наменети за завршување на оваа и почеток на следната сезона.

**3. Поддршка на останати спортските клубови/сојузи од општината.** Оваа ставка е испланирана во програмата врз основа на предлозите и програмите кои ги доставуваат спортските клубови/сојузи од општината. За оваа цел е планирана сума од 600.000,00 денари кои треба да бидат обезбедени од Буџетот на општината и соодветно распределени на останатите спортски клубови кои ќе достават програми за 2024 година и уреден отчет за досега добиените средства од општината. Средствата ќе бидат распределени по објавен Јавен повик од страна на општината, а врз основа на донесениот Правилник за распределба на средствата на спортските клубови/сојузи од општината.

**4. Кошаркарски турнир за младински категории (У12,У14,У16) "Неготино 2024".** Оваа година по вторпат ќе биде организиран турнир во кошарка за младински категории за играчи во повеќе младински категории во женска конкуренција. Со оглед на фактот дека Неготино има одлична школа за младински категориии во кошарка планирана е организација на овој турнир во соработка со ЖКК "Спорт Тим" од Неготино. Вкупниот износ на планираните средства за реализација на овој настан изнесува 50.000,00 денари (Трансфери кон спортски клубови) средства кои ќе бидат наменети за обезбедување на награди (медаљи и пехари), дипломи и благодарници, ангажирање на официјални лица – судии и записничка маса, промоција на настанот – печатење маици, плакати и флаери како и обезбедувањена освежителни пијалоци и вода за учесниците на турнирот. Истиот ќе се одржи во салата на СРЦ "Младост".

**5. Отворено градско првенство во шах за аматери - Турнир во шах.** Во рамките на оваа програма Општина Неготино за поддршка на реализацијата на турнирот во шах планира вкупна сума од 20.000,00 денари (Трансфери кон спортски клубови) кои ќе бидат наменети за парични награди на најдобрите учесници.

**6. Културно - спортски настан "Street-Ball 2024".** Организацијата на оваа активност ќе биде во соработка со КК "Спорт Тим" и кошаркарските работници од општината. Предвидени се трошоци во вкупниот износ од 100.000,00 денари (други трансфери) кои ќе бидат наменети за парични награди за најдобрите 3 екипи, за медаљи и пехари, дипломи и благодарници, ангажирање на официјални лица – судии и записничка маса, промоција на настанот – печатење на маици, плакати и флаери како и обезбедувањена освежителни пијалоци и вода за учесниците на турнирот. Се планира околу 10.000,00 денари да бидат обезбедени од спонзорства.

**7. Меѓународен фудбалски турнир за младински категории "ФЕЛЕР КУП 2024".** Со цел продолжување на традицијата и одржување на VIII издание на Меѓународниот турнир во фудбал за млади категории "ЗОРАН НЕДЕВ – ФЕЛР КУП 2024" кој што ќе се одржи во месец август 2024 година, од организаторот на ова спортско случување е побарана поддршка од Општина Неготино, односно во улога на ко-организатор финансики да ја помогне организацијата на овоја настан. За таа цел општината планира да ја помогне

организацијата на турнирот со износ од 60.000,00 денари (Трансфери кон спортски клубови), средства кои ќе бидат наменети за покривање на дел од трошоците за организација, како и обезбедување на освежителни пијалоци и вода за учесниците.

**8. Турнир во мал фудбал "Крсте Вељанов".** На барање на организаторите на овој спортски настан, оваа година Општина Неготино повторно ќе се вклучи во финасирањето на овој масовно посетен турнир кој во изминатите години побуди голем интерес кај граѓаните на општината и пошироко. Предвидените 140.000,00 денари (Други трансфери – по решение) се наменети за парични награди за најдобрите екипи и учесници на турнирот. Останатите средства за организација, организаторот ќе ги обезбеди преку спонзорства.

**9. Меморијален турнир во борење слободен стил "Јован Димитров".** Вкупниот износ од 30.000,00 денари (Трансфери кон спортски клубови) ќе биде наменет за обезбедување на награди за најдобрите учесници, печатење на маици, ангажман на официјални лица, за освежување на учесниците и за ручек со семејството на Јован Димитров. Останатите 10.000,00 денари клубот треба да ги обезбеди од спонзорства.

**10. Меморијален турнир во ракомет "Илија Ѓорѓиев - Манџата".** Ко–организатор на истиот ќе биде АД ГРК Вардар-Неготино. Вкупниот износ од 20.000,00 денари (Трансфери кон спортски клубови) планирани од Буџетот на општината ќе бидат наменети за набавка на награди (пехари и медаљи), за печатење на дипломи и благодарници и за обезбедување на простор за одигрување на турнирот. За реализација на овој настан АД ГРК "Вардар-Неготино" ќе обезбеди 10.000,00 денари од спонзорства или сопствени средства.

**11. Поддршка на спортски турнири и спортски настани во населените места.** Со цел да се придонесе за заживување на спортските активности и реакреацијата на населението од руралните средини, општина Неготино оваа година планира од сопствениот буџетот да обезбеди средства за спортски активности во населените места во вкупна висина од 150.000,00 денари (Други трансфери – по решение).

**бр.08-977/14**

**27.12.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседавач,**
**Пепица Ѓорѓиева** с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2024 година**

Се објавува **Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2024 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **27.12.2023** година.

**Бр.09- 1012/13**
**29.12.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 99 од Законот за градежно земјиште (”Службен весник на РМ” бр.15/15, 98/15, 193/15, 31/16 и 142/16), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 27.12. 2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА НЕГОТИНО ЗА 2024 ГОДИНА**

**ВОВЕД:**

**Општ дел**

Согласно Законот за градежно земјиште („Сл.весник на РМ“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 31/16 и 142/16), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија управува Владата на Република Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Северна Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Северна Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изградено комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со одобрение (документација) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

**А) Просторен опфат и предмет на Програмата**

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Неготино, дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија, за време на календарска 2024 година.

За да може да се врши отуѓување или давање под закуп на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програмата се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на следните населени места и локалитети опфатени со: ДУП за УЗ 3 Блок 1 Неготино, ДУП за Урбана заедница 5 урбан блок 5.1; ДУП за Урбана заедница 4.3; ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.2 и УЗ 7 дел од УБ 7.3 (2015год.); УПВНМ за дел од КП 330, м.в. Црно Поле , КО Црвени Брегови; УПВНМ за КП 1751 –дел КО Неготино Општина Неготино; УПВНМ за дел од КП 680 КО Курија Општина Неготино; УПВНМ за КП 648 КО Курија, Општина Неготино; Урбанистички план вон населено место м.в.Раткин дол за изградба на сончеви фотоволтаични централи на дел од КП 1086/1, КО Неготино, ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.2 и УЗ 7 дел од УБ 7.3(2018год.), УПВНМ Дуброво и Тремник, КО Дуброво и КО Тремник и АУП за формирање градежна парцела од КП 2194 дел, КО Криволак, УПВНМ за лесна индустрија КП 556 дел, 678 дел, 679, 680, 681 дел, 762, 1000/1 дел, 1006/2, 4178 дел КО Криволак, Ц.Брегови Неготино.

- **Законски основ**
  Законски основ на програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ 5/2002), Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 31/16 и 142/16).
- **Основни плански документи**
  Други документи потребни за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:

  * СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

**Стратешката цел 1.** Поттикнување на вработливоста преку развој на вештини на човечкиот капитал за потребите на постоечкиот пазар на трудот и како и можностите за претприемништво

**Стратешката цел 2.** Подобрување на постојната и изградба на нова комунална инфраструктура

**Стратешката цел 3.** Поттикнување и привлекување на директни странски и домашни инвестиции
**Стратешката цел 4**. Понатамошен развој и унапредување на земјоделското производство во напредни форми на здружување при пласман на производите, органско производство и развој на агротуризам

**Стратешката цел 5.** Подобрување на енергетската ефикасност во Општина Неготино

**Стратешката цел 6:** Развој на транзитен туризам преку различни алтернативни форми кои ќе се базираат на природните, културните и рецептивните капацитети на Општината,

*ЛОКАЛЕН ЕКОЛОШКИ АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ОПШТИНА НЕГОТИНО ЗА ПЛАНСКИ ПЕРИОД ОД 2011 ДО 2016 ГОДИНА

Цели и развојни правци на документот,особено деловите што се однесуваат на одделни населени места што се предмет на програмата

Приоритетни проблеми во областа на животната средина

**Приоритет 1: Решавање на проблемот со емисија на загадувачки супстанции од енергетски загадувачки капацитети**

**ЦЕЛ:** намалување на емисијата на загадувачките супстанции преку воведување на природен гас, користење на незагадувачки супстанции, поефективна технологија за намалено согорување на супстанците и поголемо искористување на енергетските ефикасни енергенси.

**Приоритет 2: Решавање на проблемот со емисија на загадувачки супстанции од домаќинствата**

**ЦЕЛ:** Изградба на централен когенеративен систем за затоплување, примена на алтернативни извори на енергија

**Приоритет 3: Решавање на проблемот со емисија на загадувачки супстанции од сообраќајот**

**ЦЕЛ:** Замена на стариот возен парк со современи возила

**Приоритет 4: Решавање на проблемот со емисија на загадувачки супстанции од самозапалување на депониите**

**ЦЕЛ:** Отстранување на дивите депонии

**Приоритет 5:** Решавање **на проблемот со емисија на загадувачки супстанции од полигонот Криволак**

**ЦЕЛ:** Мониторинг заради утврдување на точни вредности, примена на Архуската конвенција за овој проблем, поставување на заштитна зона околу Криволак.

**Приоритет 6: Решавање на проблемот со емисија на пестициди и хербициди од земјоделски површни околу градот**

**ЦЕЛ:** Едукација на земјоделците, примена на добра земјоделска пракса во одгледувањето на земјоделските култури, воведување систем за собирање на пакувањето од искористените пестициди и хербициди со изминат рок.

**Приоритет 7 : Енергетска ефикасност**

**ЦЕЛ:** Замена на уличните светилки со штедливи, примена на сончеви панели во јавните установи, училиштата и градинките.

**Приоритет 8: Подобрување на водоснабдителниот систем во општина Неготино**

**ЦЕЛ :** Реализација на проектот Дошница, подобрување на градската водоводна мрежа и намалување на загубите во системот, обезбедување на податоци за детекција на загуби на вода во водоводната мрежа (купување опрема или користење на услуга за детектирање), зголемување на капацитетот на филтер станицата на изворот Лукар.

**Приоритет 9: Изградба на системи за водоснабдување на населените места во Општината**

**ЦЕЛ:** Обезбедување заштита на бунарите и резервоарите од разни видови загадувања во населено место Пепелиште, следење на квалитетот на водата во населените места.

**Приоритет 10 : Снабдување со технолошка вода на град Неготино**

**ЦЕЛ:** Чистење на филтерот и промена на димензиите на решетката на зафатот кај Тиквешкиот канал, примена на системот „капака по капка“ на зелените јавни површини, изградба на резервоар во населено место Пепелиште.

**Приоритет 11 : Едукација на јавноста**

**ЦЕЛ:**Едукација преку изработка и реализација на едукативен проект чиста вода и заштеда на водата.

**Приоритет 12 :Решавање на проблемот со отпадни води во градот**

**ЦЕЛ:**Изградба на пречистителна станица за отпадни води, санација на постоечката фекална канализација во градот , доизградба на фекалната канализација во градот , доизградба на атмосверската канализациона мрежа во градот.

**Приоритет 13. Решавање на проблемот со отпадни води во населените места**

**ЦЕЛ:**Изградба на фекална канализација во населените места Тремник, Црвени Брегови,Вешје,Калањево, третман на отпадните фекални води од населените места .

**Приоритет 14:Решавање на проблемот со отпадни води од индустрија и сточарски капацитети**

**ЦЕЛ:** Предтретман на индустријските отпадни води, третман на отпадните индустриски води ,третман на отпадните води од сточарските фарми, третман на отпадните води од живинарската фарма

**Приоритет 15:Воспоставување на интегриран систем за управување со отпад**

**ЦЕЛ:**Изградба на регионална депонија за комунален и индустриски неопасен отпад, изградба на претоварни станици за комунален отпад, селектирање на отпад , имплементација на модерен систем на управување со отпад според Европски стандарди во Вардарскиот планински регион , обновување и зголемување на возниот парк за собирање на цврст отпад,собирање комунален отпад од населени места

**Приоритет 16:Отстранување на дивите депонии**

**ЦЕЛ:**Изработка на катастар на диви депонии на подрачјето на Општината,отстранување на дивите депонии и рекултивација на просторот, одредување локација за депонирање на шут и отпадоци од градежни материјали

**Приоритет 17:Решавање на проблемот со депонирање на изумрена стока и конфискати**

**ЦЕЛ :**Изработка на проект (студија) за решавање на проблемот со изумрена стока и конфискати, пекултивација на постојните јами (депонии) за изумрена стока.

**Приоритет 18: Решавање на проблемот со комињето и лозовите прачки**

**ЦЕЛ:** Одредување на простор за депонирање на комињето, изработка на проект за преработка на комињто и лозовите прачки и нивна секундарна употреба ( компост, гроздово масло итн.), изведба на изградба на централен когенеративен систем на затоплување со можност за производство на електрична енергија кога не е во функција греењето со погон на лозови прачки.

**Приоритет 19: Подигнување на јавна свест за постапувањето со отпадот**

**ЦЕЛ:** Едукативен проект за подигнување на јавната свест за постапувањето со отпадот, набавка на корпи и контејнери за отпад во населените места, дефинирање на локации за сместување на контејнерите за оставање на отпад (правење на таканаречени џебови за нивно сметсување) на дел од јавните површни и нивно оградување, организирано собирање на отпад во градот и населените места во општина Неготино.

**Приоритет 20:Намалување на количината на употребувани хемијски сретства**

**ЦЕЛ:** Воспоставување на добра земјоделска пракса,едукација на индивидуалните земјоделци за начинот,количината и времето на употреба на средства за заштита на растенијата и ѓубрива

**Приоритет 21: Ориентација на земјоделското произвотство кон еколошки здрави технологии**

**ЦЕЛ**:Примена на пастициди дозволени во произвотство на органски земјоделски производи, примена на природни-органски ѓубрива

**Приоритет 22:Следење (мониторинг) на квалитетот на почвите**

**ЦЕЛ:** Следење на квалитетот на почвите (педолошки испитувања на почвите) за секои 5 години

**Приоритет 23: Едукација на производителите**

**ЦЕЛ:** Едукација на земјоделските производители за управување со земјоделските површини и произведените земјоделски култури (економика, маркетинг, одгледување на култури, современи средства за заштита и подобар пласман на производи преку здружување).

**Приоритет 24: Заштита на шумите и унапредување на природата**

**ЦЕЛ:** Евидентирање на површини со шуми по видови на растенија, исцртување на карти на распространетост, мониторинг на шумите и навремена дојава за појавување на заболување кај истите, заштита на шумите од појава на пожари, изградба на набљудувачница , попргеледни и поефикасно спречување на пожари, заштита на шумите од бесправна сеча, пошумување на голини со користење на автохтони растенија.

**Приоритет 25: Заштитни појаси**

**ЦЕЛ:** Ревитализација на постојните и подигање нови шумски појаси за заштита од ерозија, подигање нови шумски појаси за заштита од зрачења кај полигонот Криволак, организирање за производство на садици.

**Приоритет 26: Едукација на јавноста**

**ЦЕЛ**: Едукативен проект за значење, заштита и обнова на шумскиот фонд.

**Приоритет 27: Заштита на природното наследство во општината**

**ЦЕЛ:** Едукација на населението за стручно собирање на лековити ароматични билки, заштита на загрозените животински видови(срната) едукативен проект за значење, заштита и обнова на

флората и фауната, изработка на проект за одбележување на просторот околу споменикот на природата Орлово Брдо.

**Приоритет 28: Решевање на проблемите од областа на урбаниот развој**

**ЦЕЛ:** Изготвување на урбанистичка документација за краток и среден период, обезбедување на уреден простор за градба, санација на постојната состојба преку регулирање и вклопување, изработка на План и програма за постапување со отпад, изготвување на План и Програма за енергетска ефикасност, изготвување акционен план за заштита од бучава, поставување на заштитни зидови од бучава.

**Генерален урбанистички план** на Град НЕГОТИНО

- за плански период од 2016 до 2026 год.

Цели и развојни правци на документот, особено деловите што се однесуваат на одделни населени места/локалитети што се предмет на Програмата.

Целите на ГУП е да се опфатат елементите: Оптимализација на големината на структурата и функцијата на организмот на градот; Просторно разместување на стопанските и нестопанските капацитети, со посебно водење сметка за задржување на постојните капацитети; Поставување на зони за домување, работа, спорт и рекреација; Утврдување на влијанието и заштита од елементарни и др.непогоди; Утврдување на граница на урбанистички опфат; Одредување на соодветно ниво на стандард за домување; Обезбедување на оптимална просторна разместеност на терцијалните дејност; Соодветен третман на градско зеленило; Дефинирање на оптимално решение на сообраќајната мрежа, избор на најефикасни ситеми на инфраструктура

- **Урбанистички планови за населените места**

Цели и развојни правци на документот, особено деловите што се однесуваат на одделни населени места/локалитети што се предмет на Програмата.

Цел на локалната урбанистичка планска документација е добивење на услови за градење градење на градежнате парцели со утврдување на класата на намена и површините за градба со важечките Закони и Правилници и детално дефинирање на урбанистички, архитектонски и комунални параметри за идните градежни активности.

1. **Цели на Програмата**

   - **Општи цели на Програмата**
     Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој.

   - **Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети**
     Заинтерисираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

2. **Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и по урбанистички план)**

   - **Детален преглед на градежни парцели (по населено место и по урбанистички план)**

**2.1 ДУП за УЗ 3 Блок 1 Неготино (Одлука бр.07-701/5 од 28.12.2011 година)**




| Број на градежна парцела | **ГП.бр.1.18** | **ГП.бр.1.19** |
|---|---|---|
Воедно, со Програмата е предвидено организирање на различни активности кои се од големо значење за граѓаните и за Општината со цел да се промовира и унапреди родовата

еднаквост, граѓаните да се информираат и едуцираат за своите права и за тоа како да реагираат доколку се дискриминирани по основ на пол и други основи.

Програмата за еднакви можности на Општина Неготиноза 2024 година е изработена врз основа на Законот за еднакви можности на жените и мажите и во согласност со Стратегијата за родова еднаквостна Општина Неготино 2021- 2026.

Општина Неготино оваа Програма ќе ја реализира во рамките на своите можности и расположливите средства во Буџетот на Општината за 2024 година за конкретните намени, во соработка со различни здруженија на граѓани и невладини организации кои работат во областа на родовата еднаквост.

Оваа Програма ќе се спроведува во текот на 2024 година.

**ЦЕЛИ**

Цел на Општината заедно со Комисијата за родова рамноправност е да го промовира принципот за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во сите сфери на јавниот, општествениот и приватниот сектор, кој овозможува остварување на нивните права произлезени од законите на Р.С. Македонија. Општината во соработка со Комисијата има за цел да ја инкорпорираат родовата перспектива и еднаквите можности во локалната политика, да ја унапредат состојбата на жените на локално ниво и да ги реализираат стратешките цели на Националниот план за акција за родова рамноправност и на Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Неготиново рамки на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година се:

- промоција на родовата еднаквост како суштинска вредност на општината како локална заедница, (преку спроведување на информативни кампањи и манифестации, информирање на жените за услугите и можностите кои ги нуди Општина Неготинои преку редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност), зајакнување на институционалните капацитети на Општина Неготиноза вклучување на родов пристап во програмирањето и буџетирањето, (преку обуки на КЕМ и општинската администрација), развивање на интерни принципи, норми, постапки и механизми за координирано дејствување

- Подобрување на информираноста за човековите права, механизмите за заштита и родовата рамноправност. Препознавање на дискримнацијата врз основа на пол (во согласнст со законските одредби), како и информирање за системите за заштита и казнување на кршењето на тоа право
- зајакнување на свеста на жените и мажите за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје. Постои потреба од поголема информираност за подобрување на здравствената заштита, поголема едукација за малигните заболувања на репродуктивните органи, за болестите кои се својствени на современите услови на живеење
- унапредување на заштита од насилство врз жени
- унапредување на механизмите за учество на жените во процесот на носење на одлуки во заедницата со посебен акцент на вклучување на маргинализираните жени
- поттикнување на можностите за економско јакнење на жените преку информирање за правата од работен однос и можностите за економска самостојност преку започнување со сопствен бизнис
- Интегрирање на родовата перспектива при креирање на буџетските политики, согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите и Стратегијата за родово одговорно буџетирање на Владата на Р.С.Македонија;
- Јакнење на капацитетите на Комисијата за еднакви можности и општинската администрација со цел постигање на повисоко ниво на родова рамноправност во локалната заедница;
- Редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност;
- Да се зголемибројот на жени на одговорни функции /сектори и одделенија/ во општинската администрација така и во, комисиите, правните и надзорните органи во локалните институции
- Да се зголеми довербата на граѓаните во институциите во однос на првенцијата и заштитата од родово базирано насилство
- Родова сензибилизација на сопственици и менаџери на мали и средни претпријатија во Општина Неготиноза подигнување на свеста кај вработените за родоварта еднаквост
- Подготовка на стратешки и опертивни програми, правила и процедури како основа за работа на КЕМ во Општина Неготино.
- Вклучени жени во едукативни настани и активности /трибини, едукативни работилници/ за запознавање со заштитните механизми што ги нуди домашното законодавство за превенција и заштита од родово базирано насилство
- Доделување на финансиски средства за домување на жени жртви во одреден период 6 до 12 месеци.

- Вклучување и информирање за можностите на невработени жени од Општина Неготино во програмите и мерките на АВРСМ
- Економско јакнење на жените од Општина Неготиносо намалување на стапката на невработеност кај жените преку поголемо искористување на правата и можностите што ги нудат надлежните институции (АППРМ)
- Поттикнивање на активните урбани заедици во Општина Неготиново создавање услови за едукација на жените од маргинализирани групи за нивно активно вклучување во процесите на креирање и имплементиање на локални јавни политики

ФОРМИ И ОБЛИЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ

- Работилници
- Лобирање и креативни притисоци
- Организирање дебати за определени прашања
- Организирање обуки по определени прашања
- Формирање на коалиции на НВО за организирано дејствување
- Информирање на граѓаните
- Медиумска афирмација

ОБЛАСТ НА ДЕЛУВАЊЕ

Општина Неготино во соработка со Комисијата за ЕМ и недискриминацијапристапикон изработка на програма за еднакви можности 2024 година во следните области :

***<u>Воведување на родов пристап во креирање политики</u>***

Обуки за родова интегрција на вработените и советот на ОБ

Унапредување на механизам за обезбедување родово разделени податоци во програмите и извештаите кои се разгледуваат од советот

- Воведување на механизам за обезбедување родово разделени податоци за внатрешната организација на институциите и училиштата
- Унапредување на механизам за следење на родово еднакви резултати

**<u>Зголемување на учеството на жените и мажите во донесувањето на одлуки и пристапот до ресурси во Општина Неготино</u>**

- Јакнење на жени / мажи идни раководители преку работилници
- Ефективно учество во институциите и донесувањето на одлуките

**Родова еднаквост преку образование**

- Квалитативна анализа на причините за помал опфат на девојчиња во некои училишта
- Премостување на родовиот јаз во технички науки
- Спроведување обука со ученици од средните училишта за зајакнување на капацитетите за препознавање и подигање на свеста на родово базирано насилство
- Таблети/компјутери или претплата за интернет за деца кои неможат да следат онлајн настава
- Подршка на образовните потреби на деца во училишна возраст (самохрани и ниско образовни родители)

**Родова еднаквост преку култура**

- Промоција на родова рамноправност – Прослава на меѓународниот ден на женските права - 8 март
- Поставување на хибридни култури настани од жени уметнички

**Родова еднаквост преку медиуми**

- Организирање на кампања за јакнење на самодовербата на жена жртви на семејно насилство за самовработување
- Дигитализација на микро- бизниси (услуги ) во сопственост на жени.
- Кампања за подеднаква поделба на товарот на домот

**Родова еднаквост преку здравство**

- Подигање на свест за репродуктивно здравје
- Подигање на свеста на средношколска та младина за опасностите сексуално преносливите болести во насока на превенција на истите

**Родова еднаквост преку социјална заштита**

- Родова анализа на корисниците на социјалната помош која се доделува од општината
- Подобрување на квалитетот на животот на возрасните мажи и жени
- Психосоцијално советувалиште и групи за поддршка (осаменост,насилство и сл.) - со Регионалниот женски центар за подршка .

**Родова еднаквост преку спорт**

- Поддршка на женски спортски клубови
- Едократна парична награда за женски спортски клубови

**Родова еднаквост преку активности против родово основано насилство и трговија со луѓе**

- Организирање на едукативни работилници со цел на информирање за сите форми на насилството и превенција од трговија со луѓе
- Организирање на активности, насочени кон подигнување на свеста за своите фундаментални права, промовирање на женските човекови права и родовата еднаквости препознавање на дискриминација
- Специјализирано советувалиште за лица кои преживеале насилство
- Домување на жртви на семејно насилство
- Анализа на состојба на родовобазирано насилство и семејно насилство

**Родова еднаквост и економското јакнење на жената**

- Подигнување на свеста на рураланат жена
- Климатските промени и влијаните врз земјоделието
- Зголемен број на жени претприемачи (отворени денови, едукација за сопствен бизнис 30 )
- Олеснат пристап на жените до пазарот на трудот( промотивни денови за активните мерки за вработување)
- Родова еднаквост и меѓуопштинската регионална соработка
- Соработка на локалните комисии за еднакви можности во Тиквешкиот регион

•

**Вкупен буџет за реализација на оваа програма е 213.000,00 ден учество на Општина Неготино**

**И 255000 од донатори.**

**АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО2024**

| | | **Воведување на родов пристап во креирање политики, унапредување еднаквите можности за пристап и корист на програмите од страна на мажите и жените** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Унапредување на механизам за обезбедување родово разделени податоци во програмите и извештаите кои се разгледуваат од советот(Родова анализа на програмите) | Интерсекторска група за родово одговони политики и буџети на ОН<br><br>КЕМ | Развој на динамика на собирање на податоците и алатки за собирање на податоците<br><br>Родова анализа на програми (За секоја година) | Да се обезбеди редовно ажурирање и анализа на родово разделената статистика и информации како основа за следење и планирање мерки | Континуирано | Нема финансиски импликации | Листа на индикатори<br><br>Усвоена<br><br>Податоци собрани<br><br>Број на родово одговорни интервенции кои се воведени во |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | програми |
| Воведување на механизам за обезбедување родово разделени податоци за внатрешната организација на институциите и училиштата | ОН | Развој на динамика на собирање на податоците и алатки за собирање на податоците и нивна обработка и примена<br><br>Собирање на родово-разделени податоци<br><br>Изготувување и печатење на инфографик со анализа од собраните податоци со преораки за подобрување | Да се обезбеди редовно ажурирање и анализа на родово разделената статистика и информации како основа за следење и планирање мерки | Континуирано | Нема финансиски импликации | Родово разделени статистички податоци за општинските институции |
| Унапредување на механизам за следење на родово еднакви резултати | КЕМ | Унапредување на перформанс индикатори и динамика на нивно следење<br><br>Воведување на родова перспектива во формуларите за доделување на помош / средства и известување<br><br>Обука за родово одговорни индикатори | Да се подобри механизам за следење на родово еднакви резултати<br><br>Систем за следење на успех преку родови индикатори | 2024 | Нема финансиски импликации | Листа на перформанс индикатори<br><br>Формулари (родово сензитивни) усоени<br><br>Работилница оддржана<br><br>Број на учесници на работилница |
| Обука за родова интеграција и објава на граѓански родово | Сектор за финансии | Обука за родова интеграција и составување граѓански родово | Да се подобри механизам за следење | 2024 | Нема финансиски | Објавен родово |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| одговорен буџет | Интерсекторска група за родово одговони политики и буџети на ОН<br><br>Сектор за финансии<br><br>Интерсекторска група за родово одговони политики и буџети на ОН | одговорен буџет | на родово еднакви резултати | | импликации | одговорен граѓански буџет |
| Родовоодговорни мерки | Интерсекторска група за родово одговони политики и буџети на ОБ<br><br>КЕМ<br><br>UN Women | Пилот родово одговорни мерки (во образование, здравство, социјална заштита, ЛЕР, животна средина, спорт, култура, комунални дејности, урбанизам, млади) | Да се зајакне учеството на жените | 2024 | Нема финансиски импликации | Број на родово одговорни мерки кои се воведени во програми |
| Родово одговорна постапка | Сектор за финансии | ОбукаРодово одговорни повици за граѓански организации јануари | Родово одговорна постапка на јавни набавки (критериуми) | 2024 | Нема финансиски | Објавен родово одговорен |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Сектор за јавни набавки Интерсекторска група за родово одговони политики и буџети на ОН | Обука Јуни 2024<br><br>Родово одговорни повици за граѓански организации јануари | за проекти со НВО | | импликации | граѓански буџет |
| Градење на капацитет | Интерсекторска група за родово одговони политики и буџети на ОН<br><br>КЕМ<br><br>UN Women | Обука | Градење на капацитет за подготовка и објава на годишен фискален родово одговорен извештај на општина Неготино | 2024 | Нема финансиски импликации | Објавен годишен фискален родово одговорен извештај на општина Неготино |
| | **Зголемување на учеството на жените и мажите во донесувањето на одлуки и пристапот до ресурси во Општина Неготино, воведување родов пристап во дизајнот и управувањето со општинските услуги и унапреди пристапот и користа од нив за мажите и жените** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Јакнење на жени / мажи идни раководители преку работилници | КЕМ<br>Совет<br>Градоначалник | Работилници за подигнување на свеста за родовата еднаквост и родовите перспективи во програмите на општината | Да се зајакне свеста за еднакви можности | 2024 | Нема финансиски импликации | Број на работилници<br>Број на учесници |
| Ефективно учество во институциите и донесувањето на одлуките | КЕМ<br>Совет на ОН<br>Градоначалник | Примена на прашалник со кои се проверува дали женската перспектива е вградена во одлуките | Да се зајакне учеството на жените | 2024 | Нема финансиски импликации | Прашалник |
| Промоција на родова еднаквост | Интерсекторска група за родово одговорни политики и буџети на ОН<br>КЕМ<br>НВО | Роковник со цел промоција на силни жени од Неготино | Унапредена свест за родова еднаквост | 2024 | мкд | Број на роковници |
| **Разбивање на родовите стереотипи** | **Интерсекторска група за родово одговони политики и буџети на ОН** | **Анкета на јавно мислење (baseline)** | **Да се разбијат родовите стереотипи и транформираат родовите улоги** | 2024 | **15 000 мкд**<br>**донатори** | **Број на жени мажи кои ги потврдуваат родовите стереотипи** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **КЕМ**<br>**НВО** | | | | | |
| | **Родова еднаквост преку образование** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Квалитативна анализа на причините за помал опфат на девојчиња во некои училишта | КЕМ<br>ЗГ | Истражување<br>Анализа на причините<br>Предлог мерки презентирани пред општината | Намалување на родова нееднавост во образование | 2024 | ***15.000 МКД***<br>***донатори*** | Анализа за причините |
| Обука за зајакнување на капацитетите за препознавање и подигање на свеста на родово базирано насилство | КЕМ<br>ЗГ | Спроведување обука со ученици од средното училиште за зајакнување на капацитетите за препознавање и подигање на свеста на родово базирано насилство | Намалување на родова нееднавост и родово базирано насилство | 2024 | ***Програма за социјална заштита*** | број на обуки и учесници |
| | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Премостување на родовиот јаз во технички науки | КЕМ<br>ЗГ<br>Бизнис сектор | Анализа на постигнувањата на момчиња и девојчиња во природни науки и математика<br>Родова анализа на транзација од средно во високо образование по струки<br>Серија на предавања / инспиративни говори на успешни жени во технички науки | Намалување на родова нееднавост во образование | 2024 | ***15.000 МКД***<br>***донатори*** | Анализа направена<br>Предавања оддржани<br>Број на посетители на предавања |
| Подршка на образовните потреби на деца во училишна возраст (самохрани и ниско образовни родители) | КЕМ<br>ЗГ<br>ОН<br>Средно и основни училишта | Анализа на образовните потреби на деца во училишна возраст од самохрани и ниско образовни родители<br>Подготовка на активости произлезени како приоритетни образовни потреби од анализата | Подобрување на образовниот процес за деца во училишна возраст од самохрани и ниско образовни родители | 2024 | ***20.000 ден***<br>***донатори*** | Број на деца вклучени |
| | **Родова еднаквост преку култура** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Промоција на родова рамноправност – Прослава на меѓународниот ден на женските права - 8 март<br>Поставување на хибридни | КЕМ<br>Одделение за јавни дејности | Развивање на културна програма за овие настани<br>Организирање на настани | Подигање на свест за родова еднаквост | 2024 | Програма за култура | Организиран и настан<br>Број на учесници |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| култури настани од жени уметнички | Совет на ОН<br><br>ЗГ | | | | | |
| | **Родова еднаквост преку медиуми** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Организирање на кампања за јакнење на самодовербата на жена жртви на семејно насилство за самовработување | КЕМ преку ЗГ | Медиумски покриена кампања<br><br>Широко распространета на социјални мрежи со споделени информации и корисни програми<br><br>Ангажирање на лице кое ќе ја води кампањата и ќе остварува контакт со жени жртви на семејно насилство за самовработување<br><br>Извештај | јакнење на самодовербата на жена жртви на семејно насилство за отварање на сопствен бизнис | 2024 | **20.000МКД**<br><br>**донатори** | Број на споделени информаци<br><br>Број на превземања на социјални мрежи<br><br>Број на жени со кои ќе се стапи во контакт |
| Дигитализација на микро-бизниси (услуги ) во сопственост на жени. \| | КЕМ<br><br>ЗГ | Ангажирање на лице кое ќе подготви веб платформа<br><br>Повик до бикро бизниси управувани од жени да земат учество во платформа | Создадена платформа за закажи термин за фризер/козметика, нарачај зеленчук/овошје со достава до дома | 2024 | **донатори** | Број на бизниси вклучени во платфоема |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Кампања за подеднаква поделба на товарот на домот | КЕМ<br><br>ЗГ | Медиумски покриена кампања<br><br>Широко распространета на социјални мрежи<br><br>Ангажирање на лице кое ќе ја води кампањата | Подигање на свест за родова еднаквост | 2024 | ***15.000 МКД***<br><br>***донатори*** | Објавен конкурс<br><br>Број на доставени стории |
| | **Родова еднаквост преку здравство** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Подигање на свест за репродуктивно здравје | Здруженија на граѓани<br><br>КЕМ<br><br>Доктори од ЗД Неготино | Спроведување на здравствена едукација за абортус, рак на дојка, простата и сл. | Подигање на свест | 2024 | ***10.000 МКД***<br><br>***донатори*** | Број на едукации<br><br>Број на учесници |
| Подигање на свеста на средношколската младина за опасностите сексуално преносливите болести во насока на превенција на истите“ | Здруженија на граѓани<br><br>КЕМ<br><br>Доктори од ЗД Неготино | Анкета за познавањата на младите за СПБ, предавања за СПБ во средното училиште, анкетрање | Подигање на свест | 2024 | ***15.000 МКД***<br><br>***донатори*** | Број на ученици кои се анкетирани и запознати со ризиците од СПБ и превенцијата од нив |

| | Родова еднаквост преку социјална заштита | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Родова анализа на корисниците на социјалната помош која се доделува од општината | КЕМ<br>Совет на ОН<br>***ЗГ*** | Истражување<br>Анализа и утрдување на критериуми за унапредување на родова еднаквост при доделување на социјал<br>на помош од општината | Унапредување на родова еднаквост | 2024 | ***////////*** | Извештај<br>Измена на критериумите за доделување на помош |
| Подобрување на квалитетот на животот на возрасните мажи и жени | КЕМ<br>Совет на ОН<br>Здружение на пензионери | Организирање на обуки за собирање на податоци за потреби на трудовите инвалиди, самци и стари луге корисници на социјална помош КЕМ да подготви опис и критериуми на услугата а  општина да организира тендерска процедура за ЗГ кои би ја спровела ова активност | Унапредување на родова еднаквост | 2024 | ***20.000 МКД***<br>***донатори*** | Извештај со конкретните потреби споделен до КЕМ |
| | **Родова еднаквост преку спорт и млади** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Поддршка на женскиклубови/ здруженија кои се | КЕМ | Идентификација на клубовите | Промоција на женски спорт; намалување на | 2024 | **Програма за** | Број на клубови кои |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| натреваруваат во највисоките првенствени лиги од колективните спортови<br><br>Едократна парична награда за женски спортски клубови | Совет на ОН<br><br>Градоначалник | Донесување на одлука за висина на парична помош и форма (учество на натпревари и/или тековни трошоци) | родови стереотипи | | **спорт и млади** | добиле парична награда |
| | **Родова еднаквост преку активности против родово основано насилство и трговија со луѓе** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| | | | | | | |
| Организирање на едукативни работилници со цел на информирање за сите форми на насилството и превенција од трговија со луѓе | КЕМ преку ЗГ | Ангажирање обучувач<br><br>Анализа на потребите за обука<br><br>Развој на програма за обука<br><br>Доставување на обука<br><br>Извештај | Подигање на свест | 2024 | **20.000 ден**<br><br>**донатори** | Број на спроведени активности; број на учесници на работилниците |
| Организирање на активности, насочени кон подигнување на свеста за своите фундаментални права, промовирање на женските човекови права и родовата еднаквости препознавање на дискриминација | КЕМ преку ЗГ | Ангажирање обучувач<br><br>Анализа на потребите за обука<br><br>Развој на програма за обука<br><br>Доставување на обука<br><br>Извештај | Подигање на свест | 2024 | **20.000 МКД**<br><br>**донатори** | Број на спроведени активности; број на учесници на работилниците |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Анализа на состојба на Родовобазирано насилство и семејно насилство | Општина Неготино, ЗГ, МТСП, ЦСР, МВР | Поддршка на изработка на анализа на состојбата со РБН и СН во Општина Неготино и подготовка на извештај | Следливост на состојбата во текот на годините | 2024 | 30,000.00<br>донатори | изготвен завршен извештај |
| Домување за жртви на семејно насилство | Општина Неготино | Помош и поддршка при домување во услови на изнајмен дом за жртви на семејно насилствокои ја напуштиле насилната средина | Финансиска поддршка од5000 денари месечно за лица жртви на семејно насилство наменета за покривање на трошоци на закупнина на живеалиште (стан, соба, итн.) во период до 12 месеци.<br>Наменета за жртви на семејно насилство кои ја напуштиле насилната средина.<br>- го пријавиле насилството во центарот за социјална работа;<br>- немаат живеалиште на свое име и не можат да обезбедат живеалиште поради невработеност или ниски примања или; | 2024 | 213,000.00 | Број на лица кои користат фин подршка за домување |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | - не можат да обезбедат домување кај примарното или поширокото семејство;<br><br>- не се во ризик од идно насилство и/или,<br><br>- биле сметени во шелтер центар (засолниште) и по напуштање на шелтерот не можат да обезбедат сопствено живеалиште; | | | |
| | | | | | | |
| | **Родова еднаквост и економското јакнење на жената** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Подигнување на свеста на руралнанат жена | КЕМ | Обележување на 15 октомври – меѓународниот ден на руралната жена (дебата)<br><br>Едукација за промените во програмата за ИПАРД<br><br>Зајакнување на економската положба на жена во рурални подрачја | Економско јакнење на руралната жена | 2024 | **10.000 ден**<br><br>**донатори** | Одржана дебата<br><br>Број на присутни жени од руралните средини<br><br>Број на одржани |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | едукативни средби |
| Климатските промени и влијаните врз земјоделието | КЕМ<br><br>МТСП | Обука за мерките за заштита од климатски промени, информации за финансиски средства за истите | Навремено спречување и заштита на земјоделските површини од климатски промени | 2024 | 10.000 ден<br><br>донатори | Број на реализирани обуки<br><br>Број на учесници |
| Зголемен број на жени претприемачи (отворени денови, едукација за сопствен бизнис 30 ) | КЕМ<br><br>Одд. за ЛЕР<br><br>АВРСМ<br><br>АППРМ<br><br>Неготино стартап центар | Отворени денови<br><br>Промоција<br><br>Едукација | Зголемено учество на жените на пазар на труд | 2024 | Програма за ЛЕР | Број на изложувачи и број на посетители<br><br>Број на обуки и број на слушатели<br><br>Број на жени кои отвориле сопствен бизнис |
| Олеснат пристап на жените до пазарот на трудот( промотивни денови за активните мерки за вработување) | ЗГ<br><br>КЕМ<br><br>АВРСМ | Отворени денови<br><br>Промоција<br><br>Едукација | Зголемено учество на жените на пазар на труд | 2024 | 10.000 ден<br><br>донатори | Број на промотивни настани и број на слушатели |
| | **Родова еднаквост и меѓуопштинската регионална соработка** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски*** | ***Индикатори*** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ***Ресурси*** | |
| Соработка на локалните комисии за еднакви можности во Тиквешкиот регион | КЕМ | Работни средби<br><br>Панел дискусии<br><br>Обуки | Јакнење на капацитетите на локалните комисии и реализиацијa на заеднички активности и проекти | 2024 | **10.000 ден**<br><br>**донатори** | Број на реализирање настани , проекти, обуки и сл. |

**бр.08-977/18**
**27.12.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседавач,**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за активностите на општина Неготино за ревитализација по елиминирање на кризи и во областа на заштита и спасување во 2024 година**

Се објавува **Програма за активностите на општина Неготино за ревитализација по елиминирање на кризи и во областа на заштита и спасување во 2024 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **27.12.2023** година.

**Бр.09- 1012/17**
**29.12.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М,, бр.5/02 и член 79 став 1, точка 11 од Статутот на општина Неготино („Службен гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 27.12.2023 година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**

**За активностите на Општина Неготино за ревитализација по елиминирање на кризи и во областа на заштитата и спасувањето во 2024 година.**

Со оваа Програма се утврдуваат заедничките интереси и активности за ревитализација по елиминирање на криза и во областа на заштита и сапасувањето особено во противпожарна заштита (доброволните противпожарни друштва,општинскиот противпожарен сојуз, секциите во училиштата на млади пожарникари) кои претставуваат активности од јавен интерес. Според законските одредби,Општина Неготино во 2024 година овие активности ќе ги остварува преку

-Просторниот штаб за заштита и спасување

-Пергионалниот центар за управување со кризи

-Просторните сили за заштита и спасување (универзални и специјализирани – екипи,одделенија)

-Комисија за процена на штети од елементарни и други несречи на територија на општина Неготино

-Територијалната противпожарна единица која дејствува на целокупната територија на општина Неготино со доброволните противпожарни друштва,општинскиот противпожарен сојуз и секциите во училиштата на млади пожарникари.

1. Цели :

- Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди,пожари во населените места,во шуми ,отворени простори,поплави сообраќајни несреќи и др.

- Ревитализација на општината по елиминирање на кризата

- Заштита и спасување на луѓето,животна средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителен свет и културно наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба

- Создавање на услови и можности за организирано остварување и реализирање на на заштита и спасувањето на луѓето и материјалните добра

- Обезбедување на навремено известување за опасноста, благовремено откивање и елеминирање на пожари и други видови несреќи и ублажување на последиците од истите

- Обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарна заштита

2. Активности :

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма,активностите на Опжтината и Советот ќе бидат насочени кон содзавање на максимални услови за реализирање на на програмските определби во доменот на ревитализација на општината по елиминирање на кризата, на противпожарна заштита и доброволната противпожарна организација како и заштита и спасувањето во услови на разни други видови непогоди,превенција и справување со кризни појави и состојби како и други несреќи во мир.

Во ова насока активностите претежно ќе бифат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, навремена и во законски рамки реализирана активност.Општина Неготино преку оваа Програма за 2024 година во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди средства потребни за квалитетна и техничко стручна подготвена единица за противпожарна заштита,која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целото подрачје на општина Неготино и другите општини и развој за зајакнување на доброволната противпожарна организација на својата територија како и непречено функционирање на останатите субјекти од областа на заштитата и спасувањето,превенција и справување со кризни појави и состајби од просторот на општината.

3. *Финансирање*:

Финансирањето на активностите од областа на заштита и спасување, превенција и справување со кризни појави, дејствувањето на Општинскиот противпожарен сојуз, Доброволните противпожарни друштва и Секциите за млади пожарникари, Територијалната противпожарна единица (со посебна програма), утврдени според оваа Програма ќе биде реализирано од:

- Средства од буџетот на општина Неготино и Републичкиот Буџет
- Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва, домашни и странски фондации (операција ФЛОРИОН и др), правни и физички лица, наменети за унапредување и заштита од пожари, доброволно противпожарно организирање и за друг вид несреќи;

НАПОМЕНА: Финансиски средства за финансирање на оваа програма ќе се предвидат дополнително со распределба на средства од Буџетот на општина Неготино од 2024 година

5. Други форми и активности за побезбедна општина со по одржување и помагање на субјектите од заштитно – спасувачката организираност на територијата на општината

- Активносите на ДЗС, ЦУК, Територијалната противпожарна единица, Општинскиот противпожарен сојуз, Доброволните противпожарни друштва, Секциите за млади пожарникари по училиштата во општината Неготино, кои ги надминуваат границите на територијата на Општината и Градоначалникот ќе се помагаат и стимулираат и со:
- Учество на Градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ и Општинскиот противпожарен сојуз поврзани со квизови, натпревари, вежби, прослави и други настани;
- Подршка и учество во проектни и друг вид на активности.

6. Завршни одредби:

За спроведување на оваа програма се грижи Советот и Градоначалникот на општина Неготино и Одделениетоза јавни дејности.

Во соработка со Просторниот штаб за заштита спасување, Регионалниот штаб и ЦУК, Дирекција за заштита и спасување, државниот инспектор за заштита од пожари, инспекторот за заштита и спасување и другите надлежни органи и тела, органите и телата на Советот и Градоначалникот на општина Неготино ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзинареализација како и во покренување на иницијативи, давање на мислења и поднесувањње на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Според наши согледување висината на бараните финансиски средства е минорна во буџетот на општината а од друга страна бенефитите за заштита на граѓаните и заштита на материјалните добра и други добра од елементарните и други несреќи, кризни состојби и појави треба да имаат непроценливо значење за побезбедна општина.

***Изработено од: Одделение за јавни дејнсти; Овластен Советник за превенција и спровеување на кризна состојба***

*ПРЕДЛАГАЧ ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА НЕГОТИНО*

Врз основа на член 36 став 1 очка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), а согласно Законот за заштита и спасување (Службен Весник на РМ бр. 36/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 41/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 27.12.2023 година разгледувајќи го Елаборатот за проценети штети од поплави на подрачјето на општина Неготино за јануари 2023 година го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

***За усвојување на Елаборатот за проценети штети од елементарни непогоди на подрачјето на општиина Неготино за јануари 2023 година***

1. Се усвојува Збирниот Извештај за проценети штети од поплави на подрачјето на општина Неготино за јануари 2023 година
2. Проценетата вредност на штетите настанати на подрачјето на општина Неготино од поплави за јануари 2023 година изнесува 00.000.000,00 денари.
3. Составен дел од овој Заклучок е Елаборатот за проценети штети од поплави на подрачјето на општина Неготино за јануари 2023 година бр.08-117/4 од 12.02.2023 година и Табеларниот преглед бр.08-117/4 од 12.02.2023 година.
4. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањто во Службен Гласник на општината Неготино.

**бр.08-977/19**
**27.12.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседавач,**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Правилник за финансиска поддршка на спортисти, спортски клубови, спортски здруженија и други правни лица од областа на спортот**

Се објавува **Правилник за финансиска поддршка на спортисти, спортски клубови, спортски здруженија и други правни лица од областа на спортот,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **27.12.2023** година.

**Бр.09- 1012/18**
**29.12.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 и член 79 став 1 т.50 од Статутот на Општина Неготино, на Советот на Општина Неготино на седницата го донесе следниот

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПОРТИСТИ, СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се уредуваат условите, начинот, критериумите и постапката за финансиска поддршканаспортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот чие седиште / живеалиште е во Општина Неготино, а се финансираат од буџетот на Општина Неготино.

### Член 2

Финансиска поддршка се доделува на спортски работници од Општина Неготино, спортисти, спортски екипи, како и други правни и физички лица согласно Законот за спорт.

### Член 3

Финансиска поддршка се доделува на спортските субјекти во следниве спортови:

Автомобилизам – моторциклизам; Картинг; Атлетика; Бокс; Борење; Велосипедизам; Ватерполо; Воздухопловство, Веслање, Гимнастика, Едрење, Кајак на диви води, Кајак на мирни води, Карате, Коњички спорт, Кошарка, Кревање товар, Куглање, Кик бокс, Мечување, Одбојка, Планинарски спортови (ориентационен спорт, аплинизам и спортско качување), Пливање, Пинг понг, Параглајдерство, Пеливанство, Ракомет, Скијање; Спортски риболов, Стрелаштво,Стреличарство, Спорт за лица со посебни потреби, Тенис, Триатлон, Таеквондо, Фудбал, Хокеј на мраз, Џудо, Шах и сите останати спортови кои се признаени и делуваат во државата како спортови и имаат добиено решение за вршење дејност спорт.

### Член 4

(1) Финансиска поддршка ќе се доделува на:

-спортисти мажи- поединечен спорт;
- спортистижени- поединечен спорт;
- спортисти мажи-екипен спорт;
- спортисти жени-екипен спорт;
- спортски здруженија / клубови од поединечните спортови;
-тренери;
- спортисти/ки од 14-18години во поединечен спорт;
-спортисти/ки од 14-18 години во екипен спорт;
-спортисти / спортски лица со попреченост;

(2) Финансиската поддршка на спортските субјекти од став 1 на овој член се доделува по пат на јавен повик кој ќе се објави од страна на Општината на крајот од календарската година или на крајот од една сезона.

## КРИТЕРИУМИ ЗА СПОРТИСТИ- ПОЕДИНЦИ

### Член 5

(1) Според официјалните национални и меѓународни спортски натпревари и постигнатиот успех на крајот на натпреварувачката година или сезона, финансиската поддршка за спортисти поединциќе се одредува преку настап и/или пласман на следните натпревари:

**I. Коефициенти во екипните спортови**

а) Државно првенство/Државна лига ќе се бодува со коефициент 4;

б) Балканско Првенство/ Балканска лига ќе се бодува со коефициент 5;

в) Европски Куп / Европска лига ќе се бодува со коефициент 6;

г) Светски Куп/ Светска лига ќе се бодува со коефициент 8;

д) Европско Првенство ќе се бодува со коефициент 8;

ѓ) Медитеранско Првенство ќе се бодува со коефициент 9;

е) Светско Првенство ќе се бодува со коефициент 10;

ж) Олимписки игри ќе се бодуваат со коефициент 12.

**II. Коефициенти во поединечните спортови**

а) Државно првенство ќе се бодува со коефициент 2;

б) Балканско Првенство ќе се бодува со коефициент 4;

в) Европски Куп ќе се бодува со коефициент 5;

г) Светски Куп ќе се бодува со коефициент 6;

д) Европско Првенство ќе се бодува со коефициент 6;

ѓ)Медитеранско Првенство ќе се бодува со коефициент 7;

е) Светско Првенство ќе се бодува со коефициент 8;

ж) Олимписки игри ќе се бодуваат со коефициент 12.

**III. Бодови**

- 1во место– 100 бодови;

- 2ро место– 80 бодови;

- 3то место– 60 бодови;

-5то место– 35 бодови;

- 7мо место– 25 бодови;

-настап на натпреварот– 15 бодови

(2) Настапот на меѓународни натпревари (светски и европски ранг), ќе се бодува согласно коефициентот, само доколку на меѓународните натпревари имало минимум 15 пријавени екипи/држави.

(3) Настапот на Балканскипрвенства, ќе се бодуваат согласно коефициентот, само доколку на натпреварот/во категоријата имало минимум 4 пријавени екипи/држави.

(4) Настапот на националните првенства не зависи од бројот на пријавени, односно ќе се бодува согласно коефициентот.

(5) Во спортовите каде спортистите поединци собираат бодови на ранг-листа ќе се достави доказ од официјална ранг листа а рангот од 1-7 ќе се смета како освоено место и ќе се применат коефициентите дадени во овој член како за освоен медал/место.

(6) Во спортовите каде спортистите поединци соборуваат национални рекорди, националниот рекорд ќе се бодува 150 бода. Доколку истиот е соборен на официјален натпревар бодовите ќе се множат со коефициентот на натпреварот.

(7) Конечните бодови за еден кандидат спортист се одредуваат кога бодовите од освоеното местоќе се помножат со коефициентот на натпреварот.

(8) Табелите и бодовите важат и за спортисти/ките со попреченост.

(9) Кандидатите може да аплицираат со освоени медали од сите наведени првенства (доколку освоиле повеќе медали). Тогаш најпрво се сметаат бодовите по освоен медал помножен со коефициентот на натпреварот, па потоа се собираат сите бодови освоени од еден кандидат.

(10) Кандидатите се рангираат во посебна табела- ранг листа на спортисти-поединци

**КРИТЕРИУМИ ЗА СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА- КЛУБОВИ**

**Член 6**

(1) Според официјалните национални и меѓународни спортски натпревари и постигнатиот успех на крајот на натпреварувачката година или сезона, финансиската поддршказа спортските здруженија-клубови, ќе се одредува на следниот начин:

**I. Бодови за спортски клубови во екипни спортови:**

**(1) Број на регистрирани членови:**

| Вкупен број на регистрирани членови | Бодови |
|---|---|
| До 30 регистрирани членови | 350 |
| Од 30 до 50 регистрирани членови | 400 |
| Од 50 до 70 регистрирани членови | 450 |
| Од 70 до 100 регистрирани членови | 500 |
| Од 100 до 150 регистрирани членови | 550 |
| Над 150 регистрирани членови | 600 |

**(2) Државно првенство/Државна лига- сениори:**

| Државна лига | Прво место-бодови | Второ место-бодови | Трето место-бодови | Четврто место-бодови | Петто место-бодови |
|---|---|---|---|---|---|
| Прва Лига | 500 | 470 | 430 | 400 | 370 |
| Втора Лига | 320 | 300 | 270 | 250 | 220 |
| Трета Лига | 180 | 150 | 120 | 90 | 60 |

**(2-а) Државно првенство/Државна лига- јуниори/младинци:**

| Државна лига | Прво место-бодови | Второ место-бодови | Трето место-бодови | Четврто место-бодови | Петто место-бодови |
|---|---|---|---|---|---|
| Прва Лига | 320 | 300 | 270 | 250 | 220 |

**(2-б) Државно првенство/Државна лига- кадети:**

| Државна лига | Прво место-бодови | Второ место-бодови | Трето место-бодови | Четврто место-бодови | Петто место-бодови |
|---|---|---|---|---|---|
| Прва Лига | 220 | 200 | 180 | 160 | 140 |

**(2-в) Државно првенство/Државна лига- пионери:**

| Државна лига | Прво место-бодови | Второ место-бодови | Трето место-бодови | Четврто место-бодови | Петто место-бодови |
|---|---|---|---|---|---|
| Прва Лига | 160 | 140 | 120 | 100 | 80 |

**(3) Балканско првенство/Балканска лига:**

| Балканска лига/првенство | Прво место-бодови | Второ место-бодови | Трето место-бодови | Четврто место-бодови | Петто место-бодови |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1000 | 970 | 930 | 900 | 870 |

***Само настап на Балканска лига ќе носи 500 бода***

**(4) Европско првенство/Европска лига:**

| Евро (Европска) лига/првенство | Прво место-бодови | Второ место-бодови | Трето место-бодови | Четврто место-бодови | Петто место-бодови |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3000 | 2700 | 2300 | 2000 | 1700 |

***Само настап на Евро (Европска ) лига ќе носи 1000 бода**

**(5) Медитеранско првенство/Медитеранска лига:**

| Медитеранска лига/првенство | Прво место-бодови | Второ место-бодови | Трето место-бодови | Четврто место-бодови | Петто место-бодови |
|---|---|---|---|---|---|
| | 4000 | 3700 | 3400 | 3000 | 2700 |

***Само настап на Медитернскопрвенство ќе носи 1500 бода**

**(6) Светско првенство/Светска лига:**

| Балканска лига/првенство | Прво место-бодови | Второ место-бодови | Трето место-бодови | Четврто место-бодови | Петто место-бодови |
|---|---|---|---|---|---|
| | 5000 | 4700 | 4400 | 4100 | 3800 |

***Само настап на Светска лига ќе носи 3000 бода**

(7) Конечните бодови на спортските клубови во екипни спортови се сметаат со збир од сите бодови во наведените табели.

(8) Кандидатите се рангираат во посебна табела-ранг листа на спортски здруженија-клубови.

(9) Табелите и бодовите важат и за клубовите каде членуваат лица со попреченост.

**II. Бодови за спортски клубови во поединчни спортови:**

**(1) Број на регистрирани членови:**

| Вкупен број на регистрирани членови | Бодови |
|---|---|
| До 10 регистрирани членови | 250 |
| Од 10 до 20 регистрирани членови | 300 |
| До 20 до 30 регистрирани членови | 350 |
| До 30 до 50 регистрирани членови | 450 |
| До од 50 до 70 регистрирани членови | 500 |
| Над 70 регистрирани членови | 550 |

**(2) Државно првенство рангирање:**

| Државно првенство ранг листа | Прво место-бодови | Второ место-бодови | Трето место-бодови | Четврто место-бодови | Петто место-бодови |
|---|---|---|---|---|---|
| | 500 | 470 | 430 | 400 | 370 |

**(3) Постигнати резултати на спортистите во клубот за националната репрезентација на балканско првенство:**

| Возрасни категории | Златен медал-бодови | Сребрен медал-бодови | Бронзен медал-бодови |
|---|---|---|---|
| сениори | 200 | 150 | 100 |
| јуниори/младинци | 100 | 80 | 60 |
| кадети | 60 | 40 | 20 |
| пионери | 20 | 15 | 10 |

***Вкупниот број на бодови се смета од збирот на бодовите од вкупните медали во еден спортски клуб.**

**(4) Постигнати резултати на спортистите во клубот за националната репрезентација на европско првенство:**

| Возрасни категории | Златен медал - бодови | Сребрен медал-бодови | Бронзен медал-бодови |
|---|---|---|---|
| сениори | 1000 | 800 | 600 |
| јуниори/младинци | 600 | 500 | 400 |
| кадети | 400 | 300 | 200 |
| пионери | 200 | 150 | 100 |

***Вкупниот број на бодови се смета од збирот на бодовите од вкупните медали во еден спортски клуб.**

**(5) Постигнати резултати на спортистите во клубот за националната репрезентација на медитеранско првенство:**

| Возрасни категории | Златен медал - бодови | Сребрен медал-бодови | Бронзен медал-бодови |
|---|---|---|---|
| сениори | 1400 | 1200 | 1000 |
| јуниори/младинци | 1000 | 800 | 600 |
| кадети | 600 | 400 | 200 |
| пионери | 250 | 200 | 150 |

***Вкупниот број на бодови се смета од збирот на бодовите од вкупните медали во еден спортски клуб.**

**(6) Постигнати резултати на спортистите во клубот за националната репрезентација на светско првенство:**

| Возрасни категории | Златен медал - бодови | Сребрен медал-бодови | Бронзен медал-бодови |
|---|---|---|---|
| сениори | 3000 | 2800 | 2600 |
| јуниори/младинци | 2600 | 2500 | 2400 |
| кадети | 2400 | 2300 | 2200 |
| пионери | 2200 | 2150 | 2100 |

***Вкупниот број на бодови се смета од збирот на бодовите од вкупните медали во еден спортски клуб.**

**(7) Постигнати резултати на спортистите во клубот за националната репрезентација на олимпијада/параолимпијада:**

| Возрасни категории | Златен медал - бодови | Сребрен медал-бодови | Бронзен медал-бодови |
|---|---|---|---|
| сениори | 6000 | 5800 | 5600 |

***Само настап на Олимпијада/Параолимпијада ќе изнесува 3000 бодови.**

****Вкупниот број на бодови се смета од збирот на бодовите од вкупните медали во еден спортски клуб.**

(8) Конечните бодови на спортските клубови во поединечни спортови се сметаат со збир од сите бодови во наведените табели.

(9) Спортските клубови кои имаат спортист поединец кој што соборил рекорд ќе им се засмета двојно од бодовите кои ќе ги добие спортистот.

(10) Кандидатите се рангираат во посебна табела-ранг листа на спортски здруженија-клубови.

(11) Табелите и бодовите важат и за клубовите каде членуваат лица со попреченост.

**Член 7**

(1)Тренерите на спортските клубови аплицираат за финансиска поддршка со успехот на спортистот-индивидуалец или со спортскиот тим/клуб.

(2) Кај тренерите се засметува 20% од финансиската поддршка која ќе ја добие спортистот-индивидуалец и 15% од поддршката која ќе ја добие спортскиот клуб.

**Член 8**

(1) Само официјална ранг листа на крајот од натпреварувачката година или сезона на Националната и Меѓународната Федерација е признаена.

(2)Под официјални меѓународни федерации/асоцијации ќе се сметаат само оние федерации/асоцијации каде националните спортски федерации се официјални членки во соодветниот спорт.

(3) Правото да аплицираат кандидати за финансиска поддршка се правни и физички лица, членови на спортската заедница со седиште и живеалиште во општината.

(4) Кандидатите мора да се членови на национални федерации кои се официјално регистрирани во Агенцијата за млади и спорт.

## АПЛИКАЦИЈА НА КАНДИДАТИ - ДОКУМЕНТИ

**Член 9**

(1) Во апликацијата која кандидатите ја поднесуваат потребно е да достават:

- Потврда за настап со бројот на учесници на натпреварите, ранг листа и резултат од официјалните спортски национални и меѓународни федерации;

- Решение за вршење на дејноста спорт од Агенцијата за млади и спорт (за клубови);

- Потврда од националната федерација во која членуваат;

- Копија од тековна состојба од Централниот регистар, (за клубови);

- Копија од лична карта или патна исправа, (за поединци и тренери), како доказ за идентификација и живеалиште на ниво на општината;

- Потврда од националната федерација за тренерите и договор за работа во спортскиот клуб

**Член 10**

Спортските здруженија-клубови чиј основач/акционер е општината не учествуваат во распределбата на финансиските средства согласно овој Правилник, туку за нив се определуваат посебни средства согласно годишниот буџет на општината, во рамките на програмата за спорт на општината.

**Комисија за избор**

**Член 11**

(1) Комисијата е составена од претседател и членови на комисија, а се формира од членовите на Советот на општината, односно Комисијата за јавни дејности на општината, плус еден член од редот на општинската администрација.
(2)Членот на општинската администрација е без право на глас.

**Член 12**

Комисијата се состанува, ги разгледува апликациите и врз основа на постигнатите резултати на секој од кандидатите изготвува бодовна листа на добитниците на финансиска поддршка од член 4 на овој Правилник.

**Член 13**

(1) Комисијата, пристигнатите пријави ги разгледува во рок од триесет дена по завршувањето на Јавниот повик.

(2) Нема да бидат разгледани пријавите: доставени по истекот на рокот на Огласот, пополнети на несоодветен образец, нецелосно пополнети и некомплетни пријави без приложените документи кои задолжително се бараат.

(3) Документите од членот 9 на овој Правилник доставени со пријавите на Јавниот повик не се враќаат.

(4) Одлуката за избор на спортските клубови, спортските здруженија, спортистите, другите правни лица од областа на спортот на кои им се дава финансиска поддршка со висина на одобрените средства, ќе биде јавно објавена на веб страната на Општината.

**ПРЕСМЕТКА НА ИЗНОСОТ**

**Примена на коефициентите за определување на износ на финансиска поддршка**

**Член 14**

За потребите на овој Правилник ќе се одвојат финансиски средства во висина утврдена со програмата за спорт на Општина Неготино, а ќе се распредуваат по пат на јавен повик.

Средствата ќе бидат распределени на начин што од вкупниот број на бодови на сите кандидати од ранг листата се прави пресметка на вредноста на 1(еден) бод во парична вредност, а истата во зависност од вкупниот износ на средства кои ќе бидат наменети за распределба врз основа на став 1 од овој член.

По добиената вредност на 1(еден)бод, се определуваат средствата во зависност од тоа кој кандидат колку бодови освоил.

**Член 15**

Конечната листа Претседателот на Комисијата ја доставува до Советот на Општината.

**Член 16**

Листата на избраните кандидати е конечна. Конечната одлука за изборот ја донесува Советот на општината.

**Член 17**

Конечните резултати и гласањето им се достапни на сите членови на Советот на општината, поединци (кандидати) и јавноста, по прогласувањето на најдобрите во спортот во општината.

**РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ**

**Член 18**

(1) Пријавата за финансиска поддршка и Проектната пријава заедно со документите од членот 9 на овој Правилник, треба да се достават во архивата на Општината согласно роковите утврдени во Јавниот повик;

(2) На пликот се става ознака "Пријава за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот во Општина Неготино;

(3) Пријавата заедно со прилозите се доставуваат во еден оригинален примерок, кој треба да биде потпишан и заверен од одговорното лице на подносителот;

(4) Јавниот оглас за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот во Општината трае 15 дена, а се објавува на веб-страницата на Општината.

**Договор за меѓусебните права, обврски и одговорности**

**Член 19**

(1) По конечноста на Одлуката, Општината и избраните корисници склучуваат Договор за
меѓусебните права, обврски и одговорности.

(2) Договорот во име на Општината го склучува градоначалникот на општината.

**Член 20**

Договорот престанува да важи ако:

(1) со одлука на суд или друг државен орган на Корисникот му е изречена забрана за вршење
на дејноста, или изречена казна затвор од најмалку шест месеци;

(2) по писмено барање на корисникот; и

(3) непочитување на обврските од Договорот.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 21**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во Службен гласник на општина Неготино .

**бр.08-977/20**
**27.12.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседавач,**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Буџет на општина Неготино за 2024 година**

Се објавува **Буџет на општина Неготино за 2024 година,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **27.12.2023** година.

**Бр.09- 1012/19**
**29.12.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за извршување на Буџет на општина Неготино за 2024 година**

Се објавува **Одлука за извршување на Буџет на општина Неготино за 2024 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **27.12.2023** година.

**Бр.09- 1012/20**
**29.12.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” број 5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” број 61/04, 96/04, 67/07 и 156/09, 47/11 и 192/15 209/2018), сл.весник на РСМ( 244/2019,53/2021,77/2021), Закон за буџетите (“Службен весник на РМ” број 64/05, 4/08 , 103/08, 156/09 95/10, 180/11, 171/12 , 192/15 167/16 ) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино (“Службен гласник на Општина Неготино” број 3/2006, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на Општина Неготино на седницата бр./ одржана на ден 27.12.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за извршување на Буџетот на општина Неготино за 2024 година**

**Член 1**

Буџетот на општина Неготино за 2024 година (во натамошниот текст Буџетот), ќе се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од:

- Основен Буџет
- Буџет на самофинансирачки активности
- Буџет на донации
- Буџет на дотации
- Буџет на заеми

**Член 3**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да превземаат обврски.

За да се превземат нови обврски до Советот на Општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на Општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи на Буџетот на Општината. Доколку во текот на извршувањето на Буџетот Градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со Буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, предлага до Советот на општината изменување и дополнување на Буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на Општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да изврши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување на Советот на Општината.

Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамки на потпрограма и буџет, не може да бидат намалени повеќе од 20 % со Одлука за прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати , наемнини и надоместоци во рамки на буџетот не може да се зголемат со Одлука за прераспределба повеќе од 10% .

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности; Буџетот на донации, Буџетот на дотации и Буџет на заеми, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства на овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на Општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на Буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за :

- Избраните и именуваните лица бруто платата ќе се исплатува согласно утврдениот коефициент по закон, применет на основа на исплатената просечна месечна плата по вработен во Републиката за претходната година.
- Вредноста на бодот на административните службеници се утврдува со посебна одлука донесена од Советот на општината
- На вработените во ТППЕ како и на вработените по Закон за работни односи ќе им се исплаќа бруто плата согласно Правилникот за плати, надоместоци на плата и други примања на вработените во општинската администрација на општина Неготино, и измените на истиот.

**Член 10**

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2024 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодови утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

**Член 11**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведуваат на следниот начин:

- средства ќе се планираат на сметка- дотации ( 930) , а ќе се извршуваат преку сметката- дотации на локалните јавни установи,

- локалните јавни установи финансирани со блок дотации се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средствата за плати кон кое ќе ги приложат обрасците и копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата.

- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од Буџетот на дотации се должни да достават известување за обезбедени фонансиски средства и да приложат образец М-1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од Буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерството од кое ќе се трансферира блок дотацијата.

Ресорните министерства доставените пресметки за испата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

**Член 12**

Месечниот надоместокот за присуство на седници на членови на Советот изнесува 50% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходна година.

На претседателот на советот , за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30 % од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30 % за секое отсуство од седница на совет.

Месечниот надоместок за присуство на седницата на советот не се исплатува , доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместокот за присуство на седниците не се исплатува , доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

## **Член 13**

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Со одредбите на член 15 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 год е пропишана дневница за службено патување во земјата која се пресметува од часот на тргнувањето на работникот на службеното патување до часот на враќање со превозното средство

-дневници во висина од 700,00 ден ако службеното патување траело повеќе од 12ч.

Дневница во висина од 350,00 ден ако службеното патување траело од 8-12ч.

## **Член 14**

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програма-Општинска администрација – Е0 расходно конто 404110- надомест за годишен одмор на основа донесено решение од Градоначалникот**.**

Висината на надоместокот за годишен одмор се утврдува во износ од 60 % од просечната месечна нето плата во Република Македонија објавена до денот на исплатата.

**Член 15**

Во случај на боледување подолго од шест месеци на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во правниот субјект каде што е вработен од Програмата – Градоначалник-ДО расходно конто – Други надоместоци.

**Член 16**

Користење на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисниците се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавни набавки.

Набавката на стоки и вршење на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискални сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка , при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 17**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите ( постојана и тековна буџетска резерва ) одлучува Советот на општината , а ги извршува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користење на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000,оо денари одлучува Градоначалникот.

**Член 18**

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма- Градоначалник- ДО, односно Н1 и Н2 образование, односно В1 социјална заштита и заштита на деца односно Програмата во која се планирани средства за исплата на оваа намена, во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата.

Во случај на смрт на вработен во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од 30.000,оо денари, во случај на смрт на член на потесно семејство на вработениот му припаѓа парична помош од 15.000,оо денари, а исплата ќе се врши од Програма- Градоначалник- ДО расходно конто 413110- Тековни резерви ( разновидни расходи).

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот.

**Член 19**

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од Програма – Општинска администрација- ЕО расходно конто 464990- Други трансфери на основа донесено решение од Градоначалникот, согласно Правилникот за доделување на Јубилејни награди.

**Член 20**

Средствата утврдени од буџетот и распоредени во пооделните програми , потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 21**

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на општината.

Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства.

Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на РСМ за тековната фискална година, писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација, и

Вработувања за кои се обезбедени средства во основниот буџет на општината за тековната фискална година писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да достават позитивно известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М1.

**Член 22**

Се овластува одделението за Финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

**Член 23**

Средствата утврдени во пооделни Програми донесени од Советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е општината, за реализација на истите градоначалникот

склучува договор со соодветното јавно претпријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот за извршување на доверените работи, стоки и услуги.

**Член 24**

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

**Член 25**

Буџетот на општина Неготино се извршува од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

**Член 26**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Неготино , а ќе се применува од 01.01.2024 година.

**бр.08-977/22**
**27.12.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседавач,**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Буџетски календар за 2024 година**

Се објавува **Буџетски календар за 2024 година** , што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **27.12.2023** година.

**Бр.09- 1012/21**
**29.12.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 27 став 3, 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 61/04, 96/04, 22/07, 67/07 и 156/09, 47/11, 192/15, 209/18) Сл.весник на РСМ (244/19,53/2021,53/2021,77/2021) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино (Службен гласник на Општина Неготино бр. 3/06, 2/11 и 6/11), Советот на општина Неготино на 37 редовна седница одржана на **27.12.2023** година донесе:

## Буџетски календар за 2024 год.

| *Можен датум* | *Буџетски активности - Одговорност* |
|---|---|
| Декември/ Февруари-Март | Советот на општината го донесува,Буџетот,Одлука за извршување на Буџетот,Буџетскиот календар,и други акти согласно Законските прописи. |
| Месечно (секој месец) | Градоначалникот го доставува Буџетот до Министерство за финансии, ги доставува пресметките за плата на Буџетските единки и планови за плата и тековни трошоци |
| Јануари, Април, Јули и Октомври | Градоначалникот до Министертство за финансии доставува квартални планови за извршување на Буџетот на општината |
| Февруари | Одделението за финансии и буџет ги подготвува завршните сметки за секоја сметка која поединечно и Завршна сметка на буџетот на општината за претходната година а Градоначалникот до Советот на општината ја доставува за нејзино усвојување и доставување до Министерство за финансии.Поединечните Завршни сметки се доставуваат до Централен регистар и Државен завос за ревизија. |
| Април, Јули, Октомври и Декември | Одделението за финансии и буџет подготвува квартални извештаи за извршувањето на Буџетот за општината кои што Градоначалникот ги доставува до Министерство за финансии и Советот на општината |
| Април-Мај | Градоначалникот доставува буџетски циркулар со образложение за потребните средства до општинските буџетски корисници |
| Јуни | Општинските буџетски единки ги доставуваат предлог-пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции |
| Јули-Август | Одделението за финансии и буџет врши анализира на доставените предлог-пресметки и ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог - Буџет |
| Август | Разгледување на нови барања и предлози по кои одлучува и дава насоки Градоначалникот |
| 30 Септември | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на Предлог – Буџет за наредната година |
| Октомври | Градоначалникот ги разгледува и одобрува програмите изготвени од пооделните Оделенија,кои се составен дел на Буџетот,го разгледува Предлог – Буџетот подготвен од страна на Одделението за финансии и буџет на општината |
| Ноември | 1. Предлог – Буџетот се доставува до Советот на општината<br>2. Се објавува содржината на Предлог – Буџетот и се дава достапност на јавноста за јавна расправа. |
| Декември | До Советот се доставува конечен Предлог – Буџет од страна на |

| *Можен датум* | *Буџетски активности - Одговорност* |
|---|---|
| | Градоначалникот и Одлука за извршување на Буџетот. |
| Декември | Се води расправа во телата на Советот на општината |
| Крај на Декември | Седница на Советот на општината за донесување на Буџетот за наредната буџетска година и Одлука за извршување на буџетот |
| 1 Јануари | Започнува новата буџетска година |

**бр.08-977/23**
**27.12.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседавач,**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2024 година**

Се објавува **Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2024 година**, што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **27.12.2023** година.

**Бр.09- 1012/22**
**29.12.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административните службеници („Сл.весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 48/15 и 154/15, 142/16, 11/18) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино (,, Сл. гласник на општина Неготино “ ,, бр .3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 12/16, 13/20 и 3/22), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **27.12.2023** година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**За утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2024 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на државните службеници во општинската администрација на општина Неготино за 2024 година изнесува **81,60** денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„Службен гласник на општина Неготино“**, а ќе се применува со исплатата на платата за јануари 2024 година.

**бр.08-977/24**
**27.12.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседавач,**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Правилник за постапката и критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјишта и утврдување просечни цени на градежно и земјоделско земјиште**

Се објавува **Правилник за постапката и критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјишта и утврдување просечни цени на градежно и земјоделско земјиште**, што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **27.12.2023** година.

**Бр.09- 1012/23**
**29.12.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002 година), а во согласност со Уредбата за определување на реонизација на зони на градовите и населените места во РМ бр.19-2164/1 од 02.6.2005 год., членот 5 став 4 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 192/2015 и 23/2016 ) и членовите 1, 2 и 16, став 2 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весник на Република Македонија” број54/2012 ) и членот 1 од Методологијата за изменување на Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весник на Република Македонија” бр. 17/2013 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на **27.12.2023** година го донесе следниот

## П Р А В И Л Н И К
## За постапката и критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјишта и утврдување просечни цени на градежно и земјоделско земјиште

### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјишта во кои спаѓаат: градежното земјиште, земјоделското земјиште, шумите и пасиштата на кои ќе се пресметува данок на имот, данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот (Сл.весници на РМ **61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 54/2012, 17/2013**) донесена од Владата на РСМ.

### Член 2

При утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште се зема во предвид местоположбата(микро и макролокација), планираното односно утврдено право на градење и степенот на уреденост.

За земјоделското земјиште се зема во преддвид видот на земјоделското земјиште, земјоделската култура и класа.

Со оваа одлука се утврдуват просечните цени на градежното и земјоделското земјиште за подрачјето на општина Неготино за 2024 година, а врз основа на просечната цена на извршените купопродажби во 2023година. Истата е во согласност со Одлуката за определување пазарни зони и пресметковни бодови за утврдување на пазарната вредност на згради и други градежни објекти кои се изградени на подрачјето на општина Неготино и разграничувањето по групи на населени места, по катастарски култури и категории на земјиште.

За земјоделското земјиште, како и за градежното земјиште за кое по групи на населени места, по катастарски култури и категории на земјиште нема извршени купопродажби во текот на 2023 г. ниту на подрачјето на општина Неготино ниту на подрачјето на соседните општини, просечната цена е определена врз основа на постигнатите просечни цени во претходните години и таа соодветсвува на реалната пазарна вредност на соодветното земјиште.

**Член 3**

Општина Неготино е поделена на следните зони, по пресметана просечна цена:

**ПРВА ЗОНА** _Најцентралниот дел од градот кој се наоѓа во пресекот на улиците А.А.Илов,,, Јане Сандански,, Маршал Тито,, до ,,Никола Петро,, - ЌЕ СЕ ПРИМЕНУВА 13-ТА ЗОНА ОД ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ ОД МЕТОДОЛОГИЈАТА. ........13.369.оо денари

**ВТОРА ЗОНА** _ централното подрачје на градот од училиштето ,, Страшо Пинџур,, па преку ул.,, Даме Груев,, ја сече ул.,, Ленинова,, се до детската градинка ,, Мајски цвет,, и преку ул.,, Ило Виларов,, оди до спојот со ул.,, Ацо Аџи Илов,, се спушта по истата го сече колекторот и преку кракот на ул.,, Ќиро Крстев,, ја следи целата улица, ја сечи ул,, Фемо Кулаков,,, продолжува по ул.,, Ќиро Крстев,, се до ул.,, Мирче Ацев,,.Продолжува низ ул.,, Мирче Ацев,, се до градскиот стадион.Излегува на ул.,, Маршал Тито,, се до пешачката улица што ги спојува улиците ,, Маршал Тито,, и ,, Питу Гули,,.Ја прати ул.,, Питу Гули,, се до пресекот на ул.,, Гоце Делчев,,, продолжува до ул.,, Димче Мирчев,, се до ул.,, Душан Јуруков,,, потоа продолжува до ул.,, Манчо Малиминов,, па преку кракот на

ул.,, Никола Петров,, доаѓа до ул.,, Маршал Тито,, Ја следи ул.,, Маршал Тито,, и се спушта преку нејзиниот крак до црквата ,, Св.Атанасие,останатиот дел од сите објекти кои излегуваат на улица Маршал Тито.Улица Маршал Тито. Во оваа зона влегува и градежното земјиште и градежните објекти кои се во непосредна близина на ул.,, Индустриска (кои излегуваат на улица Индустриска и покрај тоа што се водат со друга адреса) , како и во непосредна близина на клучката на автопатот Скопје (почнувајќи од автопатот кон автобуската станица_ Неготино) кај Неготино.

- ЌЕ СЕ ПРИМЕНУВА 15-ТА ЗОНА ОД ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ ОД МЕТОДОЛОГИЈАТА...1900,оо денари

**ТРЕТА ЗОНА** _ останатиот дел од станбената зона во градот,како и градежното земјиште кое е во непосредна близина на ул.,, Индустриска,, во Неготино како и во непосредна близина на клучката на автопатот Скопје _ Неготино(под автопатот) кај Неготино. Во оваа зона влегуваат и лозја ниви пасишта и шуми кои граничат со локални регионални и магистрални патишта или пак граничат со градежно земјиште или пак граничат со реката вардар и на местотото кај што е планирано да се градат соларни и фотоволтаични електрани и се од КО Неготино.Во оваа зона влегуваат градежни парцели кои граничат со локалниот пат Неготино-Курија заклучно движејќи се од Неготино до градежна парцела 2420 КО Неготино - ЌЕ СЕ ПРИМЕНУВА 17-ТА ЗОНА ОД ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ ОД МЕТОДОЛОГИЈАТА....... 1 406,00 денари

**ЧЕТВРТА ЗОНА** _ градежно земјиште во Тимјаник, Пепелиште, Криволак, Д.Дисан Тремник, Курија, Црвени брегови, Горни Дисан, Вешје,Џидимирци,Брусник, Калањево, Пештерница, Шеоба и Липа . Во оваа зона влегуваат и лозја ниви пасишта и шуми кои граничат со локални регионални и магистрални патишта или пак граничат со градежно земјиште или пак граничат со реката вардар и на местотото кај што е планирано да се градат соларни и фотоволтаични електрани и се од селските катастарски општини ,во оваа зона влегуваат и земјоделските земјишта од КО Калањево и градежните парцели кои граничат со локалниот пат Неготино –Курија заклучно движејќи се после од градежна парцела 2420 КО Неготино кон село Курија во ова ЌЕ СЕ ПРИМЕНУВА 18-ТА ЗОНА ОД ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ ОД МЕТОДОЛОГИЈАТА...... 168,00 денари

.

**Член 4**

По однос на земјоделското земјиште катастарските општини на подрачјето на општина Неготино се поделение во  4 групи.Параметри за утврдувањето на пазарната вредност на земјоделските земјишта се класата и културата на истите.

ПРВА ГРУПА

| КО | КЛАСА | Вредност по метар квадратен | |
|---|---|---|---|
| | | ниви | лозја(овоштарник) |
| НЕГОТИНО<br>ДУБРОВО<br>ТИМЈАНИК<br>ТРЕМНИК<br>ПЕПЕЛИШТЕ<br>КРИВОЛАК<br>ВОЈШАНЦИ<br>БИСТРЕНЦИ<br>КУРИЈА | | | |
| | 1 | 48 ден. | 70 ден. |
| | 2 | 45 | 65 |
| | 3 | 42 | 60 |
| | 4 | 40 | 55 |
| | 5 | 38 | 50 |
| | 6 | 34 | 40 |
| | 7 | 30 | 35 |
| | 8 | 28 | 30 |

ВТОРА ГРУПА

| КО | КЛАСА | Вредност по метар квадратен | |
|---|---|---|---|
| | | ниви | лозја(овоштарник) |
| Ц.БРЕГОВИ<br>Д.ДИСАН<br>ЏИДИМИРЦИ<br>ГОРНИ ДИСАН<br>ВЕШЈЕ | | | |
| | 1 | 38 ден. | 58 ден. |
| | 2 | 35 | 56 |
| | 3 | 30 | 52 |
| | 4 | 28 | 50 |
| | 5 | 20 | 45 |
| | 6 | 18 | 35 |
| | 7 | 16 | 30 |
| | 8 | 12 | 25 |

ТРЕТА ГРУПА

| КО | КЛАСА | Вредност по метар квадратен | |
|---|---|---|---|
| | | ниви | лозја(овоштарник) |
| БРУСНИК<br>ЛИПА<br>КАЛАЊЕВО | | | |
| | 1 | 18 ден. | 36 ден. |
| | 2 | 16 | 32 |
| | 3 | 14 | 30 |
| | 4 | 12 | 26 |
| | 5 | 12 | 26 |
| | 6 | 12 | 24 |
| | 7 | 12 | 24 |
| | 8 | 10 | 20 |

ЧЕТВРТА ГРУПА

| КО | КЛАСА | Вредност по метар квадратен | |
|---|---|---|---|
| | | нивi | лозја(овоштарник) |
| ПЕШТЕРНИЦА<br>ШЕОБА<br>ЈАНОШЕВО | | | |
| | 1 | 14 ден. | 24 ден. |
| | 2 | 12 | 20 |
| | 3 | 10 | 16 |
| | 4 | 10 | 16 |
| | 5 | 10 | 16 |
| | 6 | 10 | 16 |
| | 7 | 10 | 16 |
| | 8 | 10 | 16 |

**Член 5**

Земјиштата во вид на ПАСИШТА и НЕПЛОДНО се вреднуваат исто како нива од 7 класа во соодветната катастарска општина, а ШУМИТЕ се вреднуваат исто како нивите од соодветната катастарска општина.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во „ Службен гласник на општина Неготино “.

**бр.08-977/25**
**27.12.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседавач,**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

**СОДРЖИНА**

**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 20/2023**

1. **Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Финансиски извештај на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино за периодот од 01.01.2023 до 30.09.2023 година**
2. **Заклучок за усвојување на Финансиски извештај на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино за периодот од 01.01.2023 до 30.09.2023 година**
3. **Заклучок за објавување на Решение за давање согласност на Финансиски план и програма за работа за 2024 година на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино бр. 05-464/1 од 16.11.2023 година**
4. **Решение за давање согласност на Финансиски план и програма за работа за 2024 година на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино бр. 05-464/1 од 16.11.2023 година**
5. **Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Програма за работа на Општинскиот совет на безбедност на сообраќајот на патиштата за 2024 година**
6. **Заклучок за усвојување на Програма за работа на Општинскиот совет на безбедност на сообраќајот на патиштата за 2024 година**
7. **Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Програма за работа на ЈКП Комуналец Неготино за 2024 година**
8. **Заклучок за усвојување на Програма за работа на ЈКП Комуналец Неготино за 2024 година**
9. **Заклучок за објавување на Решение за давање согласност на Одлука бр. 02-838/10 од 25.12.2023 година на УП на ЈП „Комуналец“ Неготино за утврдување на тарифа на вода за пиење и тарифи за собирање и одведување на урбани отпадни води за регулиран период 2024-2026 година**
10. **Решение за давање согласност на Одлука бр. 02-838/10 од 25.12.2023 година на УП на ЈП „Комуналец“ Неготино за утврдување на тарифа на вода за пиење и тарифи за собирање и одведување на урбани отпадни води за регулиран период 2024-2026 година**
11. **Заклучок за објавување на Програма за работа на Советот на општина Неготино за 2024 година**
12. **Програма за работа на Советот на општина Неготино за 2024 година**
13. **Заклучок за објавување на Програма за енергетска ефикасност на општина Неготино за 2024 година**
14. **Програма за енергетска ефикасност на општина Неготино за 2024 година**

15. **Заклучок за објавување на Програма за локален економски развој на општина Неготино за 2024 година**
16. **Програма за локален економски развој на општина Неготино за 2024 година**
17. **Заклучок за објавување на Програма за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2024 година**
18. **Програма за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2024 година**
19. **Заклучок за објавување на Програма за активностите на општина Неготино во областа на образованието во 2024 година**
20. **Програма за активностите на општина Неготино во областа на образованието во 2024 година**
21. **Заклучок за објавување на Програма за активностите на општина Неготино во областа на социјалната заштита за 2024 година**
22. **Програма за активностите на општина Неготино во областа на социјалната заштита за 2024 година**
23. **Заклучок за објавување на Програма за култура, спорт и поддршка на здруженија и фондации во 2024 година во општина Неготино**
24. **Програма за култура, спорт и поддршка на здруженија и фондации во 2024 година во општина Неготино**
25. **Заклучок за објавување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2024 година**
26. **Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2024 година**
27. **Заклучок за објавување на Програма за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2024 година**
28. **Програма за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2024 година**
29. **Заклучок за објавување на Програма за заштита на животната средина на територијата на општина Неготино за 2024 година**
30. **Програма за заштита на животната средина на територијата на општина Неготино за 2024 година**
31. **Заклучок за објавување на Програма за еднакви можности – Родова еднаквост 2024 година**
32. **Програма за еднакви можности – Родова еднаквост 2024 година**
33. **Заклучок за објавување на Програма за активностите на општина Неготино за ревитализација по елиминирање на кризи и во областа на заштита и спасување во 2024 година**

34. **Програма за активностите на општина Неготино за ревитализација по елиминирање на кризи и во областа на заштита и спасување во 2024 година**
35. **Заклучок за објавување на Правилник за финансиска поддршка на спортисти, спортски клубови, спортски здруженија и други правни лица од областа на спортот**
36. **Правилник за финансиска поддршка на спортисти, спортски клубови, спортски здруженија и други правни лица од областа на спортот**
37. **Заклучок за објавување на Буџет на општина Неготино за 2024 година**
38. **Буџет на општина Неготино за 2024 година**
39. **Заклучок за објавување на Одлука за извршување на Буџет на општина Неготино за 2024 година**
40. **Одлука за извршување на Буџет на општина Неготино за 2024 година**
41. **Заклучок за објавување на Буџетски календар за 2024 година**
42. **Буџетски календар за 2024 година**
43. **Заклучок за објавување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2024 година**
44. **Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2024 година**
45. **Заклучок за објавување на Правилник за постапката и критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјишта и утврдување просечни цени на градежно и земјоделско земјиште**
46. **Правилник за постапката и критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјишта и утврдување просечни цени на градежно и земјоделско земјиште**